Република Северна Македонија
Министерство за правда

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА РАЗВОЈНАТА СЕКТОРСКА СТРАТЕГИЈА ЗА ПРАВОСУДСТВО 2024 – 2028 ВО 2025 ГОДИНА

Април 2026

Финансирано од Европска Унија

x

***Забелешка:***

*Овој извештај е финансиран од Европската Унија. Неговата содржина е единствена одговорност на Центарот за меѓународна правна соработка (Center for International Legal Cooperation - CILC) и не нужно ги одразува ставовите на Европската Унија.*

# СОДРЖИНА

ЛИСТА НА КРАТЕНКИ ....6
ИЗВРШНО РЕЗИМЕ ....7
1. Општи податоци за Стратегијата ....7
2. Статус на спроведување на Стратегијата ....7
3. Сумарен преглед по приоритетна област ....7
Препораки по приоритетна област ....9
Клучни предизвици и ризици ....10
I. ВОВЕДНИ ЗАБЕЛЕШКИ ....11
Предмет и цели на Извештајот ....11
Методолошки пристап ....11
Развојна секторска стратегија за правосудство (2024 – 2028) ....12
Поврзаност со други стратешки документи ....13
II. ПРЕГЛЕД НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ....14
Основни податоци ....14
Приоритетна област 1: Судство и јавно обвинителство во согласност со стандардите на ЕУ ....15
Посебна цел 1.1: Зајакнување на независноста и непристрасноста на судството и самостојноста на јавното обвинителство ....16
Посебна цел 1.2: Зголемување на квалитетот на правдата ....25
Посебна цел 1.3: Зајакнување на механизмите за одговорност на лицата кои вршат функции во правосудниот систем ....31
Посебна цел 1.4: Понатамошно зголемување на ефикасноста на правдата ....38
Посебна цел 1.5: Зголемување на транспарентноста во работењето на ССРСМ, СЈОРСМ, судовите и јавните обвинителства ....44
Посебна цел 1.6: Понатамошно зголемување на примената на дигитални алатки од страна на правосудните институции и е-правда ....48
Посебна цел 1.7: Подобрување на пристапот до правда за граѓаните кои живеат во сиромаштија и маргинализираните групи ....54
Приоритетна област 2: Институции на правосудниот систем ....60

Финансирано од Европска Унија

Посебна цел 2.1: Зајакнување на капацитетите на Врховниот суд во обезбедување на единствена на законите од страна на судовите ....... 61

Посебна цел 2.2: Зајакнување на капацитетите и ефикасноста на јавното обвинителство ....... 63

Посебна цел 2.3: Зајакнување на улогата на Советот на јавни обвинители ....... 67

Посебна цел 2.4: Зајакнување на капацитетите на Академијата за судии и јавни обвинители ....... 68

Посебна цел 2.5: Зголемување на ефикасноста и ефективноста на управното судство ....... 71

Посебна цел 2.6: Редефинирање на позицијата на Државното правобранителство во заштитата на државниот имот и имотни интереси ....... 72

Приоритетна област 3: Самостојни професии и јавни служби ....... 74

Посебна цел 3.1: Унапредување на институционалната рамка за вршење на адвокатската дејност ....... 75

Посебна цел 3.2: Зголемување на ефикасноста, дигитализацијата и одговорноста на извршителите ....... 77

Посебна цел 3.3: Воспоставување на предуслови за зголемување на ефикасноста на работата на нотарите во гарантирање на правна сигурност ....... 81

Посебна цел 3.4: Зголемување на употребата на медијација во решавањето на спорови ....... 84

Приоритетна област 4: Реформа на Уставниот суд ....... 87

Посебна цел 4.1: Реформа на уставната рамка на Уставниот суд преку овозможување законско уредување на постапката како и воведување на институтот на уставна тужба (жалба) и зајакнување на капацитетите на Уставниот суд ....... 87

Приоритетна област 5: Реформи во посебни правни области (кривична и граѓанска) ....... 90

Посебна цел 5.1: Обезбедување усогласеност на материјалното и процесното кривично право со стандардите на ЕУ и Советот на Европа ....... 91

Посебна цел 5.2: Кодифицирање на материјалното граѓанско право и воспоставување услови за спроведување на процесното право ....... 96

Спроведување и следење на активностите ....... 99

III. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ВО ОДНОС НА ПОЕДИНЕЧНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ....... 100

Приоритетна област 1: Судство и јавно обвинителство во согласност со стандардите на ЕУ ..... 100
Приоритетна област 2: Зајакнување на капацитетите, ефикасноста и ефективноста на правосудните институции ..... 101
Приоритетна област 3: Самостојни правни професии и јавни служби ..... 101
Приоритетна област 4: Уставен суд на РСМ ..... 102
Приоритетна област 5: Реформи во посебни правни области (кривична и граѓанска) ..... 102
Спроведување и следење на активностите ..... 102
Унапредување на управувањето со ризиците во судовите и јавните обвинителства ..... 103
IV. ПРЕДИЗВИЦИ И РИЗИЦИ ВО ТЕКОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА АКЦИСКИОТ ПЛАН ..... 103
V. ЛИСТА НА МЕРКИ ЧИЕ СПРОВЕДУВАЊЕ ЗАОСТАНУВА ..... 106

# ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| РСМ | Република Северна Македонија |
| ЕУ | Европската Унија |
| ЕК | Европска Комисија |
| ЕКЧП | Европската конвенција за човекови права |
| ЕСЧП | Европски суд за човекови права |
| ГРЕКО | Група на држави против корупција |
| CEPEJ | Европска комисија за ефикасност на правдата |
| ИПА | Инструмент за претпристапна помош |
| ИКТ | Информатички и комуникациски технологии |
| АКМИС | Автоматски Автоматизиран компјутерски систем за управување со судски предмети |
| МП | Министерство за правда |
| ЈОРСМ | Јавно обвинителство на Република Северна Македонија |
| ВСРСМ | Врховен суд на Република Северна Македонија |
| ССРСМ | Судски совет на Република Северна Македонија |
| СЈОРСМ | Совет на јавни обвинители на Република Северна Македонија |
| СВРСМ | Службен весник на Република Северна Македонија |
| ОЈОГОКК | Основно јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција |
| АСЈО | Академија за судии и јавни обвинители |
| АКРСМ | Адвокатска комора на Република Северна Македонија |
| КИРМ | Комора на извршители на Република Северна Македонија |
| НКРСМ | Нотарска комора на Република Северна Македонија |
| ГО | Граѓански организации |
| КЗ | Кривичен законик |
| ЗКП | Закон за кривичната постапка |
| ЗПП | Закон за парничната постапка |
| ЗБПП | Закон за бесплатната правна помош |

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

## 1. Општи податоци за Стратегијата

Развојната секторска стратегија за правосудството 2024–2028 е стратешки документ усвоен од Владата на РСМ за планирање и спроведување на политиките за развој на правосудниот сектор. Стратегијата придонесува во реализацијата на препораките на Европската комисија за владеење на правото, содржани во Извештајот за скрининг за Кластер 1, и адресира препораки од оценските мисии за Судскиот совет. Визијата е **независно, одговорно, транспарентно и достапно правосудство**, отпорно на внатрешни и надворешни влијанија, кое ги штити човековите права и обезбедува владеење на правото. Стратегијата дефинира пет приоритетни области со вкупно 102 мерки и 238 активности. Овој извештај е вториот годишен извештај и го опфаќа периодот до 31.12.2025.

## 2. Статус на спроведување на Стратегијата

Согласно Акцискиот план, во 2025 година требаше да бидат реализирани 116 активности. Од нив 66 се целосно спроведени, 50 се во тек, а 105 не се спроведени. Вкупната стапка на спроведување изнесува **56,90%**, што е за речиси 15 процентни поени повеќе од 2024 година (42,9%). Најголем напредок е остварен во првата и четвртата приоритетна област (над 75%), додека втората и шестата бележат најниска реализација.

| Приоритетна област | Планир. | Спров. | Во тек | Неспров. | Конт. | Стапка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Судство и ЈО | 49 | 40 | 25 | 42 | 11 | **81,63%** |
| 2. Правосудни институции | 12 | 4 | 9 | 15 | 4 | **33,33%** |
| 3. Самостојни професии | 17 | 6 | 8 | 18 | 0 | **35,29%** |
| 4. Уставен суд | 4 | 3 | 2 | 3 | 0 | **75,00%** |
| 5. Кривично и граѓанско право | 27 | 11 | 4 | 18 | 0 | **40,74%** |
| 6. Следење и спроведување | 7 | 2 | 2 | 9 | 2 | **28,57%** |
| **ВКУПНО** | **116** | **66** | **50** | **105** | **17** | **56,90%** |

## 3. Сумарен преглед по приоритетна област

### Приоритетна област 1: Судство и јавно обвинителство (81,63%)

Оваа приоритетна област е со **најголема стапка на реализација** (81,63%). Од 49 активности планирани за завршување до крајот на 2025, спроведени се 40, додека 25 се во тек, а 42 не се започнати. Забележлив е нормативен напредок, особено преку подготовката и предлагањето на нови законски решенија за Судскиот совет, јавното

обвинителство и Советот на јавните обвинители, судската и обвинителската администрација како и судскиот буџет. Дел од законските иницијативи се завршени, дел се во тек. Клучен предизвик кој останува понатаму се буџетите на судската власт (0,28% од БДП) и јавното обвинителство (0,21% од вкупниот буџет) кои остануваат значително под законски утврдениот минимум.

### Приоритетна област 2: Институции на правосудниот систем (33,00%)

Со **стапка од само 33%**, оваа област е со слаба реализација. Од 12 планирани активности, само 4 се спроведени целосно, 9 се во тек, а 15 не се спроведени. Започнат е процесот на дигитализација на дел од правосудните институции со поддршка од ЕУ. Јавното обвинителство и државното правобранителство преку проект обезбедено со софтвер за управување со предмети. Управниот суд работеше на воспоставување систем за електронска достава и комуникација со органите на јавната управа. Сепак предизвиците остануваат. Одобрените капитални расходи за правосудните институции драстично опаѓаат (од 207 милиони денари во 2023 на 85 милиони во 2025). Бројот на нови вработувања во службите на правосудните институции е речиси непостоен. Пополнетоста на систематизираните работни места во правосудните институции е опаднала од 55,33% (2023) на 47,29% (2025).

### Приоритетна област 3: Самостојни професии и јавни служби (35,29%)

Стапката на реализација изнесува **35,29%**. Од 17 планирани активности, спроведени се 6, во тек се 8, а 18 не се спроведени. На ниво на општа цел, ниту еден од законите кои ги уредуваат самостојните професии не е изменет (0%), а степенот на дигитализација останува на „одреден степен“ без мерлив напредок. Адвокатската комора презема чекори кон дигитализација и континуирана едукација. Преку законски измени се воспоставуваат основите за единствен систем за електронско наддавање. Изработен е нацрт-текст за измени на Законот за извршувањето. Процесот на воспоставување електронска достава е во рана фаза. Сите четири мерки поврзани со медијацијата бележат застој.

### Приоритетна област 4: Реформа на Уставниот суд (75,00%)

Стапката на реализација изнесува **75%**, со 3 спроведени од 4 планирани активности. Изработена е сеопфатна анализа за воведување уставна жалба и одржани се стручни расправи. Спроведена е набавка за нов софтверски систем. Кадровската пополнетост се зголеми од 57% на 76%. Сепак, клучниот елемент на реформата, проширување на надлежностите на Уставниот суд и законско уредување на постапката преку воведување уставна жалба, сè уште не е реализиран. Не е формирана експертската комисија за водење на процесот.

### Приоритетна област 5: Кривично и граѓанско право (40,74%)

Стапката на реализација е **40,74%**. Од 27 активности планирани за 2025, спроведени се 11, во тек се 4, а 18 не се спроведени. Во рамки на оваа област се воспоставени основите за системот за обесштетување на жртвите од кривични дела (Комисија за паричен надоместок) иако бројот на жртви кои го оствариле ова право е мал. Реформиран е системот за правда за деца. Изработена е работна верзија на нов Кривичен законик и нов Закон за кривична иако се забележува застој во однос на донесувањето на овие два закони. Воспоставена е нормативна рамка за управување со конфискуван имот. Индексот на владеење на правото за кривичната правда е подобрен (од 0,44 на 0,46). Кај граѓанското законодавство (Граѓански законик и измени на ЗПП) исто така не се реализирани.

Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

## Препораки по приоритетна област

**Приоритетна област 1:** Имајќи предвид дека донесувањето на Законот за административните службеници во јули 2025 го зацврсти статусот на судските службеници во административната служба, се препорачува преиспитување на новодонесената законската рамка заради изземање на судските и ЈО службеници од овој статус (Мерка 1.1.3), доколку мерката останува стратешки приоритет. Неопходно е итно воспоставување на стратешки пристап за надградба или замена на системот за управување со судски предмети (АКМИС), со координација меѓу Врховниот суд, Министерството за правда и Советот за ИКТ (Мерка 1.6.1). За бесплатната правна помош, потребна е одлука дали системот ќе се централизира при едно тело (Мерка 1.7.2). Се препорачува спроведување на матрицата за следење на перформансите во судството (Мерка 1.4.5) преку ангажман со меѓународни организации или локални граѓански организации, со оглед на тоа дека методологијата е веќе разработена. Потребна е и доследна примена на членот 11 од Законот за бесплатна правна помош за поддршка на здруженија и правни клиники (Мерка 1.7.6).

**Приоритетна област 2:** Се препорачува преиспитување на оправданоста и изводливоста на мерката за обезбедување посебни простории за ЈО надвор од судските згради (Мерка 2.2.4), имајќи ги предвид ограничените ресурси и недостапноста на соодветни простории во државна сопственост. Потребно е донесување одлука дали мерката за оценување на ЈО од страна на Советот на ЈО е сè уште релевантна (Мерка 2.3.1). За интегрирање на управното судство во редовното (Мерка 2.5.2), неопходно е да се донесе одлука за отпочнување на процесот и да се идентификуваат целите на оваа реформа.

**Приоритетна област 3:** Речиси сите планирани мерки за извршување и нотаријат бараат законски измени. Се препорачува при отворањето на матичните закони да се земат предвид мерките од Стратегијата. Реформските процеси за медијација (Посебна цел 3.4) се практично во застој, што создава ризик досегашните вложувања да останат без ефект. Неопходна е јасна и одлучна позиција на повисоко институционално ниво за идниот развој на медијацијата, итно рестартирање на процесите во координација со Националниот совет за медијација и Комората на медијатори, со фокус на институционална и финансиска поддршка.

**Приоритетна област 4:** Врз основа на изработените анализи и стручните расправи, се препорачува донесување одлука за уставната можност за закон кој ќе ја уреди работата на Уставниот суд и за воведување уставна жалба (Мерка 4.1.1). Еден од модалитетите е формирање Комисија составена од експерти по уставно право и судии на Уставниот суд, која ќе обезбеди информирана и уставно издржана одлука.

**Приоритетна област 5:** Регулирањето на меѓународната соработка во кривичната материја со земјите-членки на ЕУ (Мерка 5.1.6) е условено со претходно донесување на ЗКП; се препорачува оваа мерка да се работи во текот на 2028 година. Потребно е ревидирање на оправданоста на активностите во Мерка 5.2.4 (Изборен законик, Закон за финансирање политички партии), бидејќи не се работи за закони од областа на правосудството.

**Следење и спроведување:** Се препорачува формирање на Работната група за координација (Мерка 6.1.2) со претставници на сите правосудни органи, која ќе ги координира меѓузависните мерки, ќе ги идентификува надворешните ризици и ќе ја задржи динамиката. Потребни се квартални прегледи на статусот и редовни седници на Советот за следење на реформите (Мерка 6.1.3). Министерството за правда треба да придонесе во комуникација со истражувачки институти заради спроведување анкетни истражувања неопходни за мерење на влијанието од реформите (Мерка 6.1.4).

## Клучни предизвици и ризици

**1. Недоволна меѓуинституционална координација.** При планирањето на буџетот за 2025 не беа земени предвид барањата на судската власт и ЈО. Законите за административни службеници донесени од Министерството за јавна администрација е потребно да се усогласени со целите на Стратегијата за издвојување на судската служба. Неопходно е Стратегијата да се третира како основен референтен документ при креирање политики кои влијаат врз правосудните институции.

**2. Недоволно финансирање.** Судската власт и ЈО имаат загарантиран буџетски минимум утврден со закон, но и во 2025 не им беа одобрени неопходните ресурси. Капиталните инвестиции за дигитализација се недоволни, а одобрените капитални расходи за правосудните институции опаднаа на 85 милиони денари. Неопходно е обезбедување средства барем за капитални инвестиции поврзани со дигитализацијата.

**3. Недостаток на стручен кадар.** Правосудните органи се соочуваат со недостиг на кадар и со потреба од стручно оспособување за дигитализација. Пополнетоста на работните места опаднала на 47%. Неопходен е план за приоритетни вработувања и негово доследно спроведување.

**4. Отсуство на работно тело за координација.** Невоспоставувањето на работно тело го отежна следењето и создава впечаток дека Стратегијата е документ само на извршната власт, а не и на правосудните институции. Концептот сега е разработен.

**5. Недоволна комуникација со јавноста.** Потребно е воспоставување на план за комуникација, со оглед на тоа дека беше реализирана само средбата на секторската работна група во декември 2024, други активности за информирање на јавноста и чинителите не беа спроведени. Ова влијае негативно врз перцепцијата дека не се преземаат реформи.

**6. Неусогласеност на рокови.** Реформската агенда 2024–2027 за исти активности предвидува различни рокови од Стратегијата.

**7. Недоволно анкетни истражувања.** Ниту во 2024 ниту во 2025 не се спроведени анкетни истражувања на судии и јавни обвинители за притисоци и влијанија, што оневозможува мерење на ефектите од реформите. Министерството за правда треба да преземе улога во соработка со истражувачки институти и тинк-тенкови.

Финансирано од
Европска Унија

# I. ВОВЕДНИ ЗАБЕЛЕШКИ

## Предмет и цели на Извештајот

Овој извештај содржи детален преглед и анализа на постигнатиот напредок во спроведувањето на ***Развојната секторска стратегија за правосудство 2024 – 2028***[1] (Стратегијата) во текот на 2025 година. Извештајот е изработен во рамки на проектот *Поддршка на ЕУ за владеење на правото* за потребите на Министерството за правда на Република Северна Македонија.

Извештајот се фокусира на два клучни елементи. Од една страна го оценува напредокот постигнат во остварување на поставените општи и посебните цели како и предвидените мерки, врз основа на однапред поставена рамка на квалитативни и квантитативни показатели *(индикатори).* Од друга страна, Извештајот го презентира статусот на спроведувањето на планираните активности од Акцискиот план кон Стратегијата.

Како втор годишен извештај овој документ дава непосреден увид во динамиката на спроведувањето на активностите, оценува дали се остваруваат зададените цели како и ги идентификува и опишува проблемите и предизвиците кои се забележани при спроведувањето на одделните мерки. Препораките и заклучоците од овој Извештај може да се употребат при процесот на планирање и спроведување на Стратегијата во следниот период на нејзино спроведување.

Извештајот е изработен во согласност со ***Упатството за структурата, содржината и начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските и мулти-секторските стратегии***[2] (Во понатамошниот текст Упатството од 2022).

## Методолошки пристап

### *Прибирање на податоци*

За потребите од изработка на овој извештај беа прибрани податоци од водечките институции кои согласно Акцискиот план се определени да ги спроведат поединечните активности. За секоја активност беа побарани следниве податоци: **а.** Самооценка на степен на извршување на активноста (спроведено, во тек, неспроведено и континуирана активност), **б.** наративен опис на статусот со спроведување на активноста како и **в.** проблеми и предизвици во врска со спроведувањето на активноста. Дополнително беа побарани и податоци и во однос на показателите на ниво на резултат, исход и ефект. Статистичките податоци беа прибирани непосредно од имателите на информациите или од нивните годишните извештаи.

### *Анализа на податоците*

По прибирањето, прибраните податоци беа внесени во електронска дата база при што беше извршена нивна валидација (проверка), до степен до која таа беше можна, врз основа на доставени или јавно достапни документи за поткрепа.

---

[1] Развојната секторска стратегија за правосудство 2024 – 2028.
[2] Упатството за структурата, содржината и начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските и мулти-секторските стратегии (Службен весник на РСМ“ бр.122/22).

***Легенда: Статус на спроведување на активност***

| Статус | Опис |
|---|---|
| **Спроведена** | Активноста е спроведена заклучно со крајот на извештајниот период. Во случај да се работи за активност која има постојан карактер и за која е предвидено да се спроведува во текот на целиот период, а не произлегува од изречна законска надлежност, се оценува дали активноста е спроведена во годината предмет на извештајот. |
| **Во тек** | Во текот на извештајниот период се преземени одредени чекори за спроведување на активноста меѓутоа таа не е целосно спроведена |
| **Не е спроведена** | Не се спроведени никакви чекори за спроведување на активноста во текот на извештајниот период |
| **Континуирана активност** | Се работи за редовна активност, која произлегува од законската надлежност на институцијата/телото и која се врши на редовна основа. |

Стапката на спроведување на Стратегијата се изразува во проценти и претставува количник од вкупниот број на спроведени активности од донесувањето на Стратегијата со вкупниот број на планирани активности кои согласно Акцискиот план требале да се спроведат заклучно со истекот на извештајниот период (за овој Извештај 31.12.2025).

$$\text{Стапка на спроведување} = \frac{\text{Вкупен број спроведени активности од 1.1.2024 до 31.12.2025}}{\text{Вкупен број активности кои требало да се спроведат од 1.1.2024 до 31.12.2025}} \times 100$$

***Ограничување***

Иако беа вложени напори за прибирање на податоците за одредени показатели (индикатори), пристапот до нив беше отежнат поради тоа што релевантните институции не располагаат со податокот или не го обработуваат на начин кој е соодветен. Од друга страна пак за одредени индикатори кои бараат прибирање и обработка на податоци (пр. анкети или фокус групи) не беа спроведени истражувања во оваа година.

# Развојна секторска стратегија за правосудство (2024 – 2028)

Развојната секторска стратегија за правосудството 2024 – 2028 година е стратешки документ усвоен од Владата на Република Северна Македонија заради утврдување, планирање и спроведување на политиките за натамошен развој на правосудниот сектор. Стратегијата придонесува во реализацијата на препораките на Европската комисија за натамошен развој на владеењето на правото, судскиот систем и основните вредности и темелните права. Стратегијата има за цел особено да ги адресира прашањата од страна на Европската комисија содржани во Извештајот за скрининг за Кластер 1 во однос на судството како и препораките од неколкуте спроведени оценски мисии кои се однесуваат на Судскиот совет на РСМ, обуката за судии и јавни обвинители, управната правда и извршувањето.

Визијата на Стратегијата е независно, одговорно, транспарентно и достапно правосудство, отпорно на внатрешни и надворешни влијанија, кое ги штити човековите права и обезбедува владеење на правото на ефикасен начин. Стратегија идентификува

пет посебни приоритетни области. Секоја од приоритетните области иако се меѓусебно поврзани и придонесуваат кон остварувањето на визијата, бара посебен пристап и различни мерки. За секоја од приоритетните области, Стратегијата предвидува низа на посебни цели, кои придонесуваат кон остварување на општата цел.

## Поврзаност со други стратешки документи

Стратегијата е непосредно поврзана и хиерахиски субординирана над *Стратегијата за ИКТ во правосудството 2019 – 2024 година* како и на *Стратегијата за човечки ресурси во судската мрежа* и *Стратегијата за човечки ресурси во јавнообвинителската мрежа* чии периоди на спроведување се завршени. Особено значајна е поврзаноста на оваа Стратегија со *Реформската агенда 2024 – 2027* донесена од Владата на РСМ[3] а како дел од процесот на Инструментот за реформи и раст на Западниот Балкан на Европската Комисија. Во рамки на Реформската агенда се предвидени реформи кои во значителна мерка се опфатени и во Стратегијата.

Во помала мера, Стратегијата е поврзана и со *Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025*, *Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Северна Македонија 2021 – 2025* година во однос на казненото право, како и со Стратегијата за Реформа на Јавната Администрација 2023 - 2030 во однос на управната правда. Стратегијата има за цел особено да ги адресира прашањата од страна на Европската комисија

[3] Реформска агенда на Северна Македонија за 2024 – 2027.

# II. ПРЕГЛЕД НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ

## Основни податоци

Акцискиот план кон Стратегијата предвидува спроведување на 238 активности заради остварување на 102 мерки. Во 2025 требаше да бидат реализирани 116 активност. Од нив 66 се целосно спроведени, во тек е спроведувањето на 50 активности , а не се спроведени 105 активности. 17 активност се сметаат за континуирани активности, односно активности кои произлегуваат од законските надлежности на институциите. Стапката на спроведување на Стратегијата како соодноc помеѓу активностите кои требало да бидат завршени во текот на 2025 и спроведените активности изнесува 56.90% што е за речиси 15 процентни поени повеќе отколку во 2024.

Набљудувано по прироритетна област се забележува значителна разлика во однос на стапката на спроведување. Најголем напредок се забележува во првата и четвртата приоритетна област каде стапката на реализација надминува 70% додека кај втората приоритетна област и кај следењето и спроведувањето таа е најмала.

***Преглед на статус на спроведени активности во 2025***

| Приоритетна област | Мерки | Активности | Планирани да завршат во 2025 | Спроведени | Во тек | Неспроведени | Континуирани | Стапка на спроведени активности |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1. Судство и ЈО со ЕУ стандарди** | 44 | 118 | 49 | 40 | 25 | 42 | 11 | 81.63% |
| **2. Капацитети на правосудни институции** | 20 | 32 | 12 | 4 | 9 | 15 | 4 | 33.33% |
| **3. Јавни служби и самостојни професии** | 22 | 32 | 17 | 6 | 8 | 18 | 0 | 35.29% |
| **4. Уставен суд** | 2 | 8 | 4 | 3 | 2 | 3 | 0 | 75.00% |
| **5. Кривично и граѓанско право** | 10 | 33 | 27 | 11 | 4 | 18 | 0 | 40.74% |
| **6. Следење и спроведување** | 4 | 15 | 7 | 2 | 2 | 9 | 2 | 28.57% |
| **ВКУПНО** | **102** | **238** | **116** | **66** | **50** | **105** | **17** | **56.90%** |

Детален статистички преглед за секоја приоритетна област е презентирал подолу во Извештајот додека детална табела со преглед на сите активности е приложена како Анекс кон овој извештај.

Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

# Приоритетна област 1: Судство и јавно обвинителство во согласност со стандардите на ЕУ

Целта на оваа приоритетна област е зајакнување на владеењето на правото преку унапредување на независноста на судството и самостојноста на јавното обвинителство, обезбедување на ефикасност и ефективност на правосудниот систем во согласност со стандардите на ЕУ. Во рамки на оваа приоритетна област Стратегијата дефинира една општа, седум посебни цели и мерки неопходни за обезбедување на целосна усогласеност на судството и јавното обвинителство со правото на ЕУ.

## *Општа цел 1: Зголемување на нивото на подготвеност на земјата за примена на правото и стандардите на ЕУ во областа на судството и јавното обвинителство*

| Показател на ниво на ефект | Основна вредност (2023) | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Ниво на подготвеност на Северна Македонија во областа на правосудството во процесот на пристапување во ЕУ | Помеѓу одредено и умерено ниво на подготвеност | Помеѓу одредено и умерено ниво на подготвеност | Помеѓу одредено и умерено ниво на подготвеност |
| Индекс на владеење на правото (WJP Rule of Law Index) | 0.53 | 0.53 | 0.54 |
| Процент на граѓани од општата популација кои имаат целосна или делумна доверба во судството утврден или кои сметаат дека судството е независно во анкетно истражување | 4 % целосна, 19 % делумна (IRI, 2022);[4]<br>5% целосна, 4% делумна (Евротинк, 2024);[5]<br>3% целосна, 14% делумна (CoE, 2022);[6] | 0.6 % целосна, 11.7% делумна (ИСППИ 2024)[7] | 5 % целосна, 23 % делумна (Еуро Барометар, 2025)[8]<br>2.8% целосна, 10.7% делумна (МЦМС, 2025)[9] |
| **Оцена за остварување на општата цел:**<br>Спроведувањето на општата цел е ограничено и нерамномерно. Забележлив е одреден напредок во делот на законодавната активност, особено преку подготовка и делумно донесување на нови законски решенија поврзани со Судскиот совет, Јавното обвинителство и Советот на јавните обвинители. Кај дел од мерките не е започнато со нивното спроведување (на пр. дел од мерките за воедначување на статистиката, дигитализација, ИКТ стратегијата, системи за управување со предмети и реформи во областа на бесплатната правна помош), што укажува на ограничена динамика во реализацијата на реформите. Оттука, иако постои одредено нормативно поместување, потребна е значителна и дополнителна заложба. | | | |

[4] Национална анкета на Северна Македонија септември – октомври 2022 година . Меѓународен републикански институт. Октомври 2022
[5] Еврометар – Перцепција и ставови на граѓаните на Република Северна Македонија за работата на полицијата . Евротинк. февруари 2024 година.
[6] Патишта до правдата во Северна Македонија. Совет на Европа. 2023 година.
[7] Компаративно истражување на изборни системи. Институт за социолошки и политичко-правни истражувања. 2025. 46-47
[8] Perceived independence of the national justice systems in the EU and selected enlargement countries among the general public, Северна Македонија. Истражувањето е спроведено во периодот 13.1 до 2.2. 2025.
[9] Извештај за проценка од корупцијата во Северна Македонија 2025, Македонски центар за меѓународна соработка, 31.

Во рамки на оваа приоритетна област од вкупно планираните 118 активности, 49 беа предвидени да бидат спроведени најдоцна до 31.12.2025. Вкупно спроведени се 41, во тек е спроведувањето на 25, а 42 активности не се започнати со спроведување. Во овој период беа спроведени и 12 континуирани активности.

***Стапката за имплементација за оваа приоритетна област е релативно висока и изнесува 81.63%.***

***Преглед на исполнувањето на активностите по посебна цел***

| Посебна цел | Мерки | Вкупно активности | Активности до 2025 | Спроведени | Во тек | Не спроведени | Континуирани |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1 Зајакнување на независноста и непристрасноста на судството и самостојноста на јавното обвинителство | 6 | 23 | 11 | 12 | 3 | 5 | 2 |
| 1.2 Зголемување на квалитетот на правдата | 5 | 13 | 2 | 3 | 5 | 3 | 2 |
| 1.3 Зајакнување на механизмите за одговорност на лицата кои вршат функции во правосудниот систем | 7 | 21 | 10 | 11 | 3 | 5 | 2 |
| 1.4 Понатамошно зголемување на ефикасноста на правдата | 8 | 20 | 4 | 2 | 6 | 11 | 1 |
| 1.5 Зголемување на транспарентноста во работењето на ССРСМ, СЈОРСМ, судовите и јавните обвинителства | 3 | 12 | 4 | 6 | 1 | 3 | 2 |
| 1.6 Понатамошно зголемување на примената на дигитални алатки од страна на правосудните институции и е-правда | 9 | 16 | 9 | 1 | 6 | 9 | 0 |
| 1.7 Подобрување на пристапот до правда за граѓаните кои живеат во сиромаштија и маргинализираните групи | 6 | 13 | 9 | 5 | 1 | 6 | 1 |
| **ВКУПНО** | 44 | 118 | 49 | 40 | 25 | 42 | 11 |

## Посебна цел 1.1: Зајакнување на независноста и непристрасноста на судството и самостојноста на јавното обвинителство

| Показател на ниво на исход | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Процент на судии и јавни обвинители кои пријавиле притисоци и недозволени влијанија врз нивната работа во анкетно истражување | Судии: 33%; Јавни обвинители: 28% (ОБСЕ, 2023);[10] | Не се спроведени истражувања во 2024 | Не се спроведени истражувања во 2025 |

[10] Проценка на ризикот од корупција на судството во Северна Македонија . Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Јуни, 2023 година.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Степен на ограничување на извршна власт од страна на судовите ***(WJP Rule of Law Index)***[11] | 0,32 | 0,32 | 0,33 |
| Буџет на судската власт изразен како процент од БДП | 0,31% (Буџет, 2024) | 0,31% (Буџет, 2025) | 0,28% (Буџет 2026 |
| Буџет на јавното обвинителство изразен како процент од вкупниот буџет | 0,24% (Буџет, 2024) | 0,22% (Буџет, 2025) | 0,21 (Буџет, 2026) |

**Оцена на остварување на посебната цел:**

Согласно показателите на ниво на исход не можеме да увидиме промена во однос на остварувањето на оваа посебна цел. Буџетите на судската власт и јавното обвинителство и понатаму се под законскиот минимум. Анкетни истражувања врз судии и јавни обвинители не се спроведени меѓутоа севкупниот општествен контекст и поларизацијата во корелација со најскорешните истражувања на јавното мислење за перцепцијата за независност упатуваат на истиот заклучок дека на ниво на исход не може да се забележи промена.

***Мерка 1.1.1***

***Зајакнување на законските гаранции за независно и самостојно располагање (управување) со судскиот буџет, утврден во согласност со бруто домашниот производ (БДП) утврдени во закон (0,8%) вклучувајќи и спроведување на централизирани набавки***

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност (2023) | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Изготвена анализа на систем за управување со судскиот буџет | 0 | Изготвена анализа за судскиот буџет | Изготвена анализа за судскиот буџет |
| Донесени закон за измени и дополнувања на Законот за судскиот буџет и Закон за буџетите со кои ќе се зајакне финансиската независност на судската власт | 0 | Не се донесени законските измени | Не се донесени законски измени |
| Воспоставен систем за спроведување на централизирани набавки за потребите на судовите | Не постои систем за централизирани набавки | Не постои систем за централизирани набавки | Не постои систем за централизирани набавки |

**Оцена за спроведување на мерката:**

Показателите на ниво на резултат упатуваат на заклучокот дека во 2025 година нема промена во однос на статусот на реализација на оваа мерка. Клучните законски измени кои се неопходни за зајакнување на гаранциите за независно и самостојно располагање со судскиот буџет во 2025 година не се изменети, но рокот за нивното спроведување е во 2026 година. При подготовката на буџетот за 2026 не беа земени во предвид барањата на судската власт за зголемување на средствата за работа.

**1.1.1-1 Анализа на системот за управување со судскиот буџет (Рок: III квартал 2024 - IV квартал 2024) - Статус: Спроведена во претходниот извештаен период**

**1.1.1-2. Измени и дополнувања во Законот за Судскиот буџет (Рок: I квартал 2025 - I квартал 2026) – Статус: Во тек**

Во мај 2025, Министерството за правда предложи постојната работната група која работеше на изработка на измените и дополнувањата на Законот за Судскиот совет да работи и на измени и дополнувања на Законот за судскиот буџет. На 31.10.2025 беше

[11] Извор: https://worldjusticeproject.org/rule-of-law-index/

донесено ново решение за формирање на работна група за изменување и дополнување на Законот за Судскиот буџет од 31.10.2025 година. Работната група одржа четири состаноци во ноември и во завршна фаза е предлогот за изменување и дополнување на Законот за судскиот буџет. Предложените измени се во насока на зајакнување на гаранциите на судството за независен и самостоен буџет.

**1.1.1-3 Измена и дополнување на Законот за буџетите (Рок: I квартал 2025 - I квартал 2026) – Статус: Не е спроведена**

Во текот на оваа година не беше започнат процес за измена и дополнување на Законот за буџетите. Измените на Законот за буџети се неопходни заради заштита на независноста на Судскиот буџетски совет кој во случај на потреба од прераспределба во рамки на веќе одобрениот буџет мора да бара претходно одобрение од Министерството за финансии.[12] Дополнително, во Законот за буџети е наведено дека пред да започне процесот за секое конкретно вработување, буџетскиот корисник мора да побара информација од Министерството за финансии дали во буџетот се обезбедени средства за оваа работна позиција што исто така ја ограничува независноста на Судскиот буџетски совет.[13]

**1.1.1-4 Зајакнување на кадровските и техничките капацитети на Судскиот буџетски совет (Рок: III квартал 2025 – IV квартал 2027) – Статус: Не е спроведена**

Во текот на 2025 не се реализирани вработувања во стручната служба на Судскиот буџетски совет ниту пак се преземени мерки за зајакнување на техничките капацитети.

**1.1.1-5 ССРСМ е континуирано и активно вклучен во сите фази во буџетскиот процес во соработка со МФ и се грижи за потребите на судовите (Рок: Континуирана активност) – Статус: Во тек**

Согласно Законот за судскиот буџет, Судскиот буџетски совет чиј претседател е претседателот на Судскиот совет го предлага буџетот за судовите меѓутоа сепак побараниот износ од 0,52 % (под законскиот минимум) од БДП не беше одобрен при планирањето на буџетот за 2026 година. Одобрените средства се движат околу 0.28% од БДП. Значителен предизвик останува неостварувањето на законски уредениот минимум на судскиот буџет како и зависноста во однос на вработувањата во судството од органите на државната управа.

### *Мерка 1.1.2*

***Зајакнување на законските гаранции за независно и самостојно располагање (управување) со јавно обвинителскиот буџет, утврден во согласност со закон (0,4% од БДП)***

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Изготвена анализа на систем за управување со буџетот на јавното обвинителство | 0 | Изготвена анализа за буџетот на ЈО | Изготвена анализа за буџетот на ЈО |
| Донесени измени и дополнувања на Законот за јавното обвинителство и Законот за буџетите со кои ќе се зајакне финансиската самостојност на јавното обвинителство | 0 | Не се донесени законски измени | Не се донесени законски измени |

[12] Закон за буџетите, чл. 33 ст. 2.
[13] Закон за буџетите, чл. 51, ст. 5 и 6.

Финансирано од Европска Унија

| |
|---|
| **Оцена за спроведување на мерката:**<br>Иако беа преземени чекори за спроведување на мерката, особено преку подготвените предлог-измени во рамки на новиот Закон за јавното обвинителство (ЗЈО), со одредени подобрувања во однос на процедуралната буџетска автономија, сепак, законските измени сè уште не се донесени. Дополнително, заради неодобрување на нови вработувања, не се преземени активности за кадровско и техничко зајакнување на капацитетите на Јавното обвинителство што има негативен ефект за планирање и управување со буџетските средства. |

**1.1.2-1 Анализа на системот за финансирање на јавното обвинителство (Рок: III квартал 2024 - IV квартал 2024) - Статус: Спроведено во претходниот извештаен период.**

**1.1.2-2 Подготвување на предлог измени и дополнувања на ЗЈОРСМ, Закон за буџетите (Рок: I квартал 2025 - I квартал 2026) – Статус: Спроведено**

Во текот на 2025 работна група во рамки на Министерството за правда работеше на изработка на нов Закон за јавното обвинителство. Во Предлог-законот за јавното обвинителство и во Предлог-законот за Советот на јавните обвинители внесени се предлози за зајакнување на законската рамка за буџетот на ЈО. Предлозите на законите беа објавени на ЕНЕР, добиено беше и мислење од Венецијанска Комисија. Предлог законот за ЈО кој беше објавен на ЕНЕР содржеше суштински зајакнувања на законската рамка за финансиската автономија на обвинителството преку утврдување дека Јавното обвинителство самостојно го утврдува и располага со буџетот и одлучува за распределбата и прераспределбата на средствата, што претходно не беше изрично предвидено.

| |
|---|
| *Забелешка: Иако и во оваа активност се наведува потребата од измена на Законот за буџети, сепак имајќи во предвид дека статусот на нејзиното спроведување е веќе оценет во 1.1.1-3, во оваа активност не даваме оценка на нејзиното спроведување.* |

**1.1.2-3 Донесување на законски измени (I квартал 2025 - I квартал 2026) – Статус: Во тек**

На 30.12.2025 Владата условено го усвои текстот на предлогот на Закон за јавното обвинителство со барање на одредени усогласувања. Текстот на предлог законот беше утврден на 27.01.2026 и доставен до Собранието на 06.02.2026. Во моментот текстот е во собраниска процедура.

**1.1.2-4 Кадровско и техничко зајакнување на капацитетите за управување со средствата (III квартал 2025 - IV квартал 2027) – Статус: Не е спроведено**

Во 2025 не се преземени активности за зајакнување на човечките и техничките ресурси за управување со средствата во Јавното обвинителство на РСМ. Посебни средства за таа намена не се одобруваат иако континуирано има одлив на кадар по различни основи.

### *Мерка 1.1.3*

### *Изземање на судските и јавно обвинителските службеници од статусот на административни службеници*

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Донесени законски измени со кои судските и ЈО службеници не се сметаат повеќе за адм. Службеници | 0 | Не се донесени | Не се донесени законските измени |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | законските измени | |

**Оценка за спроведувањето на мерката:**
Иако во текот на 2025 Министерството за правда изработи нацрт текстови за нови закони со кои се уредува судската и јавно обвинителската служба насочени кон зајакнување на независноста и автономијата во управувањето со човечките ресурси, два закони кои беа донесени во 2025 година Законот за административните службеници и Законот за вработените во јавниот сектор, двата донесени во јули 2025, судските и јавно обвинителските службеници согласно кој се дел од административните службеници.

Со ***Законот за административните службеници*** донесен во јули 2025 беа воведени неколку новини. Службениците кои работат на предмети, изготвуваат одлуки, вршат стручни анализи и други правни работи се квалификуваат како „посебни државни службеници“.[14] За оваа категорија целосно се применуваат правилата од Глава 3 и 5.[15] Можност за примена за посебен закон постои само ако одредено прашање не е уредено со Законот за административните службеници. За останатиот административен персонал законот се применува во целост. Со новиот закон се воведе и општ услов за полагање испит за административни службеници како предуслов за вработување, применлив и за службениците во судството и јавното обвинителство иако веќе постојат специјализирани испити предвидени со законите за судска и обвинителска администрација, а за повисоки позиции се бара и положен правосуден испит.[16]

Паралелно со новиот ***Закон за вработени во јавниот сектор*** од јули 2025 се утврди дека неговите одредби имаат приоритет. Новото законско решение предвидува актите за внатрешна организација и систематизација на работните места да се донесуваат со претходна согласност од Министерството за јавна администрација и се задржува обврската годишните планови за вработување да добијат согласност од Министерството за јавна администрација.[17]

**1.1.3-1 Изработка на предлог закони за измена и дополнување на законите за административните службеници, судска служба и за јавно обвинителска служба (Рок: III квартал 2024 - IV квартал 2024) - Статус: Спроведено**

Две одделни работни групи во текот на 2025 изработија предлози на закони за измени и дополнувања на ***Законот за судска служба*** и ***Законот за јавно обвинителска служба*** кои беа објавени на ЕНЕР во март односно јуни 2025. Со нацртот на Законот за судската служба се изземаа судските службеници од статусот на административни службеници, прошири надлежноста на Советот на судската служба, се скрати рокот за согласност за годишниот план на вработување, се предложи нов модел на пресметка на плати и надоместоци.[18] Со нацртот на Законот на јавно обвинителска служба на идентичен начин се замени моделот според кој јавно обвинителските службеници имаат

[14] Закон за административните службеници, Службен весник бр. 144/25, чл. 6.
[15] Глава 3 ги уредува условите и класификацијата на работните места за административните службеници додека Глава 5 ги воспоставува правилата за вработување на административните службеници.
[16] Закон за административните службеници, Службен весник бр. 144/25, чл. 16 ст. 2.
[17] Закон за вработените во јавниот сектор, Службен весник бр. бр. 144/25, чл. 37 ст. 3 и чл. 40.
[18] Единствен национален електронски регистар на прописи. Закон за судска служба објавен на 28.03.2025.

Финансирано од Европска Унија

статус на административни службеници и се воведува посебен вид државни службеници, со што службата се издвојува од општиот административен систем и се приближува кон правосуден модел. Исто така беа предвидени мерки за поголема институционална автономија во организацијата и управувањето со човечките ресурси, редефинирање на кариерниот и системот на унапредување, намалување на административните бариери при вработување, прилагодување на квалификациските услови кон специфичностите на правосудната работа и создавање функционален систем за професионален развој на кадарот.[19]

**1.1.3-2 Донесување на законски измени за измена и дополнување на законите за адмиинистративните службеници, судска служба и за јавно обвинителска служба** (Рок: I квартал 2025 - II квартал 2025) **Статус: Не е спроведено**

Изработените предлог закони се доставени до Владата на понатамошно постапување меѓутоа постапката е во застој.

### *Мерка 1.1.4*

***Реформирање на постапка за избор на членови на Судскиот совет и Советот на јавни обвинител од редот на судите/обвинителите со неопходен цензус/мнозинство, а од Собранието со транспарнетна и инклузивна постапка***

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Донесени измени и дополнувања на Законот за Судскиот совет со кои се воспоставува задолжителна излезност за членовите од редот на судиите и се гарантира транспарента постапка за избор заснован на заслуги од страна на Собранието | / | Не се донесени законските измени | Донесени се законските измени |
| Донесени измени и дополнувања на Законот за Советот на јавните обвинители со кои се воспоставува задолжителна излезност за членовите од редот на судиите и се гарантира транспарента постапка за избор заснован на заслуги од страна на Собранието | / | Не се донесени законските измени | Не се донесени законските измени |
| **Оценка за спроведувањето на мерката:**<br>Активностите за спроведување на оваа мерка се во значителна мерка спроведени. Законот за судскиот совет донесен во декември 2025 ја реформираше постапката за избор на членови, како од редот на судиите (заради зајакнување на легитимитетот) така и од страна на членовите избрани од Собранието (заради зајакнување на условите и транспарентноста на постапката за избор). Во текот на 2025 беше изработен и предлог текст на Законот за Советот на јавните обвинители каде на сличен начин беше реформирана постапката за избор. Овој закон беше утврден од страна на Владата во февруари 2026 со што по неговото донесување оваа мерка ќе може да се смета за целосно спроведена. | | | |

**1.1.4-1 Изработка на нацрт закони за измена на Законот за Судски совет и Законот за Советот на јавни обвинители во однос на условите и постапката за изборот на членови на овие тела (Рок: I квартал 2024 - IV квартал 2027) - Статус: Спроведено**

[19] Закон за јавнообвинителска служба објавен на 22.06.2025.

Работни групи во рамки на Министерството за правда изработија нацрт текстови за нови Закони за судскиот совет и Законот за советот на јавните обвинители кои беа објавени на ЕНЕР во мај односно јуни 2025. Во двата нацрт-закони на сличен начин ги предвидоа постапките за избор на своите членови преку воведување на задолжителна излезност за кандидатите од редот на судиите односно јавните обвинители и транспарентна постапка за избор од редот на Собранието. Двата закони беа предмет на Оценка на Венецијанската Комисија која немаше суштински забелешки на предлозите во однос на изборот на кандидатите. Во Законот за судскиот совет, во однос на изборот на членови од страна на судиите, се воведе задолжителна излезност од најмалку половина од запишаните избирачи (судии), а во случај ако има само еден кандидат се дава можност да се гласа за или против. Во однос на членовите кои ги избира Собранието (вклучувајќи ги и членовите кои ги избира Собранието на предлог на претседателот) зајакнати се критериумите кои овие лица треба да ги исполнат. Во однос на членовите кои се јавуваат на јавен оглас воспоставена е транспарентна постапка за избор која задолжително содржи јавно објавување на биографиите и претставување на јавна расправа каде пратениците и претставници на стручната јавност ќе имаат можност да поставуваат прашања.[20] Во Законот за Советот на јавните обвинители за избор од редот на јавните обвинители се предвиде задолжителна излезност од најмалку половина од запишаните избирачи, додека во однос на изборот од редот на Собранието предвидената постапка е речиси идентична со онаа утврдена со Законот за судскиот совет.

**1.1.4-2 Усвојување на Закон за Судски совет на РСМ и Закон за Совет на јавни обвинители на РСМ од страна на Владата на РСМ** (Рок: III квартал 2025 - IV квартал 2025), **Статус: Спроведено.**

Во ноември 2025 Владата на РСМ го утврди текстот на ***Законот за судскиот совет на РСМ*** и го достави до Собранието. Законот за Советот на јавни обвинители беше во владина процедура во втората половина од 2025 и беше утврден на 10.02.2026.

**1.1.4-3 Донесени закони од страна на Собранието на РСМ (Рок: I квартал 2026 - II квартал 2026)**, **Статус: Во тек**

На 29.12.2025 Собранието го донесе Законот за судскиот совет на РСМ. Законот за Советот на јавните обвинители се очекува да биде доставен до Собранието на донесување.

### *Мерка 1.1.5*

***Ревидирање на законската рамка со која се уредува надлежноста на Судскиот совет на РСМ со адресирање на препораките од Венецијанската комисија, ГРЕКО и извештајот на оценската мисија за работата на Судскиот совет со цел зајакнување на независноста во работењето.***

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Позитивно мислење од Венецијанска комисија во однос на нацрт законот за измена и дополнување на Законот за Судскиот совет на РСМ | / | Не е изготвен нацрт законот | Позитивно мислење на Венецијанска комисија со одредени препораки |

[20] Закон за судскиот совет на РСМ, Службен весник бр. 269/2025, чл. 11, 12, 13, 22 и 27.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Донесени измени и дополнувања на Законот на Судскиот совет со кои се адресираат препораките од Оценската мисија. | / | Не се донесени законските измени | Донесен нов Закон за судски совет |
| **Оценка за спроведувањето на мерката:**<br>Оваа мерка може да се смета за реализирана во значителна мерка. Во декември 2025 беше донесен нов Закон за судскиот совет на РСМ со кој во значителна мерка се адресираа препораките од Венецијанската комисија како и од Извештајот на оценската мисија за работењето на Судскиот совет. Одредени препораки кои бараат уставни измени не се реализирани. | | | |

**1.1.5-1 Изработка на план за имплементација на препораките од Оценската мисија за Судски совет (Рок: I квартал 2024 - II квартал 2024) - Статус: Спроведено во претходен извештаен период**

**1.1.5-2 Изготвување на предлог текст од работна група (Рок: I квартал 2024 - IV квартал 2024) - Статус: Спроведено**

Работна група во рамки на Министерството за правда изработи нацрт текст за нов Закон за судскиот совет во кои беа инкорпорирани препораките од Оценската мисија на Судскиот совет. Нацртот беше ставен на увид на јавноста преку објава на ЕНЕР во мај 2025.[21]

**1.1.5-3 Доставување на нацрт до ЕК и Венцијанска комисија (Рок: I квартал 2025 - II квартал 2025), Статус: Спроведено**

Нацрт законот беше доставен на мислење до Венецијанската комисија во април 2025. По спроведената анализа и утврдувањето на фактите Венецијанската комисија на својата 143-та сесија одржана на 13-14 јуни 2025 го усвои мислењето. Мислењето е во значителна мерка позитивно иако потенцирани се одредени препораки кои треба да бидат земени во предвид при евентуални идни измени. Законот беше доставен и на мислење до Европската Комисија во ноември 2025 година.

**1.1.5-4 Усвојување на предлог закон од Владата на РСМ (Рок: III квартал 2025 - IV квартал 2025), Статус: Спроведено**

Владата го утврди текстот на предлог-законот на 18.11.2025 и го достави до Собранието на донесување.

**1.1.5-5 Донесување на законот (Рок: III квартал 2025 - IV квартал 2025), Статус: Спроведено**

Собранието во редовна постапка го донесе Законот за судскиот совет на РСМ на 29.12.2025.

### *Мерка 1.1.6*

***Остварување на сите уставни и законски гаранции за независност на судството односно самостојноста и автономија на јавното обвинителство и заштита од надворешни влијанија врз вршењето на нивните функции и***

[21] Единствен национален електронски регистар на прописи. Закон за судскиот совет на РСМ објавен на 13.05.2025.

***зајакнување на интегритетот на носителите на судските и обвинителските функции.***

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Изработена анализа за правото на фер судење во дисциплински постапки против судии | / | Изработена анализа | Изработена анализа |
| Број на активности преземени од ЗСРСМ и ЗЈОРСМ кои се насочени кон зајакнување на независноста и интегритетот на судиите и јавните обвинители (иницијативи, предлози и преземање ставови за конкретни прашања поврзани со целите и задачите на здруженијата) | / | 1 иницијативи до уставен[22] | 3[23] иницијативи до уставен 4 реакции за заштита на професијата |

**Оценка на спроведувањето на мерката:**
Мерката е делумно остварена. Реализирани се клучни активности поврзани со анализа на фер судење и зголемен ангажман на здруженијата преку иницијативи и реакции за заштита на независноста и интегритетот. Сепак, отсуството на истражувања за перцепцијата на интегритетот укажува на нецелосна имплементација на сите планирани активности. Реализацијата на активностите предвидени во оваа мерка побарува покривање на трошоците на Здружението на судии и Здружението на јавни обвинители кои оваа година имаа ограничен буџет. Неопходна е поактивна улога на професионалните здруженија во заштитата на професијата.

**1.1.6-1 Анализа на пресудите на ЕСЧП против РСМ кои се однесуваат на повредата на правото на фер судење поради отсуство на независен и непристрасен суд (Рок: I квартал 2024 - IV квартал 2024) - Статус: Спроведена во претходен извештаен период**

**1.1.6-2 Здруженијата на судии и јавни обвинители активно се вклучени во унапредување и зајакнување на независноста на судиите и јавните обвинители преку давање иницијативи, предлози и преземање ставови за конкретни прашања поврзани со целите и задачите на здруженијата (Континуирана активност) – Статус: Континуирана активност**

Здружението на судиите презеде одредени активности за заштита на уставната положба, независноста и професионалниот интегритет на судската функција. Преку претседателот Иван Џолев, Здружението поднесе иницијатива до Уставниот суд (У.бр.52/2025) за поведување постапка за оценување на уставноста на Законот за изменување на Законот за платите на судиите („Службен весник на Република Северна

[22] Иницијатива на Здружението на судии на РСМ (У.бр.123/2024) за оцена на оценување на уставноста на Законот за изменување на Законот за платите на судиите и Законот за изменување на Законот за платите на членовите на Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51/2024);
[23] Покрај иницијативата од 2024 има и Иницијатива на Здружението на судии на РСМ (У.бр.52/2025) за поведување постапка за оценување на уставноста на Закон за изменување на Законот за платите на судиите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.272/2024); и Иницијатива на Здружение на јавните обвинители на РСМ (У.бр.71/2025) за оценка на уставноста на Закон за изменување на законот за платите на јавните обвинители („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.272/2024) и Закон за изменување на законот за платите на членовите на Советот на јавните обвинители на Република Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.272/2024)

Финансирано од Европска Унија

Македонија“ бр.272/2024), со што активно се вклучи во уставно-правната заштита на материјалната независност на судството. Покрај институционалните активности, Здружението јавно реагираше на појави на притисоци и јавни осуди кон судии, преку реакција од 06.02.2025 година, како и со реакција од 23.09.2025 година во врска со прозивање на одговорност поради донесени судски одлуки и јавни коментари поврзани со платите на судиите. Дополнително, Здружението учествуваше и во заедничко соопштение со Судскиот совет и Врховниот суд од 14.11.2025 година, со што придонесе кон координиран институционален настап во одбрана на независноста и угледот на судската власт.

Здружението на јавните обвинители на Република Северна Македонија во истиот период покажа активна улога во унапредување на законодавната рамка и заштита на самостојноста на јавнообвинителската функција. Здружението беше директно вклучено во работните групи за подготовка на предлог-законите кои се однесуваат на јавното обвинителство, придонесувајќи со стручни ставови во процесот на законодавни реформи. Истовремено, даде поддршка на барањата на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија во однос на предлог-буџетот за 2026 година (14.11.2025), нагласувајќи ја важноста на финансиската автономија за ефективно функционирање на институцијата. Дополнително, поднесе иницијатива до Уставниот суд (У.бр.71/2025) со која ја оспори уставноста на измените на законите за платите на јавните обвинители и на членовите на Советот на јавните обвинители („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.272/2024), демонстрирајќи активна улога во заштита на институционалната независност.

**1.1.6-3 Спроведување годишни проценки на потребата за подобрување на кодексите и упатствата за интегритет на носителите на судската и јавнообвинителската функција (Рок: Континуирана активност), Статус: Континуирана активност**

И двете здруженија континуирано ја следат потребата за унапредување на кодексите и упатствата за интегритет.

**1.1.6-4 Следење на перцепциите за интегритетот на носителите на судската и јавнообвинителската функција (Рок: Континуирана активност – еднаш годишно), Статус: Не е спроведено**

Заради недостиг на средства не се спроведени истражувања за перцепциите на интегритетот на носителите на судската и јавно-обвинителската функција

## Посебна цел 1.2: Зголемување на квалитетот на правдата

| Показател на ниво на исход | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Број на пресуди на ЕСЧП во кои во постапка против РСМ е утврдена повреда на член 6 од Конвенцијата | 2 | 4 | 3 |
| Ниво на задоволство на странки во судски постапки (измерено преку спроведена анкета на задоволство на странки) | 33.8% (ЦПИА, 2021) | 34.06 % (Коалиција Сите за правично судење, 2024)[24] | Не се спроведени истражувања |

[24] http://www.mja.org.mk/assets/dok/prezentacija31012025.pdf

Финансирано од Европска Унија

| | | | |
|---|---|---|---|
| Број на реализирани обуки во рамки на континуираната обука при АСЈО[25] | 177 | 210 | 188 |
| % од вкупниот број судии и јавни обвинители кои учествувале во најмалку една обука организирана од АСЈО | *Нема податоци* | *Нема податоци* | *Нема податоци* |
| Буџет на АСЈО како % од вкупниот судски буџет | 7% | 6,89% | 4,73 % |
| Број на судии | 392 | 368 | 420 |
| Број на јавни обвинители | 179 | 183 | 188 |
| % на првостепени судски одлуки кои се потврдени во постапката по жалба | *Нема податоци* | *Нема податоци* | *Нема податоци* |

**Оцена на спроведување на мерката**

Спроведувањето на посебната цел 1.2 покажува ограничен напредок. Показателите упатуваат на релативна стабилност во системот, со благо зголемување на бројот на судии и континуирана реализација на обуки, како и позитивен напредок во транспарентноста преку спроведување на законската обврска за образложување на одлуките на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители. Сепак, отсуството на значително зајакнување на Академијата за судии и јавни обвинители, намалувањето на нејзините кадровски капацитети и ограничените финансиски и човечки ресурси во повеќе институции претставуваат ризик кој може негативно да влијае врз понатамошното подобрување на квалитетот на правдата.

### *Мерка 1.2.1*

***Зајакнување на улогата на Врховниот суд во обезбедување на единствена примена на законите и примена на јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови права преку унифицирање на судската пракса.***

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Број на објавени начелни ставови, начелни правни мислења, правни мислења, заклучоци и сентенци | 20[26] | 23[27] | 17[28] |
| Број на објавени билтени и збирки на судски одлуки | 0 | 1[29] | 0 |
| Број на реализирани средби за воедначување на судската пракса | 1 | 1[30] | 1 |

**Оцена на спроведување на мерката:**
Забележлив е континуитет во донесување начелни ставови, правни мислења и одржување средби за воедначување на судската пракса, како и тековно следење на пресудите на ЕСЧП. Сепак, клучната активност за воспоставување методологија не е реализирана, бројот на објавени акти е намален во 2025 година, а нема објавени билтени и збирки, главно поради ограничени човечки и финансиски ресурси.

---

[25] Извор: Годишен извештај на АСЈО.
[26] Извор: Извештај на Врховниот суд за 2023.
[27] Извор: Извештај на Врховниот суд за 2024. Три начелни правни мислења, два начелни ставови, четири правни мислења, девет заклучоци и пет сентенци.
[28] Извор: Веб страница на Врховниот суд. Два начелни правни мислења, два начелни ставови, две правни мислења, осум заклучоци и три сентенци.
[29] Збирка на судски одлуки 2018-2023.
[30] Работна средба на Врховниот суд и апелационите судови која се одржана на 19 јуни 2024 година, во Скопје, на која беа донесени и изготвени заклучоци со образложенија.

**1.2.1-1 Воведување и спроведување методологии за следење и усогласување на судската практика (Рок: I квартал 2024 - IV квартал 2024) Статус: Не е спроведено**

**1.2.1-2 Следење на пресудите на ЕСЧП за РСМ во кои се констатира повреда на ЕКЧП во одделот за судска практика во ВСРСМ** (Континуирана активност) **Статус: Во тек**

Одделот за судска практика во Врховниот суд континуирано ги следи и анализира донесените пресуди од ЕСЧП со кои се утврдува повреда од страна на државата меѓутоа се соочува со сериозен недостаток на човечки ресурси. Неопходна е поддршка од надворешни соработници.

**1.2.1-3 Одржување редовни средби со апелационите судови и управното судство (Рок: I квартал 2024 – IV квартал 2027) – Статус: Спроведено**

Во октомври, 2025 година се одржа средба на ВСРСМ со претставници од четирите апелациони судови на која беа усвоени заклучоци од значење за обезбедување единство во примената на законите, кои се објавени на веб страната на Судот

**1.2.1-4 Донесување начелни ставови и правни мислења на Општа седница (Континуирана активност) - Статус: Континуирана активност**

Општата седница на Врховниот суд донесе: две начелни правни мислења 1. Надлежност на основен граѓански суд за постапување по тужба за парично побарување поради помалку исплатен износ на старосна пензија (30.9.2025) и 2. Измена на досудена издршка (04.02.2025); два начелни ставови: 1. Постапување при престанок на судиска функција (27.10.2025) и 2.Формирање на совет за одлучување по жалба (21.05.2025), две правни мислења 1.Надомест на трошоци за лекување и други потребни трошоци во приватна здравствена установа (24.09.2025) и 2. Дозволеност на ревизија од замешувач (13.10.2025). На средбата за воедначување на судската практика одржана на 21.10.2025 беа усвоени вкупно осум заклучоци од кои четири во кривичната, а четири во граѓанската материја. Дополнително беа утврдени и три сентенци за Право на сопственост со одржувачка врз градежно изградено земјиште (02.04.2025), Исклучување на одговорност на договарачот на осигурување во случај на непријавување на околностите што се од значење за оцена на ризикот (02.04.2025) и Неоправдано отсуство од работа при вршење на работните обврски од дома (02.04.2025).

**1.2.1-5 Објавување на билтени на судски одлуки на Врховен суд, на апелационите судови и управен суд (Рок: I квартал 2024 – IV квартал 2027) - Статус: Во тек**

Континуирано се издвојуваат референтни одлуки и истите се објавуваат на веб страната на судот како сентенци, но потребни се финансиски средства за нивно публикување во форма на билтени со кои Врховниот суд не располага.

**1.2.1-6 Изготвување збирки на судски одлуки (Рок: I квартал 2024 – IV квартал 2027) – Статус: Не е спроведено**

Во 2025 не е објавена збирка на судски одлуки.

### *Мерка 1.2.2*

***Обезбедување задолжително и сеопфатно образложение на одлуките за избор и унапредување на судии и јавни обвинители како и одлуките донесени во дисциплинска постапка и нивно објавување.***

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Одлуките за избор, унапредување и дисциплинска одговорност за судии се индивидуализирани и содржат образложение за причините | Не содржат образложение | Содржат образложение | Содржат образложение |
| Одлуките за избор, унапредување и дисциплинска одговорност за јавните обвинители се индивидуализирани и содржат образложение за причините | Не содржат образложение[31] | Не содржат образложение | Содржат образложение |
| **Оцена на спроведување на мерката:**<br>Во текот на 2025 со започнувањето на задолжителното објавување на образложение кон одлуките на Советот за јавни обвинители може да се смета дека оваа мерка е остварена. Двата совети, при донесувањето на своите одлуки даваат писмено и индивидуализирано образложение. Квалитетот на образложенијата може да се цени од случај во случај но начелно како практика се воспостави обврската за давање на образложение. | | | |

**1.2.2-1 Изготвување на методологија со критериуми за образложение кое треба да ги содржи одлуката (Рок: I квартал 2024 - II квартал 2024) - Статус: Спроведено**

**1.2.2-2 Примена на методологијата при носењето на одлуките (Рок III квартал 2024- IV квартал 2027) - Статус: Континуирана активност**

Судскиот совет започнувајќи од септември 2024 започна со примена на обврската за задолжително усно и писмено образложение за причините за избор односно неизбор на судија. Советот за јавни обвинители во 2025 започна со објавување на образложение кон своите одлуки.

### *Мерка 1.2.3*

***Кадровско зајакнување и техничко опремување на Академијата за судии и јавни обвинители и обезбедување соодветни простории***

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Обезбедени нови и соодветни простории за АСЈО | Не е обезбедено | Не е обезбедено | Не е обезбедено |
| % од пополнетост на систематизирани работни места[32] | 55 % | 55 % | 40% |
| **Оцена на спроведувањето на мерката:**<br>Во 2025 не се спроведени суштински активности за реализација на оваа мерка. Не се забележува напредок во однос на потребата од трајно решавање на проблемот со | | | |

[31] Освен одлуките по жалба во дисциплинска постапка кои што содржат образложение.
[32] Извор: Годишен извештај на Судски буџетски совет.

| |
|---|
| просторните капацитети на АСЈО. Дополнително, бројот на вработени во АСЈО се намалува што влијае негативно врз капацитетот на АСЈО да планира и спроведува сложени програми за обука. |

***1.2.3-1 Координација и соработка со други надлежни органи/државни институции во РСМ за обезбедување на потребните просторни капацитети и стандарди за вршење на основната функција на АСЈО (Рок: I квартал 2024 - IV квартал 2027 година)*** – **Статус: Во тек**

Министерството за правда во соработка со АСЈО презема активности за трајно решавање на проблемот со просторните капацитети на АСЈО

***1.2.3-2 Обезбедување на неопходна техничка опрема за непречено функционирање на АСЈО (Рок: I квартал 2024 - IV квартал 2027 година)*** **Статус: Во тек**

На Академијата и е потребен нов софтвер и хардвер, сервер (за интерна употреба), платформа за web-conferencing, backup сервер, опрема за симултан превод, exchange сервер, виртуелна опслужувачка опрема, систем за безбедносна анализа на мрежен сообраќај, систем за безбедносна анализа на мрежен сообраќај, опрема за видео надзор, систем за управување со документи, комуникациска опрема за дата центар, систем за заштита и реставрирање податоци, 3 - SSL сертификати, виртуелна училница и виртуелни LMS-app, share point - систем за следење, анализа и известување во оперативните процеси.

Бидејќи Академијата може да набавки опрема само во рамки на доделениот буџет, во текот на 2025 година, во оваа насока беа реализирани јавни набавки на компјутерска опрема-лаптопи, лиценцни програми - софтвер за правење и реставрирање на резервни копии за сервери, беше набавена серверска и мрежна опрема, како и лиценци за Microsoft 365 и антивирусни програми. Потребниот сервер сеуште не е набавен бидејќи Академијата нема на располагање финансиски средства за таа намена. Во моментот се работи на изнаоѓање решение во соработка со проектот ЕУ Поддршка за владеење на правото во насока на евентуално изнаоѓање решение со употреба на бесплатен веќе развиен софтвер кој би служел на Академијата.

***1.2.3-3 Вработување на кадар согласно акт за систематизација (Рок: I квартал 2024- IV квартал 2027 година)*** **Статус: Не е спроведено**

Во 2025 година не се реализираше ниту едно вработување бидејќи Академијата не доби финансиска согласност за Годишниот план за вработување. По пат на преземање беше преземен 1 вработен од друга институција

### *Мерка 1.2.4*

### *Понатамошно зајакнување на програмите за почетна и континуирана обука за судии и јавни обвинители преку организирани обуки*

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Број на реализирани тематски обуки годишно | 177 | 210 | 188 |
| Број на учесници на обуки годишно | 3734 | 4.610 | 4.365 |
| % од учесниците кои ја оцениле обуката како корисна | 83.13 % | 86.46%[33] | 85.70% |

[33] Годишен извештај на АСЈО 2024, стр, 42. Просечна вредност од трите целни групи.

| **Оцена на спроведување на мерката:**<br>Академијата продолжи со зајакнување на програмите преку реализација на континуирана обука, што се потврдува со значителен број тематски обуки и стабилен број учесници, како и високо ниво на задоволство од обуките. Сепак, во текот на 2025 година се спроведуваше исклучиво континуирана, а не и почетна обука, што влијае врз целосното остварување на мерката. Изработката и редовното ажурирање на каталогот на обуки, заснован на проценка на потреби, претставува позитивен исчекор кон специјализација и унапредување на професионалните капацитети. |
|---|

***1.2.4-1 Изработка на каталог и план на обуки врз основа на проценка на потреби од обуки со посебен фокус на теми кои придонесуваат кон специјализација на судиите, особено во однос на медијацијата, борбата против организираниот криминал и корупцијата, судска етика како и обуки за примена на нови законски решенија*** (I квартал 2024 – IV квартал 2027) **Статус: Спроведено**

Темите кои се однесуваат на медијација, борбата против организираниот криминал и корупцијата, судска етика како и обуките за примена на нови законски решенија и континуирана обука на судии и јавни обвинители беа вметната во Каталозите за обуки за 2024 и 2025 година. Истите теми се опфатени и во Каталогот на обуки за 2026 година. Во однос на обуки поврзани со примена на нови законски решенија, на 5 февруари беше реализирана обука на тема: правни дилеми при примена на Законот за конфискација во граѓанска постапка. На 12 февруари предвидена е обука на тема: Вештини за раководење со главна расправа во граѓанска постапка и медијација. На 17 февруари предвидена е обука на тема: Примена на ЕКЧП во поглед на постапување во прекршочна и кривина постапка за ист противправен настан (разлики и специфичности). На 27 март предвидена е обука на тема: Опфат на примената на членот 5 од ЕКЧП („Право на слобода и безбедност“)

***Мерка 1.2.5***

***Воспоставување на правен основ за забрана за вршење на професија, дејност или должност (судии, јавни обвинители, државни правобранители, адвокати, нотари, извршители, членови на Судски совет и Совет на јавни обвинители, како и вработени во органите на правосудниот систем) доколку со правосилна судска одлука се осудени или разрешени за дела на корупција.***

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Донесени измени на закони | 1 | 1 | 2 |
| **Оценка на спроведување на мерка:**<br>Покрај членот 12 од Законот за адвокатура од 2023 кој меѓу условите за упис во Именикот на Адвокати утврди со правосилна судска одлука да не е осуден на безусловна казна затвор во траење над шест месеци, како и да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должноста, за време на траење на санкцијата, во 2025 слична одредба беше предвидена и во Законот за судскиот совет во однос на членовите на советот кој ги избира Собранието. Слична одредба е предвидена и во предлогот на Законот за Советот на Јавните обвинители. Неопходно е конзистентно и систематизирано внесување на вакви одредби во релевантните закони. | | | |

**1.2.5 -1 Измени на релевантни закони доколку на лицето му е изречена забрана за вршење на професија, дејност или должност, доколку со правосилна судска**

**одлука е осуден или разрешен за злоупотреба на службена должност, корупција, судир на интереси, дискриминација и користење на службената положба за било каков облик на принуда (Рок: I квартал 2024 - IV квартал 2027) - Статус: Во тек**

Во член 12 став 2 од Законот за судскиот совет донесен во 2025 како еден од условите за избор на член на Советот кој го избира Собранието е предвидено лицето да не е осудено со правосилна судска пресуда за кривично дело злоупотреба на службена должност и овластување во вршење на функцијата или друго кривично дело на казна затвор од најмалку шест месеци што го прави недостоен за да ја врши функцијата член на Советот. Сличен услов е предвиден и во нацртот на Законот за Советот на јавните обвинители за членовите на Советот кој ги избира Собранието.

## Посебна цел 1.3: Зајакнување на механизмите за одговорност на лицата кои вршат функции во правосудниот систем

| Показател на ниво на исход | Основна вредност (2023) | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| % од обжалени првостепени одлуки на Судскиот совет со кои се одлучува за дисциплинска одговорност на судии кои се потврдени во втор степен | *Нема податоци* | *Нема податоци* | *Нема податоци* |
| Вкупен број на судии кои биле разрешени или дисциплински санкционирани со правосилна одлука | 4 | 7 | 3 |
| Вкупен број на јавни обвинители кои биле разрешени или дисциплински санкционирани | 3 | *Нема податоци* | *Нема податоци* |
| % од првостепените одлуки на ЈОРСМ со кои се одлучува за дисциплинска одговорност на јавни обвинители кои се потврдени во втор степен од Советот на јавните обвинители вклучувајќи ги и предлозите за разрешување кои се прифатени од Советот | 50%[34] | 40 %[35] | 50%[36] |
| Број на членови на Судски совет или Совет на јавни обвинители против кои се поведени дисциплински постапки | 0 | 0 | 0 |

**Оценка за спроведување на посебната цел:**
Најизразен позитивен исчекор се процесите на законски измени, особено во делот на дисциплинските постапки и одговорности, каде кај судството веќе се донесени нови решенија, а кај јавното обвинителство е подготвена и ставена во постапка посеопфатна реформска рамка. Позитивно е и унапредувањето на правилата за одговорност на членовите на советите и постепеното вградување на мерит системот. Сепак, целта не може да се смета за целосно остварена поради нецелосно завршените законодавни процеси, недостигот на податоци за дел од показателите, необјавувањето извештаи за претставките кај обвинителството и слабата видливост на етичките механизми. Оттука, насоката е позитивна, но практичната примена и системите за следење остануваат клучен предизвик.

[34] Извор: Годишен извештај на Совет на Јавни Обвинители за 2023, стр. 13-14.
[35] Извор: Годишен извештај на Совет на Јавни обвинители за 2024, стр. 14–15.
[36] Извор: Годишен извештај на Совет на Јавни обвинители за 2025, стр. 15.

***Мерка 1.3.1***

***Преиспитување и ревидирање на одредбите со кои се уредува дисциплинската одговорност на судиите во однос на условите за иницирање на постапката, мерките за јавност, прецизирање на основите на жалба и јасно дефинирање на обврзувачката сила на конечните одлуки на органот кој одлучува по жалба***

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Позитивно мислење од ЕК и Венецијанска по нацрт закон | / | Не е испратен нацрт закон на мислење | Испратен нацрт закон и добиено позитивно мислењ |
| Донесени измени на ЗССРСМ | / | Не се донесени измени на ЗССРСМ | Донесен нов ЗССРСМ |
| Објавени годишни извештаи за бројот на претставки и нивниот исход | Објавени во годишни извештаи на Судски совет | Објавени во годишни извештаи на Судски совет | Објавени во годишни извештаи на Судски совет |
| Вкупен број на судии против кои се поднесени барања за утврдување одговорност[37] | 123 | 210 | 161 |
| **Оценка на спроведувањето на мерката:**<br>Оваа мерка со донесувањето на Законот за судскиот совет може да се смета за спроведена од причина што одредбите кои се однесуваат на дисциплинската одговорност се суштински ревидирани вклучувајќи ги условите за иницирање на постапка, роковите во кои треба да се преземат процесни дејствија, јавноста на постапката, содржината на одлуката како и се воспоставува судска заштита преку управен спор. | | | |

**1.3.1-1 Изготвување на предлог текст од работна група за измени на Закон за судски совет (Рок: I квартал 2024 - IV квартал 2024) Статус: Спроведено**

**Види активност 1.1.4-1.** Одредбите со кои се уредува дисциплинската одговорност на судиите во однос на условите за иницирање на постапката, мерките за јавност, прецизирање на основите на жалба и јасно дефинирање се ревидирани во Законот за судскиот совет донесен во декември 2025.

**1.3.1-2 Доставување на нацрт до ЕК и Венцијанска комисија (Рок: I квартал 2025 - II квартал 2025) Статус: Спроведено**

**Види активност 1.1.4-2.**

**1.3.1-3 Усвојување на предлог закон од Владата на РСМ (Рок: III квартал 2025 - IV квартал 2025) Статус: Спроведено**

**1.3.1-4 Донесување на закон (Рок: I квартал 2026 - II квартал 2026) Статус: Спроведено**

**Види активност 1.1.4-3.**

**1.3.1-5 Следење на бројот на претставки за дисциплински повреди од страна на носителите на судската функција (Континуирана активност) Статус: Континуирана активност**

[37] Извор: Годишни извештаи на Судски совет на РСМ.

Судскиот совет ги следи и објавува бројот на претставки и барања за дисциплинска одговорност во своите годишни извештаи. Коалицијата Сите за правично судење и Институтот за човекови права континуирано ја работата на Судскиот совет, меѓудругото и во однос на следењето на постапките за утврдување на дисциплинска одговорност на судиите (во согласност со законските можности заради доверливоста на постапката).

### *Мерка 1.3.2*

### *Усогласување на нацрт Законот за Судски совет со Законот за судовите во однос на дисциплинската постапка за судии*

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Донесени измени и дополнувања на Законот за судови со кои се врши усогласување со измените во Законот за судскиот совет | / | Не се донесени измени и дополнувања на Закон за судови | Донесен Закон за судски совет. Се работи на измени на Закон за судови |
| **Оцена на спроведување на мерка:**<br>Мерката се спроведува согласно Акцискиот план. | | | |

**1.3.2-1 Формирање на работна група (Рок: I квартал 2025 - III квартал 2025) Статус: Спроведено**

Од мај 2025 во рамки на Министерството за правда започна со работа и работната група за измена и дополнување на Законот за судови која меѓу другото има за задача и да ги ревидира материјалните одредби кои се однесуваат за основните на дисциплинска одговорност како и за разрешување.

### *Мерка 1.3.3*

### *Преиспитување и ревидирање на одредбите со кои се уредува дисциплинската одговорност на јавните обвинители, во однос на правилата за иницирање постапка, органот кој одлучува, мерките за транспарентност, прецизирање на основите на жалба и јасно дефинирање на обврзувачката сила на конечните одлуки на органот кој одлучува по жалба.*

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Донесени измени на ЗЈОРСМ и ЗСЈОРСМ | / | Не се донесени измени на ЗЈОРСМ и ЗСЈОРСМ | Не се донесени измени на ЗЈОРСМ и ЗСЈОРСМ |
| Објавени годишни извештаи за бројот на претставки и нивниот исход | Не се објавени извештаи за бројот на претставки | Не се објавени извештаи за бројот на претставки | Не се објавени се извештаи за бројот на претставки [38] |

[38] Забелешка. Овој показател се однесува за претставки до јавните обвинителства за кои не се објавуваат информации во годишните извештаи на Јавното обвинителство на РСМ. Советот на

**Оценка на спроведување на мерката:**
Спроведувањето на мерката се движи во добар правец, иако формално резултатските показатели сè уште не се целосно исполнети. Подготовката на новите законски решенија претставува значаен исчекор, особено со оглед на тоа што предложените измени суштински ја унапредуваат дисциплинската рамка, ја прецизираат постапката и ги зајакнуваат гаранциите за одговорност и транспарентност. Донесувањето на Предлог-законот за јавното обвинителство и Предлог-законот за Советот на јавните обвинители од страна на Владата во првиот квартал од 2026 година и нивното влегување во собраниска процедура создава реална основа мерката да биде целосно завршена во наредниот период. Ограничување останува необјавувањето на годишните извештаи за претставките.

**1.3.3-1 Изготвување на предлог текст од работна група (Рок: I квартал 2024 - IV квартал 2024) – Статус: Спроведено**

Во текот на 2025 заедничка работна група изработи предлози за нови закони со кои се уредува јавното обвинителство и Советот на јавните обвинители. Новините кои ги предложи работната група особено се однесуваа на прашања поврзани со дисциплинската одговорност. Предлогот за нов Закон за јавни обвинители воведува значајно прецизирање и проширување на системот на дисциплинска одговорност. Најважна новина е воведувањето трето ниво, т.н. *„најтешка дисциплинска повреда“*, со појасно степенување на одговорноста. Детално се проширува листата на повреди (злоупотреба на статус, повреда на самостојност на обвинител, неовластен пристап до предмети). Се зајакнува постапката преку рокови, право на жалба и учество на Здружението на јавни обвинители. Воведени се нови дисциплински мерки (забрана за унапредување, менторство и едукација) и можност за изрекување повеќе мерки истовремено, како и систем на евиденција и бришење на санкциите.[39]

Предлог-законот за Советот на јавни обвинители носи зајакнување на дисциплинската рамка преку проширување на улогата на Советот од претежно второстепен орган во тело со поширoки гаранциски и надзорни функции. Се прецизираат правилата за изземање и се воведува дополнителен основ за конфликт на интереси, вклучително и учество во друга постапка против јавен обвинител. Дополнително, дисциплинската одговорност добива директно влијание врз мандатот на член на Советот, кој престанува со правосилност на одлука за разрешување. Предвидено е и засилено институционално известување за дисциплинските постапки преку годишните извештаи на Советот.[40]

**1.3.3-2 Усвојување на предлог закон од Владата на РСМ (Рок: III квартал 2025 - IV квартал 2025) – Статус: Во тек**

**Види активност 1.1.2-3**

**1.3.3-4 Следење на бројот на претставки за дисциплински повреди од страна на носителите на јавнообвинителската функција** (Континуирана активност) **Статус: Континуирана активност**

Јавното обвинителство го следи бројот на претставки и дисциплински повреди меѓутоа истите не ги објавува. Од друга страна, работата на Советот на ЈО ја следат

јавните обвинители ги објавува информациите за примените претставки и поплаки во годишните извештаи.

[39] Единствен национален електронски регистар на прописи, Предлог Закон за јавното обвинителство објавен на 14.04.2025, чл. 89-99.

[40] Единствен национален електронски регистар на прописи, Предлог Закон за Совет на јавните обвинители на РСМ објавен на 25.06.2025, чл. 7, 12 и 15.

Коалицијата Сите за правично судење и Институтот за човекови права и наводите од следењето ги објавуваат во своите извештаи и анализи.

***Мерка 1.3.4***

***Ревидирање на одредбите од Законот за судскиот совет и Законот за советот на јавните обвинител кои се однесуваат на индивидуалната дисциплинска одговорност на членовите на советите со посебен фокус на дефинирање на причините поради кои може да се иницира постпаката, органот/телата кои ќе постапуваат и правото на жалба. Во однос на Судскиот совет ќе се постапи согласно препораките од извештајот од оценската мисија на Судскиот совет.***

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Донесени измени на ЗССРСМ | / | Не се донесени измени на ЗССРСМ | Донесени се измени на ЗССРСМ |
| Донесени измени на ЗСЈОРСМ | / | Не се донесени измени на ЗСЈОРСМ | Не се донесени измени на ЗСЈОРСМ |
| **Опис на спроведување на мерката:**<br>Спроведувањето на мерката е во напредна фаза и се движи во позитивен правец, имајќи предвид дека нормативната рамка е суштински подготвена преку изработката на новите законски решенија кои предвидуваат појасни правила за одговорност и разрешување. Сепак, мерката сѐ уште не може да се смета за целосно реализирана, бидејќи останува да се донесе Законот за Советот на јавните обвинители. Со неговото усвојување и започнување со примена, мерката ќе може да се оцени како спроведена, под претпоставка дека новите одредби ќе се применуваат во пракса кога ќе бидат исполнети законските услови. | | | |

**1.3.4-1 Изготвување на предлог текст од работна група на ЗССРСМ и ЗСЈОРСМ (Рок: I квартал 2024 - IV квартал 2024) – Статус: Спроведено**

**Види активност 1.1.4-1 за ЗСССРСМ и 1.3.3-1 за ЗСЈОРСМ.** За содржината на новините во однос на одговорноста на членовите на Судскиот совет види 1.3.4-3. Предлог-законот за Советот на јавните обвинители воведува значајни новини во однос на одговорноста и разрешувањето на членовите на Советот на јавните обвинители преку воспоставување појасна и поформализирана правна рамка. За првпат експлицитно се уредува постапка за разрешување, со утврдени основи и јасно дефинирани субјекти овластени да поднесат иницијатива (најмалку пет јавни обвинители или тројца членови на Советот). Се прецизира дека мандатот престанува со правосилноста на одлуката за разрешување, со што се обезбедува правна сигурност. Дополнително, се зајакнуваат механизмите за одговорност преку поврзување на дисциплинските повреди со можноста за престанок на мандатот и се унапредува транспарентноста и отчетноста на Советот.

**1.3.4-2 Доставување на нацрт до ЕК и Венецијанска комисија (Рок: I квартал 2025 - II квартал 2025) - Статус: Спроведено**

Двата предлог законски текстови беа доставени на мислење до Венецијанската комисија, а Законот за судскиот совет беше доставен и до Европската Комисија.

**1.3.4-3 Усвојување на предлог закон од Владата на РСМ - Статус: Во тек**

Законот за судски совет беше усвоен од Влада и донесен од Собранието. Законот за советот на јавните обвинители беше утврден од Владата во првиот квартал од 2026. Една од клучните новини во Законот за Судскиот совет од 2025 година е значајното зајакнување и прецизирање на системот за утврдување одговорност на членовите на Советот. Се намали прагот за иницирање дисциплинска постапка (од 20 на 10 судии), се воведоа нови основи за одговорност, особено поврзани со политичка активност и нарушување на угледот на Советот, како и степенување на дисциплинските повреди со можност за поблаги санкции (јавен укор и намалување на плата). Наместо самиот Совет, одлучува независна дисциплинска комисија составена од судии, се утврдуваат кратки процесни рокови и се воведува двостепена судска контрола, со што се зајакнуваат гаранциите за објективност и правна сигурност. Предлог Законот за Советот на јавните обвинители е доставен до Собранието на донесување.

***Мерка 1.3.5***

***Усогласување на Кодексот на етика на јавните обвинители како и воспоставување критериуми за именување службеник за интегритет во Јавното обвинителство***

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Донесени измени на кодексот за етика во ЈО | / | Изменет Кодекс за етика во ЈО | Изменет Кодекс за етика во ЈО |
| Именуван службеник за интегритет во ЈО | / | Именуван службеник за интегритет | Именуван службеник за интегритет |
| **Оценка на спроведувањето на оваа мерка:**<br>Формално оваа мерка може да се смета за остварена. Сепак, отсуството на именување на службеник за интегритет не треба да се одолжи. За да се оцени оваа мерка како целосно спроведена неопходно е да има службеник за интегритет кој активно ја врши својата функција. | | | |

**1.3.5-1 Воспоставување на критериуми за именување службеник за  во ЈО (Рок: I квартал 2024 - IV квартал 2024) Статус: Спроведено**

Именуваниот јавен обвинител е во пензија, се очекува именување ново лице за интегритет согласно Етичкиот кодекс на ЈО.

***Мерка 1.3.6***

***Зголемена активност и видливост на Советот за судска етика и Етичкиот совет на јавните обвинители***

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Број на советодавни мислења на Советот за судска етика | 0 | 1 | *Нема податоци* |
| Број на заклучоци и препораки на Етичкиот совет на јавните обвинители | 0 | 0 | *Нема податоци* |
| **Оценка на спроведувањето на мерката**<br>Не се доставени податоци за да може да се оцени дали и во колкава мерка се спроведува оваа мерка. | | | |

Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

**1.3.6-1 Постапување по барања за советодавни мислења и претставки (Континуирана активност) – Статус: Континуирана активност**

**Не се доставени податоци**

**1.3.6-2 Донесување и објавување на мислењата, заклучоците и препораките (Континуирана активност) - Статус: Не е спроведена**

Од расположливите податоци на веб страниците не може да се утврди дали Советот за судска етика и Етичкиот совет при ЈОРСМ донеле советодавни мислења, заклучоци и препораки во 2025.

### *Мерка 1.3.7*

***Доследно почитување на системот за заслуги односно мерит систем при избор, унапредување и разрешување на сите носители на функции во органите на правосудниот систем и вработените во органите на правосудниот систем***

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Донесени законски измени заради доследно почитување на мерит системот при избор, унапредување или разрешување на сите носители на функции и лица во органите на правосудниот систем | / | Не се донесени законски измени во 2024 | 1 (Закон за судскиот совет на РСМ) |
| **Оценка на спроведувањето на мерката:** Позитивен исчекор претставува донесувањето на Законот за Судскиот совет, како и вградувањето на принципите на мерит системот во повеќе предлог-законски решенија од областа на правосудството. Сепак, законодавниот процес сè уште не е целосно завршен, а редовното институционално известување за примената на мерит системот не се спроведува, што претставува значајно ограничување. Оттука, иако нормативната рамка постепено се унапредува, практичната имплементација и механизмите за следење остануваат недоволно развиени, поради што мерката може да се оцени како делумно спроведена. | | | |

**1.3.7-1 Измени на законите во насока на доследно почитување на мерит системот при избор, унапредување или разрешување на сите носители на функции и лица во органите на правосудниот систем (Рок: I квартал 2024 - IV квартал 2027) – Статус: Во тек**

Во предлог законите за судска служба, за јавнообвинителска служба, за Јавното обвинителство, за Советот на јавните обвинители, се внесени соодветни измени каде е вградена оваа мерка.

**1.3.7-2. Редовно известување од страна на органите за доследна примена на системот на заслуги (Континуирана активност) – Статус: Не е спроведена**

Не е воспоставена структура за известување за известување за примена на системот за заслуги.

## Посебна цел 1.4: Понатамошно зголемување на ефикасноста на правдата

| Показател на ниво на исход | Основна вредност[41] | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Стапка на решени предмети во сите судови (clearance rate) | 96.45 | 99.31[42] | 100,44 |
| Просечно време за решавање на предметите во денови во сите судови (disposition time) | 79.57 | 87.03 | 90,95 |
| Број на судови кои биле оценети како ажурни | 13 | 18 | 16 |
| Број на предмети постари од три години | 2.891 | 3.416 | Нема податоци |
| **Оцена на спроведување на мерка:** Податоците укажуваат на мешани трендови во однос на ефикасноста на правосудниот систем. Од една страна, се бележи континуирано зголемување на стапката на решени предмети (clearance rate), која во 2025 година надминува 100%, што упатува на потенцијално намалување на заостатокот. Од друга страна, просечното време за решавање на предметите (disposition time) покажува тренд на зголемување, што укажува на одредено забавување во постапувањето. Сепак, овие показатели треба да се толкуваат со одредена резерва. Имено, методологијата за нивно пресметување вклучува и предмети кои по својата природа не претставуваат класични судски предмети, туку имаат управен или административен карактер (на пример, заверки, работи од судска управа и слично). Вклучувањето на вакви предмети може да доведе до искривување на реалната слика за ефикасноста во однос на суштинското судско постапување, особено во комплексни и спорни предмети. Во однос на ажурноста, зголемувањето на бројот на судови оценети како ажурни во 2024 година претставува позитивен сигнал, но веќе во 2025 забележуваме обратен тренд. Генерално, предизвиците во ефикасноста и понатаму во значителна мера произлегуваат од недоволните човечки ресурси, особено во судската и јавно-обвинителската служба, како и од ограниченото користење на современи информатички технологии и алатки за управување со предмети. | | | |

### *Мерка 1.4.1*

***Реорганизација и оптимизација на судската и јавнообвинителската мрежа***

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Изготвена анализа на судска и ЈО мрежа | / | Не е изготвена анализа | Изготвена анализа на судска мрежа |
| Донесен план за реорганизација | / | Не е донесен план | Не е донесен план |
| Донесени законски измени | / | Не се донесени законски измени | Не се донесени законски измени |
| Ревидирана мрежа на судови и јавни обвинителства | / | Не е извршена ревизија на судската и ЈО мрежата | Не е извршена ревизија на судската и ЈО мрежата |
| **Оцена на спроведувањето на мерката:** | | | |

[41] Извор: Судски совет на РСМ. Годишен извештај за работата на судовите 2023.
[42] Извор: Перили табела од Судски совет за 2024

| |
|---|
| Спроведувањето на активностите од оваа мерка започна во 2025 со работата на работната група за измени и дополнувања на Законот за судовите како и со изработената Анализа на ефикасноста на судството. Оваа мерка бара внимателен и систематичен пристап. Процесот се наоѓа во рана фаза. |

**1.4.1-1 Ажурирање на анализата на судската мрежа и изработка на анализа на мрежата на ЈО, како и анализа за потребата од воспоставување на посебен Оддел за антикорупција во рамките на Основниот кривичен суд Скопје (Рок: I квартал 2024 - IV квартал 2024) Статус: Спроведено**

Во рамки на процесот за измена и дополнување на Законот за судовите, работната група прибра и обработи податоци кои се однесуваат на ефикасноста на постојната судска мрежа и утврдени одредени потенцијални предлози за нејзина рационализација кои треба да е дополнително анализираат во следниот период. Анализата ги зеде во предвид и наодите од *Извештајот за спроведување на стратегијата за човечки ресурси во судството* како и *Патоказот за спроведување на стратегијата за човечки ресурси во судството* изработени во рамки на проектот ЕУ Поддршка за владеење на правото, кои меѓу другото ја анализираат и постојната судска мрежа и даваат препораки за нејзино унапредување. Она што досега со анализата не е опфатено е анализа на потребата од воспоставување на посебен одделение за антикорупција во рамките на Основниот кривичен суд Скопје. Во однос на јавното обвинителство ваков процес не е започнат сѐ уште.

**1.4.1-2 Изработка на план за реорагнизација на судската и јавно обвинителската мрежа (Рок: I квартал 2025 - II квартал 2025) Статус: Не е спроведено**

Детален план со временска рамка и активности за реорганизација не е изработен.

**1.4.1-3 Изработка на неопходните нацрт измени во Законот за судовите, Законот за јавно обвинителство и процесните закони и консултации со засегнати страни (Рок: I квартал 2025 - I квартал 2026) Статус: Во тек**

Во мај 2025 започна со работа работната група за измени и дополнувања на Законот за судовите која меѓудругото има мандат и да даде предлог за реорганизација на мрежата на судови. Во текот на 2025 работната група спроведе анализа на состојбата и се очекува да даде предлог во првата половина од 2026. Во однос на останатите закони не започнати процесите за реформа.

### *Мерка 1.4.2*
### *Ревидирање на функцијата, улогата и статусот на судиите поротници во судскиот систем*

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Изготвена анализа за судиите поротници | 0 | Изготвена анализа | Изготвена анализа |
| Изменети Закон за судови и процесни закони | 0 | Не се измените законите | Не се измените законите |
| **Оцена на спроведување на мерката:**<br>Во текот на 2025 не се спроведени активности во насока на остварување на оваа мерка. Освен одредени предлози кои се однесуваат на продолжување на траењето на мандатот на судиите поротници и можноста да ја вршат функцијата по 60 години не се предложени други измени. Неопходно е да се заземе став во однос на улогата на судиите поротници во | | | |

| |
|---|
| одделните кривични и граѓански предмети и да се оцени дали нивното присуство е неопходно за правично судење. |

**1.4.2-1 Сеопфатна анализа на функцијата, одговорноста, обврските, статусот и бенефитите од судиите поротници во судскиот систем со посебен фокус на унапредување на ефикасноста на судството (Рок: I квартал 2024 - IV квартал 2024) Статус: Спроведено во претходниот извештаен период**

**1.4.2-2 Измена на Закон за судови и процесни закони врз основа на анализа (Рок: I квартал 2025 - I квартал 2027) Статус: Во тек**

Прашањето за функцијата на судиите поротници во текот на 2025 се разгледуваше единствено во рамки на работната група за измени и дополнувања на Законот за судови и тоа само во однос на можноста да се продолжи вршењето на поротничката функција и по 60 години.

***Мерка 1.4.3***

***Навремено пополнување на судиски и обвинителски позиции од редот на кандидати од АСЈО и во повисоките судови во согласност со законските критериуми***

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Број на избрани судии | 42 | 6 | 68 |
| Број на избрани јавни обвинители | 42 | 8 | 29 |
| Изготвена 5-годишна проекција за потреба од кадар од ССРСМ и СЈОРСМ | 0 | Нема изготвено 5-годишна проекција | Нема изготвено 5-годишна проекција |

| |
|---|
| **Оцена на спроведување на мерката:**<br>Мерката делумно се спроведува. Во текот на 2025 година е забележано значително зголемување на бројот на пополнети судиски и обвинителски места, при што беше извршен избор на судии и јавни обвинители од последната генерација на Академијата за судии и јавни обвинители, што позитивно влијае врз кадровската пополнетост на правосудниот систем. Огласите за избор се објавуваат на редовна основа, меѓутоа огласите за избор во повисоките судови се објавуваат во зависност од одобрените буџетски средства. Дополнително, не е изготвена петгодишна проекција за кадровските потреби, што го ограничува стратешкото планирање на човечките ресурси во правосудството. |

**1.4.3-1 Измена на ЗССРСМ и ЗСЈОРСМ заради дефинирање рок за објавување повик оглас за избор на судија и/или јавен обвинител, најмалку шест месеци пред судски или испразнето обвинителско место и завршување на изборната постапка најдоцна до моментот кога ќе се испразни судиското или обвинителското место (Рок: I квартал 2024 - II квартал 2026) – Статус: Во тек**

Во членот 50 став 1 од донесениот Закон за судскиот совет на РСМ се предвиде обврска за објавување на оглас шест месеци пред упразнувањето на судиското место или по утврдена потреба на судиско место. Од друга страна пак членот 46 став 1 од предлогот на Закон за Совет на јавни обвинители не предвиде ваков член и наместо тоа се предлага одлуката за објавување на оглас да се објави веднаш, а не подоцна од 7 дена од упразнувањето на местото или по утврдувањето на потреба од ЈО место. Во Предлог Законот за јавно обвинителство променет е рокот односно предвидено е Советот на јавни обвинители да ја извести Владата на Република Северна Македонија за истекот

на мандатот на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија најдоцна во рок од шест месеци пред истекот на истиот, односно во рок од 8 дена од упразнување на местото.

**1.4.3-2 Спроведување планирање проекција за 5 години за потребата од кадар и анализа за пополнување на слободни работни места во судовите и во јавните обвинителства. (Рок: I квартал 2024 – IV квартал 2027) – Статус: Не е спроведена**

Проекција за период од 5 години не е донесена од страна на Судскиот совет ниту од Советот на јавни обвинители.

**1.4.3-3 Огласите за избор на судии/обвинители во законски определен рок да се објавуваат на редовна основа согласно проекциите за слободни места од Судскиот совет/Советот на јавни обвинители и слободните места за судии/обвинители да се пополнуваат навремено (Рок: Континуирано) – Статус: Континуирана активност**

Огласите се објавуваат, меѓутоа во согласност со финансиските можности и расположливоста од кандидати (АСЈО и спроведен процес на оценување за повисоки судови). Во текот на 2025 од страна на Судскиот совет беа објавени следниве огласи: Оглас за избор на 1 (еден) судија на Основен суд Струга (05.06.2025); Оглас за избор на шест судии на Апелационен суд Штип и три судии на Виш Управен суд (10.04.2025); Оглас за избор на 35 судии на основни судови од АСЈО (13.03.2025); и Оглас за избор на 50 судии на основни судови од АСЈО (10.02.2025). Советот на јавни обвинители ги објави следниве огласи: Оглас за избор на 50 јавни обвинители во основните јавни обвинителства, од кои два во ОЈОГОК (06.02.2025); Оглас за избор на 19 јавни обвинители во основните јавни обвинителства (18.03.2025); Оглас за избор на 2 јавни обвинители на основни јавни обвинителства (25.11.2025).

### *Мерка 1.4.4*

***Усвојување на нова методологија за судска статистика според стандардите на CEPEJ, унапредување на системот на судска статистика и воспоставување униформни извештаи за работата на судовите според индикаторите утврдени во EU Justice Scoreboard***

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Воспоставен функционален статистички систем | / | Отсуство на унифицирана судска статистика (2024) | Отсуство на унифицирана судска статистика (2025) |
| Унифициран извештај во нов формат имплементиран во АКМИС | / | Не постои унифициран извештај (2024) | Не постои унифициран извештај (2025) |
| **Оцена на спроведување на мерката:** Во текот на 2025 беа спроведени некои иницијални активности за реализација на оваа мерка која сè уште се наоѓа во рана фаза. | | | |

**1.4.4-1 1.Анализа на потребата за подобрување и надградба на софтверот за судска статистика 2.Имплементација на системот 3.Подготовка на анализи и генерирање извештаи согласно со индикаторите од Методологијата за судска**

**статистика 4.Изработка на нов формат на извештај Инкорпорирање во техничката спецификација на АКМИС системот (Рок: I квартал 2024 - IV квартал 2027)** **Статус: Во тек**

Во текот на 2025 беше остварена комуникација со CEPEJ и беше договорена поддршка за изготвувањето на Методологија за судска статистика, согласно стандардите на CEPEJ. Во тек е утврдување на термини за заеднички состаноци за реализирање на наведената активност.

### *Мерка 1.4.5*

***Континуирана примена на матрицата за следење на перформансите во судството и јавното обвинителство и мерења во судовите и јавните обвинителства на секои 2 години***

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Годишни извештаи со оцена на перформансите на судството и јавното обвинителство | 0 | Не е изготвен годишен извештај за 2024 | Не е изготвен годишен извештај за 2025 |
| Пет документи со препораки | 0 | 0 | 0 |
| **Оцена на спроведување на мерката:**<br>Не се спроведени активности за остварување на оваа мерка | | | |

**1.4.5-1 Координативни состаноци со чинителите (Континурана активност) -** Статус: **Не е спроведена**

**1.4.5-2 Собирање на унифицирани податоци од институциите (Континурана активност) - Статус: Не е спроведена**

**1.4.5-3 Подготовка на Извештај од ГО (Континурана активност) - Статус: Не е спроведена**

**1.4.5-4. Креирање на 5 документи за политики за секој од столбовите кои се оценуваат (независност, непристрасност, квалитет на правда, транспарентност/отвореност и едукација) (Континурана активност) - Статус: Не е спроведена**

### *Мерка 1.4.6*

***Прибирање, обработка и анализа на статистичките податоци за работењето на судовите и јавните обвинителства во ССРСМ и СЈОРСМ***

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Усвоена методологија | / | Не е изготвена методологија | Не е изготвена методологија |
| Објавени годишни/ квартални извештаи со податоци | / | Не се објавени годишни извештаи по | Не се објавени годишни извештаи по |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | нова методологија | нова методологија |
| Оцена на спроведување на мерката:<br>Не се спроведени активности за остварување на оваа мерка<br>***Забелешка: Кон спроведување на оваа мерка треба да се пристапи откако ќе биде реализирана Мерката 1.4.4.*** | | | |

**1.4.6-1 Усвојување методологија со поверодостојни и попрецизни статистички податоци, во согласност со препораките и методологијата на СЕПЕЈ (Рок: I квартал 2024 - IV квартал 2024), Статус: Не е спроведено**

**1.4.6-2 Објавување на извештаи на веб страниците на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители (Рок: I квартал 2025 - IV квартал 2025, 2026 и 2027), Статус: Не е спроведено**

### *Мерка 1.4.7*

***Подобрување на статусот на судската и обвинителската служба и персоналот на ССРСМ и СЈОРСМ***

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Измени и дополнувања на Законот за судска служба | / | Нема измени во ЗСС | Нема измени во ЗСС |
| Измени и дополнувања на Законот за ЈО служба | / | Нема измени во ЗЈОС | Нема измени во ЗЈОС |
| **Оцена на спроведување на мерката:**<br>Застојот во донесувањето на законите со кои се уредува судската и јавно-обвинителската служба влијае негативно на остварувањето на оваа мерка. Предложените законски текстови предвидуваат унапредување на статусот на овие служби меѓутоа тие не се донесени. | | | |

**1.4.7-1 Измена на законите со кои се уредуваа судската служба и јавно обвинителската служба како и ЗССРСМ и ЗСЈОРСМ (Рок: I квартал 2024- IV квартал 2027) –** Статус: Во тек

Министерството за правда изработи и предложи изменети законски решенија со кои се уредуваа судската и јавнообвинителската служба. Сепак, поради негативни мислење од Министерството за финансии процесите се во застој.

### *Мерка 1.4.8*

***Создавање ефективен систем за исплата на досуден паричен надоместок за долго траење на постапките, утврдени од ЕСЧП и Врховниот суд на РСМ во зависност од тоа дали причината за траењето е постапувањето на државен орган или на судовите.***

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Воспоставен систем за компензација на досудениот правичен надоместок од органите-судовите кои сториле повреда на судењето во разумен рок | 0 (2023) | Не е воспоставен систем | Не е воспоставен систем |
| **Оцена на спроведувањето на оваа мерка:**<br>Оваа мерка ќе се реализира во рамки на тековниот процес за измена и дополнување на Законот за судовите | | | |

**1.4.8-1 Измена на Законот за судовите доколку повредата за разумен рок е сторена од државен орган да се наплати од буџетот на тој државен орган, а ако судот стори повреда на судење во разумен рок да се наплати од судскиот буџет (Рок: I квартал 2024 - IV квартал 2027)** **– Статус: Во тек**

## Посебна цел 1.5: Зголемување на транспарентноста во работењето на ССРСМ, СЈОРСМ, судовите и јавните обвинителства

| Показател на ниво на исход | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| % од вкупниот број донесени пресуди кои се јавно достапни на судскиот портал[43] | *Нема податоци* | *Нема податоци* | *Нема податоци* |
| Записниците од одржаните седници на ССРСМ редовно и навремено се објавуваат | Да | Да | Да |
| Записниците од одржаните седници на СЈОРСМ редовно и навремено се објавуваат | Не | Да | Да |
| **Оцена на остварување на посебна цел:**<br>Показателите укажуваат на подобрување на транспарентноста во работењето на правосудните органи. Речиси сите акти кои ги донесуваат ССРСМ и СЈОРСМ се редовно објавуваат и се јавно достапни на нивните веб страници. Пресудите јавно се објавуваат со одредено задоцнување заради неопходноста од нивна анонимизација за што судовите не секогаш располагаат со доволните човечки ресурси. | | | |

### *Мерка 1.5.1*

***Редовно објавување на првостепените, сè уште неправосилни судски пресуди, на веб-страницата на судот како и доследно и објавување на сите пресуди кои согласно закон треба да бидат јавно достапни.***

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Објавени првостепени пресуди | 812174 | 837893 | 864639 |
| Донесени законски измени во законот за движење на предметите со кои се воспоставува задолжително објавување и на неправосилни пресуди | 0 (2023) | Не се донесени законски измени | Не се донесени законски измени |
| **Оцена на спроведена мерка:**<br>Активностите планирани за реализација на оваа мерка не се спроведени. Во моментот останува како правен авторитет Начелниот став на Општата седница на Врховниот суд од 22.12.2022 според кој Судовите, донесените одлуки (пресуди и решенија) кои не се правосилни и кои се однесуваат на предмети од јавен интерес да ги објавуваат на веб страницата на судот. | | | |

[43] За да се пресмета вредноста на овој индикатор потребен е податок за бројот на донесени пресуди кои согласно закон се објавуваат, нешто што во моментот не го овозможува системот за автоматизирано управување со предметите. Сепак, се препорачува овој индикатор да остане затоа што ако се обезбедат неопходните податоци ќе даде јасна слика за уделот на објавените во вкупно донесените пресуди.

**1.5.1-1 Измена на Законот за управување со движењето на предметите во судовите (Рок: I квартал 2024 – I квартал 2025) – Статус: Не е спроведено**

Оваа активност не беше спроведена во текот на 2024 заради тековно постапување на Уставниот суд по поведена иницијатива за оценка на уставност на член 99 став 5 од Законот за судовите според кој само правосилни пресуди се објавуваат на веб страницата на Судот. Во мај 2025 Уставниот суд ја отфрли иницијативата. Во образложението оценил дека ограничувањето на објавување само на правосилни одлуки е уставно. Клучните аргументи биле прво дека член 102 од Уставот се задоволува со тоа што јавноста може да присуствува на рочишта и на изрекувањето на пресудата, што претставува „директен пристап до начинот на работа на судовите, второ дека објавувањето на неправосилни одлуки може да влијае на повисоките судови и на пошироката јавност; и трето, особено значајно, во кривичните постапки тоа би претставувало директна повреда на презумпцијата на невиност од член 13 од Уставот.[44]

Имајќи ја предвид поставеноста на Уставниот суд и значењето на неговите одлуки, Министерството за правда нема да поднесе измени на законот, бидејќи Уставниот суд во својата одлука потврдил дека не треба да се објавуваат сите одлуки донесени во судовите, туку само правосилните одлуки. Исто така, Врховниот суд во начелен став, овозможил по исклучок судовите да објавуваат и неправосилните одлуки, доколку за тоа има зголемен јавен интерес.

Сепак, истата година, на 24.12.25 Уставниот суд отвори постапка (У.бр.5/2025) за оценка на член 9 од Законот за движење на предмети. Употребената аргументација се разликува од претходно наведениот предмет. Уставниот суд смета дека ограничувањето на објавување само на правосилни одлуки е „несразмерно и ја обесмислува уставната гаранција". Судот воведува неколку нови аргументи кои во 2023 воопшто не биле разгледувани. Најпрво, толкувањето на член 102 се проширува, Судот вели дека јавноста „не може да се сфати само како формален чин на читање пресуда", туку како суштински пристап до текот на постапката и образложението. Понатаму, Судот ја вклучува дигиталната трансформација како аргумент за „поширока и подинамична интерпретација" на начелото на јавност. Исто така, наводите за повреда на слободата на информирање од член 16, кои во 2023 беа оценети како неосновани, сега се оценуваат како основани, со образложение дека и неправосилните одлуки имаат јавен карактер бидејќи се донесуваат во името на граѓаните.

**1.5.1-2 Создавање технички предуслови за доследна примена на Законот вклучувајќи надградба на судскиот портал (Рок: I квартал 2025 - II квартал 2025) – Статус: Спроведено**

Сегашните технички можности овозможуваат непречено објавување и на неправосилни одлуки на веб страниците на судовите.

**1.5.1-3 Следење на остварувањето на обврската за објавување на судските одлуки (Рок: III квартал 2025 - IV квартал 2027) – Статус: Не е спроведено**

Поврзано со неопходни претходни законски измени како и со надградба на посотјниот систем.

[44] Уставен суд на Република Северна Македонија,

### *Мерка 1.5.2*

***Понатамошно зајакнување на транспарентноста на ССРСМ и СЈОРСМ преку објавување на сите извештаи за активности и образложени одлуки за именување, унапредување, разрешување и напредок во кариерата на судиите и обвинителите, директно пренесување на седниците како и редовното информирање на медиумите.***

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Седниците на Советите директно се пренесуваат | ССРСМ - ДА<br>СЈОРСМ - НЕ | ССРСМ - ДА<br>СЈОРСМ - НЕ | ССРСМ - ДА<br>СЈОРСМ - НЕ |
| Сите релевантни записници, одлуки, извештаи и други документи се објавени на веб страниците на ССРСМ И СЈОРСМ | ССРСМ - ДА<br>СЈОРСМ - НЕ | ССРСМ - ДА<br>СЈОРСМ – ДА | ССРСМ - ДА<br>СЈОРСМ – ДА |
| **Оцена на спроведена мерка:**<br>Мерката е делумно до значително спроведена, со видлив напредок во однос на транспарентноста, но со останати предизвици кај Советот на јавни обвинители кои се последица на недоволни финансиски ресурси. Судскиот совет континуирано ги пренесува седниците и редовно објавува записници и одлуки, додека Советот на јавни обвинители во 2024 и 2025 обезбеди објавување на релевантните документи и нова веб-страница, но сè уште не воспостави директен пренос на седниците поради технички и буџетски ограничувања. Организирањето на брифинзи за медиуми не е реализирано во 2025, што укажува на простор за понатамошно унапредување на проактивната комуникација со јавноста. | | | |

**1.5.2-1 Унапредување на алатките за пребарување на одлуките на Судски Совет и Совет на јавни обвинители (I квартал 2024 – IV квартал 2024) – Статус: Спроведено во претходниот извештаен период**

**1.5.2-2 Организирање брифинзи за медиуми, стручна и научна јавност (Континуирана активност) – Статус: Не е спроведено**

Во текот на 2025 не беа организирани брифинзи од страна на ССРСМ и СЈОРСМ. Комуникацијата со јавноста се одвиваше преку давање на изјави од страна на претседателите на телата и одговарање на прашања на новинари пред или по одржана седница. По седниците телата објавуваа соопштенија на своите веб страници.

**1.5.2-3 Унапредување на веб страниците на ССРСМ и СЈОРСМ (Континуирана активност) – Статус: Во тек**

Веб страницата на Судскиот совет постојано се ажурира со записници и одлуки кои ги носи телото. Во рамки на активностите за зголемување на транспарентноста Советот на ЈО, изработи нова подостапна веб страница.

**1.5.2-4 Објавување на одлуките за именување, унапредување и разрешување (Континуирана активност) – Статус: Континуирана активност**

Судскиот совет и Советот на ЈО редовно ги објавуваат одлуките за именување, унапредување и разрешување во согласност со закон.

**1.5.2-5 Директно пренесување на седниците на Советите на кои се донесуваат одлуки за избор и напредување во кариерата согласно законската регулатива (Континуирана активност) – Статус: Спроведено за ССРСМ, Во тек за СЈОРСМ**

Седниците на Судскиот совет се редовно пренесуваат на youtube каналот на институцијата. Седниците на СЈО не се директно пренесуваат меѓутоа во 2025 се дозволи снимање на седниците од страна на новинарските екипи. Советот на јавни обвинители се уште не располага со неопходните технички средства за пренесување на седниците од причини што не е одобрен буџет на телото за таа намена.

### *Мерка 1.5.3*

***Зајакнување на вештините за комуникација и односи со јавноста и на судиите, обвинителите, како и членовите на ССРСМ и СЈОРСМ***

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Број на обуки за судии и јавни обвинители за комуникациски вештини и односи со јавност | 1 (2023) | 1 (2024) | 14 (2025) |
| Изработени упатства за комуникација и односи со јавност | 0 (2023) | 1 (2024) | 1 (2025) |

**Оцена за спроведување на мерката:**
Мерката во 2025 година бележи значителен напредок и може да се оцени како во голема мера спроведена. Бројот на обуки е зголемен што укажува на систематско јакнење на комуникациските капацитети. Упатствата за комуникација се веќе изработени, а донесена е и Стратегија за комуникација и транспарентност 2025–2028 на Советот на јавни обвинители, со воспоставено тело за следење на нејзината имплементација. Сепак, во делот на практичната примена преку брифинзи, активностите се ограничени и главно концентрирани во одредени институции. Неопходно е организирање на повеќе и почести брифинзи и од страна на другите јавни обвинителства и судови, со цел унапредување на транспарентноста и воспоставување конзистентна практика на проактивна комуникација со јавноста на ниво на целиот правосуден систем.

**1.5.1-3 Спроведување обуки за комуникација и односи со јавност (Континуирана активност) – Статус: Спроведена**

АСЈО организираше 14 обуки на оваа тема и тоа: Односи со јавност: Подготовка за јавен настап (давање на изјава пред камери) - (2 обуки) 14.3.2025 и 2.4.2025; Управување со кризни комуникации 7.4.2025; Јавност на главната расправа со учество на медиуми 15.4.2025; Поим за односи со јавност и важноста на комуникацијата со јавноста 1.7.2025; Обука за новоизбрани судии – граѓанско право 15-19.9.2025; Обука за новоизбрани судии – казнено право 15-19.9.2025; Обука за новоизбрани јавни обвинители – казнено право 22-26.9.2025; Ефикасно јавно говорење - изјава пред камери (практични примери) 3.10.2025; Правен совет, правна помош и комуникација со странки 16.10.2025; Зајакнување на комуникациските вештини и вештините за односи со јавноста - (3 обуки) 21.10.2025, 29.10.2025 и 23.12.2025; и Судот и медиумите, кризна комуникација и современи предизвици во односите со јавност 11.11.2025. На обуките присуствувале вкупно 327 учесници од кои 194 судии, 83 јавни обвинители, 40 службеници и 10 претставници од други институции.

**1.5.3-2 Изработка на упатства за комуникација и односи со јавност (I квартал 2024 - IV квартал 2024) – Статус: Спроведено во претходен извештаен период**

Финансирано од Европска Унија

**1.5.3-3 Изработка на Стратегија за комуникација за Јавното обвинителство на РСМ и СЈОРСМ (I квартал 2024 - IV квартал 2025)** – **Статус: Спроведено за СЈОРСМ, во тек за ЈОРСМ**

Советот за јавни обвинители со поддршка од проектот Поддршка на ЕУ за владеење на правото изработи и донесе Стратегија за комуникација и транспарентност 2025 – 2028 во ноември 2025. Дополнително, воспостави работно тело за следење на спроведувањето на Стратегијата. Сличен процес се спроведува и во рамки на Јавното обвинителство на РСМ кој што е во напредна фаза и се очекува да биде и формално усвоена во првата половина од 2026.

**1.5.3-4 Организирање брифинзи за медиуми, стручна и научна јавност од страна на судовите и јавните обвинителства (Континуирана активност)** – **Статус: Континуирана активност**

Во рамки на јавното обвинителство беа организирани три брифинзи за новинари од кои два беа организирани од ОЈОГОКК на 10.06.2025 и 03.11.2025 додека на 12.11.2025 се одржа заеднички брифинг на Јавното обвинителство на РСМ и Основниот кривичен суд Скопје, а кој се однесуваше за започнувањето со судењето во случајот „Пулс“.

## Посебна цел 1.6: Понатамошно зголемување на примената на дигитални алатки од страна на правосудните институции и е-правда

| Показател на ниво на исход | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Воспоставена целосна интероперабилност во однос на размената на информации и документи помеѓу правосудните институции | Не е воспоставена интероперабилност | Не е воспоставена интероперабилност | Преземени се чекори за воспоставување на интероперабилност во делот на управното судство |
| Вкупен број на електронски поднесоци (барања, тужби, жалби, обвиненија и други поднесоци) доставени со користење на ИТ алатки до судовите | 0 | 0 | *Нема податок* |
| % од вкупниот број пресуди кои се доставени до странките по електронски пат | *Нема податок* | *Нема податок* | *Нема податок* |
| Постоење на централизиран систем за ИТ поддршка на правосудните институции | Не | Не | Не |
| **Оцена на спроведување на посебна цел:**<br>Спроведувањето на оваа посебна цел е ограничено и се наоѓа во рана фаза. Иако се преземени одредени почетни чекори, особено во делот на развој на ИТ системи во јавното обвинителство и Државното правобранителство (во рамки на програмата ИПА 3 поддржана од ЕУ), како и активности за интероперабилност и обуки за сајбер безбедност, најголем дел од планираните мерки сè уште не се реализирани. Клучните системски реформи, како надградба на судскиот систем за управување со предмети, | | | |

| |
|---|
| воспоставување на целосна интероперабилност, донесување ИКТ стратегија и развој на платформи за онлајн рочишта, не се спроведени. Во тој контекст, неопходно е значително подобрување на координацијата и стратешкото планирање на процесот на дигитализација, како и обезбедување на соодветни финансиски ресурси за да се овозможи поефикасна и системска дигитална трансформација на правосудството. |

### *Мерка 1.6.1*

***Регулирање на софтверското решение за управување со движење на предметите во судовите со цел да се овозможи следење на судиските дејствија и продуктивноста, да се зајакне прилагодливоста за користење, да се воспостават лесно пребарливи бази со податоци со судски одлуки за да се зајакне воедначеноста на судската пракса да може да се користи за оценка на работата на судиите како и за воспоставување ефективен систем за двонасочна размена на документи (е-достава)***

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Изработена техничка спецификација за надградба или изработка на нов информациски систем за автоматско управување со судски предмети | / | Не е изработена техничка спецификација | Не е изработена техничка спецификација |
| Надграден или нов информациски систем за автоматско управување со судски предмети со кој ќе се овозможи следење на судиските дејствија и продуктивна, би се олеснило пребарувањето податоци и би се воспоставил ефективен систем за двонасочна размена на документи (е-достава) | / | Не е надграден или обезбеден нов систем | Не е надграден или обезбеден нов систем |
| **Оцена на спроведување на мерка:** Оваа мерка не е спроведена ниту пак се преземени напори за нејзино спроведување. Спроведувањето на оваа мерка бара сериозни финансиски ресурси и стратешки пристап при планирањето. | | | |

**1.6.1-1 Изработка на техничка спецификација и оптимизација на внатрешните процеси (Рок: I квартал 2024 - II квартал 2024) – Статус: Не е спроведено**

Посебна работна група во рамки на Советот за ИКТ во правосудството изработи проценка на потребите од надградба на системот за управување со предмети во рамки на судовите кој може да служи како почетна основа за изработка на детална техничка спецификација. Сепак заради отсуство на соодветни финансиски ресурси оваа активност не е спроведена.

**1.6.1-2 Спроведување на соодветни законски процедури за избор на ИТ компании (Рок: III квартал 2024 - IV квартал 2024) – Статус: Не е спроведено**

**1.6.1-3 Софтверска имплементација на апликациите во АКМИС системот (Рок: I квартал 2025 - II квартал 2025) – Статус: Не е спроведено**

**1.6.1-4 Спроведување на обуки за ИТ лицата и за корисниците на системот (Рок: III квартал 2025 - IV квартал 2025) – Статус: Не е спроведено**

**1.6.1-5 Обезбедување на функционалност на системот и кадровска екипираност и следење на примената (Рок: III квартал 2025 - IV квартал 2027) – Статус: Не е спроведено**

### *Мерка 1.6.2*

***Унапредување на процесот на интероперабилност помеѓу органите на правосудниот сектор и другите државни органи***

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Разработен модел за интероперабилност во правосудниот сектор | / | Не е разработен<br><br>Не е изработена техничка спецификација | Процесот е започнат |
| Усвоени потребните законски измени за воспоставување на интероперабилноста во однос на доставата и користењето на електронските документи како доказни средства | / | Не се усвоени неопходните законски измени | Не се усвоени неопходните законски измени |
| **Оцена за спроведување на мерката:**<br>Иако се преземени технички чекори (промена на клиентот за поврзување и адаптација на моделот без дополнителни лиценци), сè уште не е разработен целосен модел за интероперабилност ниту е изработена техничка спецификација. Не се усвоени потребните законски измени, а поврзаноста со другите органи е во рана фаза и бара значителни финансиски средства. Одредени сегменти (нотаријат, адвокатура, извршување, медијација) воопшто не се спроведени, што укажува на структурни и финансиски предизвици во реализацијата. | | | |

**1.6.2-1 Воспоставување на модел за интероперабилноста помеѓу сите чинители во правосудниот сектор вклучувајќи изработка на техничка спецификација, набавка и инсталирање на неопходна техничка опрема (Рок: I квартал 2024 - IV квартал 2024) – Статус: Во тек**

На почетокот на 2025 година е направена темелна промена на „клиентот“ за поврзување помеѓу институциите. Новиот клиент не побарува дополнителни лиценци. Описот на „неопходна техничка опрема“ е променет, со тоа што повеќе не е потребно да се купува дополнителна опрема, доколку институцијата поседува систем за виртуелизација во кој би се инсталирале виртуелни машини и ако институцијата поседува соодветен безбедносен мрежен уред кој ќе овозможи поврзување со НРИ преку VPN врска. Потребно е да се разгледаат различни модуси за поврзувањето и користење на т.н. „снегулка“ клиент кој беше развиван од економскиот оператор и тестиран во одредени институции, а ќе овозможи поврзување на институции кои природно припаѓаат на еден заеднички претставник (на пр., клиент во врховен суд кој ќе овозможува поврзување на сите останати судови). Спроведувањето на оваа мерка може наметнува потреба од надградба на судскиот систем или нов систем за поедноставно реализирање на интероперабилноста, потреба од финансиски средства. Во судството не е централизиран АКМИС системот, поради тоа има потреба од финансиски средства за реализирање на поединечни WEB сервиси кои прибираат податоци од 27 основни судови од РСМ.

**1.6.2-2 Поврзаност со органите на јавната администрација (Рок: I квартал 2025 - II квартал 2025) – Статус: Во тек**

Процесот се наоѓа во рана фаза и наметнува потреба од сериозни инвестиции за негова доследна реализација.

**1.6.2-3 Креирање на модел на интероперабилност во делот на нотаријат, адвокатура, извршување и медијација (по примерот на ПИС – правосуден информационен систем) (Рок: I квартал 2025 - II квартал 2025) – Статус: Не е спроведено**

**1.6.2-4 Ревидирање на законските решенија што се однесуваат на користење на електронски докази (Рок: I квартал 2025 - I квартал 2027) – Статус: Во тек**

Во тековните процеси кои се однесуваат на измена на процесните закони се уредуваат условите за користење на електронски докази и исправи.

### *Мерка 1.6.3*

### *Воспоставување на нов компјутерски систем за автоматско следење и управување со предметите во јавното обвинителство*

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Изработена техничка спецификација за компјутерски систем за автоматско следење и управување со предметите во јавното обвинителство | / | Изработена техничка спецификација | Изработена техничка спецификација |
| Изработен и функционален компјутерски систем за автоматско следење и управување со предметите во јавното обвинителство | / | Не е изработен компјутерски систем за следење и управување со предмети во ЈО | Не е изработен компјутерски систем за следење и управување со предмети во ЈО |
| **Оцена на спроведување на мерката:** Мерката се спроведува согласно планираното. Во текот на 2025 се спроведе постапка за набавка на економски оператор за изработка на системот која треба да се случи во текот на 2026 година. | | | |

**1.6.3-1 1.Анализа на ИТ инфраструктура и компјутерскиот систем во Јавното обвинителство, со утврдување на потребните функционалности на новиот систем и оптимнизација на внатрешните процеси; 2. Израбока на техничка спецификација; 3.Спроведување на соодветни законски процедури; 4. Имплементација на новата ИТ инфраструктура и компјутерски систем" (Рок: I квартал 2024 - III квартал 2027) – Статус: Во тек**

Во 2025 реализирани се неколку активности, анализа на ИТ инфраструктурата, изготвување на техничка спецификација, завршени се тендерските постапки на ЕУ и избрани се фирми за набавка на хардвер и софтвер. Новиот систем за електронско управување со предметите за Јавните обвинителства треба да се финансира преку ИПА 3 програмата (Technical Assistance Project “Enhanced digitalisation of state institutions in the judiciary and anti-corruption areas”), но целата постапка за имплементација на новата ИТ инфраструктура и компјутерски систем зависи од обезбедување на средства за

национално кофинансирање во вкупен износ од околу 1 милион евра во Буџетот на РСМ.

### Мерка 1.6.4

***Воспоставување на автоматизиран систем за регистрација и управување со текот на предметите во Државното правобранителство***

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Изработена техничка спецификација за автоматизиран систем за движење на предмети | / | Изработена техничка спецификација | Изработена техничка спецификација |
| Изработен и функционален автоматизиран систем за движење на предмети | / | Не е изработен системот | Не е изработен системот |
| Оцена на спроведување на мерката:<br>Мерката се спроведува согласно планираното. Во текот на 2025 се спроведе постапка за набавка на економски оператор за изработка на системот која треба да се случи во текот на 2026 година. | | | |

**1.6.4-1 1.Опремување на ДПРСМ со ИТ опрема, 2.Обезбедување ИТ и техничко-помошен кадар, 3.Електронска евиденција, 4. Автоматизиран систем за движењето на предметите во ДПРСМ, 5. Оптимнизација на внатрешните процеси (III квартал 2024 - IV квартал 2027) – Статус: Во тек**

Согласно индикативниот распоред на активности тендерската постапка е завршена, избрани се најповолни понудувачи за изработка на софтвер и за хардвер. Во тек е склучување на договори и од средината на февруари се отпочнува со одржување работилници на кои ќе се дефинираат карактеристиките и спецификите на системот со цел истиот да биде функционален. Во однос на обезбедувањето на ИТ и техничко-помошен кадар, во правилникот за систематизација на работните места предвидено е едно работно место со еден извршител со назив на работно место Соработник за информативен систем за апликативни и хардверски решенија и база на податоци кое место не е пополнето, а предвидено е во годишниот план за вработување за 2026 година. Електронската евиденција би започнала по завршување на горенавените активности и воспоставување и инсталирање на целокупниот системот. Со ова ќе се овозможи воспоставување на автоматизиран систем на движење на предмети со цел преку дигитализација на Државното правобранителство. Внатрешните процеси ќе зависат од усогласување на буџетирањето и вклучување на ИТ набавки во буџетскиот план за 2026 година. Набавката на софтверската и хардверската компонента на системот за управување со предмети се спроведува на IPA III Technical Assistance Project *“Enhanced digitalisation of state institutions in the judiciary and anti-corruption areas”.*

### Мерка 1.6.5

***Обезбедување на потребните технички услови за целосно остварување на обврската за аудио и видео снимање во судовите и јавните обвинителства***

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Обезбедена неопходна опрема во сите судови | / | Обезбедени се потребите | Обезбедени се потребите |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | технички услови за аудио и видео снимање | технички услови за аудио и видео снимање |
| Сите рочишта се снимаат тонски и визуелно-тонски | / | Не | Не |
| Обезбедена неопходна опрема во сите јавни обвинителства | / | Не е обезбедена опрема | Не е обезбедена опрема |
| **Оцена на спроведување на мерката:** Иако во судовите е воспоставен систем за аудио и визуелно снимање (Фемида) и се опремени соодветни судници неговата примена е неконзистентна. Во однос на јавното обвинителство не се одобруваат средства за набавка на овој вид на опрема. | | | |

**1.6.5-1 Набавка на опрема во сите судови и јавни обвинителства (Рок: I квартал 2024 - III квартал 2027)** – **Статус: Во тек**

Планираната набавка на опрема во три јавни обвинителства со проширена надлежност не била реализирана поради недостиг на средства во буџетот на институцијата.

***Мерка 1.6.6***

***Развивање на процедури и политики за сајбер безбедност во за судовите и јавните обвинителства (постапки за безбедност, доверливост, заштита на податоци и сл.)***

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Број на изработени процедури и политики за сајбер безбедност во судови и ЈО | / | *Нема податок* | *Нема податок* |
| Број на учесници на обуки за сајбер безбедност | / | 43 ИТ лица од правосудните институции | 36 ИТ лица од правосудните институции |
| **Оценка на спроведување на мерка:** Во однос на зајакнувањето на капацитетите на правосудните институции се забележува напредок меѓутоа отсуствуваат податоци за постоењето на посебни процедури за сајбер безбедност. | | | |

**1.6.6-1 Изработка на процедури за безбедност, доверливост и заштита на електронските податоци и документи што се разменуваат (Рок: I квартал 2024 - II квартал 2025) – Статус: Во тек**

Според податоците кои се достапни во моментот на изработката на овој извештај изработка на вакви процедури се планирани во рамки на системите кои се развиваат во јавното обвинителство. Во однос на ова прашање во 2025 беа обучени 36 вработени во правосудните институции за основи на мрежна безбедност

***Мерка 1.6.7***

***Донесување на ИКТ стратегија за правосудниот систем 2024 -2028***

| Показател на ниво на резултат | Почетна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Усвоена ИКТ Стратегија за правосудниот систем 2024 – 2028 | / | Не е усвоена | Не е усвоена |
| **Оцена на спроведување на мерката:**<br>Не се спроведени активности за спроведување на оваа мерка | | | |

**1.6.7-1 Формирање на работна група, Изработка на работен текст, Јавна расправа, Усвојување на Стратегијата (Рок: I квартал 2024 - III квартал 2024) – Статус: Не е спроведена**

***Мерка 1.6.8***

***Анализа за потребата од формирање Државен центар за ИТ поддршка на правосудниот систем***

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Изготвена анализа за Формирање функционален Државен центар за ИТ поддршка за правосудството | / | Не е изготвена | Не е изготвена |
| **Оцена на спроведувањето на мерката:**<br>Не се спроведени активности за спроведување на оваа мерка. Сепак треба да се земе во предвид дека рокот за оваа мерка истекува во 2027. | | | |

**1.6.8-1 Анализа за потребата од дизајнирање на форматот, финансирањето и одржливоста во рамки на ИКТ Стратегија во правосудство 2024-2028 (Рок: I квартал 2025 - III квартал 2027) – Статус: Не е спроведено**

***Мерка 1.6.9***

***Воспоставување на платформа за on-line рочишта, складирање аудиовизуелни снимки и пилотирање во посебни постапки.***

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Изработена и функционална платформа за рочишта на далечина | / | Не е изготвена | Не е изготвена |
| **Оцена на спроведувањето на мерката:**<br>Не се спроведени активности за спроведување на оваа мерка. Сепак треба да се земе во предвид дека рокот за оваа мерка истекува во 2027. | | | |

**1.6.9-1 1.Оптимнизација на внатрешните процеси и изработка на техничка спецификација; 2.Софтверска имплементација; 3.Обезбедување на функционалност на платформата" (Рок: III квартал 2025 - III квартал 2027) – Статус: Не е спроведено**

## Посебна цел 1.7: Подобрување на пристапот до правда за граѓаните кои живеат во сиромаштија и маргинализираните групи

| Показател | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Вкупен буџет одобрен за бесплатна правна помош | 5.000.000,00 денари | 5.000.000,00 денари | 3.000.000,00 денари |
| Реализиран буџет за бесплатна правна помош | 3.315,556,00 денари | 3.370,484,00 денари | *Нема податок* |
| Вкупен број на лица кои имале пристап до примарна правна помош на годишно ниво | 5.496 | 5.030 | 5.034 |
| Вкупен број на лица кои побарале секундарна правна помош | 280 | 230 | 339 |
| Вкупен број на лица на кои им била одобрена секундарна правна помош на годишно ниво | 218 | 174 | 258 |

**Оцена на спроведување на посебната цел**

Податоците укажуваат на мешан тренд. Од една страна, постои намалување на одобрениот буџет за бесплатна правна помош во 2025 година (од 5.000.000 на 3.000.000 денари), што претставува значителен негативен сигнал.

Примарната правна помош бележи благ пад во 2024 и стагнација во 2025, што укажува на отсуство на проширување на достапноста. Кај секундарната правна помош, се забележува позитивен тренд во 2025 (зголемен број на барања и одобрени случаи), што може да упатува на подобрена информираност или пристап до системот. Сепак, односот помеѓу побарана и одобрена секундарна правна помош останува релативно константен, што сугерира дека не е значително подобрена пристапноста во смисла на одобрување, туку повеќе е зголемен интересот/побарувачката.

***Мерка 1.7.1***

***Реформа на законодавството кое ја уредува бесплатната правна помош со цел: 1. Усогласување со стандардите за пристап правна помош на Советот на Европа, 2. Усогласување со Директивата на ЕУ за правата на жртвите 2012/29/EU, 3. Уредување на постапка за пристап до вештак за корисници на БПП, 4. Вклучување на постапки пред нотар, извршител и медијатор како постапки за кои може да се одобри бесплатна правна помош и 5. Воспоставување правен основ за работа на националното координативно тело за БПП***

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Донесени измени и дополнување на ЗБПП | 0 | 1 | 1 |
| Број на жртви на кривични дела кои добиле БПП | 0 | 5 | *Нема податок* |

**Опис на спроведување на мерката:**

Во 2025 не се спроведени активности за остварување на оваа мерка.

**1.7.1-1 Изготвување на предлог нацрт за измени и дополнувања на ЗБПП од работна група (Рок: I квартал 2024 - IV квартал 2024) – Статус: Не е спроведено**

Иако барањето за номинации за работната група беше испратено во 2024 овој процес не беше започнат во текот на 2025.

**1.7.1-2 Усвојување на предлог закон од Владата на РСМ (Рок: I квартал 2025 - II квартал 2025) – Статус: Не е спроведено**

**1.7.1-3 Донесување на законот (Рок: II квартал 2025 - III квартал 2025) – Статус: Не е спроведено**

***Мерка 1.7.2***

***Унапредување на инстицуионалната рамка за управување со системот на бесплатна правна помош***

| Показател | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Воспоставена нова институционална рамка за управување со БПП | 0 (2023) | 0 (2024) | 0 (2025) |
| **Опис на спроведување на оваа мерка:**<br>Во текот на 2025 беше изработена анализа на трошоци и користи од воспоставувањето на едно тело за управување со системот за бесплатна правна помош. | | | |

**1.7.2-1 Анализа за потребата од воспоставување на посебено тело кое ќе управува со системот на бесплатна правна помош (Рок: I квартал 2024 - II квартал 2024) - Статус на реализација: Спроведено во претходен извештаен период**

**1.7.2-2 Изработка на план за унапредување на институционалната рамка за управување со системот на БПП врз основа на физибилити студија (Рок: I квартал 2024 - IV квартал 2024) – Статус на реализација: Спроведено**

Со поддршка од Советот на Европа во тек се активности за изработка на детален план за унапредување на институционалната рамка на системот на БПП брз основа на физибилити студијата и другите анализи. Дополнително се работи на анализа на финансиските импликации кои би ги имала таа реформа. Со цел унапредување на институционалната рамка Советот на Европа организираше студиска посета на група од С. Македонија во Холандската Агенција за бесплатна правна помош заради размена на искуства.

**1.7.2-3 Спроведување на неопходните законодавни и институционални мерки за исполнување на препораките (Рок: I квартал 2025 - IV квартал 2025) Статус: Не е спроведено**

***Мерка 1.7.3***

***Операционализирање на одредбата од ЗКП (Одбрана за сиромашни) и нејзина зголемена примена во пракса***

| Показател | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Зголемен број на обвинети кои имаат бранител согласно ЗКП (одбрана за сиромашни) | 0 (2023) | 1 (2024) | Нема податоци |
| **Опис на спроведување на мерката:**<br>Во 2025 се започнати одредени подготвителни активности за остварување на оваа мерка. | | | |

**1.7.3-1 Донесување на упатство за задолжително поучување на обвинетите дека имаат право на бранител во случаите кога немаат доволно средства, а интересите на правдата бараат учество на бранител (Рок: IV квартал 2024 - I квартал 2025) - Статус: Во тек**

Формирана е работна група која треба да изготви нацрт упатство. 2.Во тек е изработка на анализа за примената на член 75 од Законот за кривична постапка со поддршка на проектот „За консолидиран и поефикасен систем за бесплатна правна помош (БПП) во Северна Македонија" кој е дел од заедничката програма на Европската унија и Советот на Европа „Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција“ имплементиран од Програмската канцеларија на Советот на Европа во Скопје.

### *Мерка 1.7.4*

***Воспоставување систем за обука на давателите на правна помош, како и следење и евалуација на квалитетот на дадената примарна и секундарна правна помош***

| Показател | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Број на одржани обуки | 7 | 5 | 5 |
| Број на учесници на обуките | 242 | 188 | 220 |

**Оцена за спроведување на мерката:**
Мерката делумно се спроведува. Во текот на 2025 година се реализирани повеќе обуки за даватели на бесплатна правна помош, при што бројот на учесници е зголемен во однос на претходната година, што придонесува кон зајакнување на професионалните капацитети на адвокатите, судиите и студентите по право. Сепак, клучната активност за изработка на методологија за мониторинг и евалуација на квалитетот на правната помош не е започната, а следењето се врши врз основа на постојните законски одредби без воспоставен систем со јасни индикатори. Поради тоа, и покрај континуитетот во обуките, системскиот пристап кон оценка на квалитетот на правната помош останува недоволно развиен.

**1.7.4-1 Анализа на состојба и изработка на програма за континуирана обука (Рок: I квартал 2024 - II квартал 2024) - Статус: Спроведено во прехтодниот извештаен период**

**1.7.4-2 Изработка на методологија за мониторинг и евалуација на правната помош (Рок: I 2024 - II 2024) - Статус: Не е започнато**

За воспоставување на методологијата за следење и оценка на квалитетот на обезбедената правна неопходно е претходно спроведување на сеопфатна реформа на Законот за бесплатна правна помош па потоа да се пристапи кон изработка на методологија со индикатори и алатки за прибирање на податоци

**1.7.4-3 Спроведување на обуки за вработените лица и давателите на бесплатна правна помош (Рок: III 2024 - II 2027) - Статус: Спроведено**

Во рамките на активностите за зајакнување на капацитетите за примена на системот за бесплатна правна помош од страна на Советот на Европа во текот на 2025 година беа спроведени повеќе обуки наменети за правни професионалци и студенти по право. Вкупно 25 адвокати стекнаа знаења за бесплатната правна помош, со посебен фокус на заштитата на жртвите на трговија со луѓе, на четвртата каскадна обука одржана на 8–9 мај 2025 година. Дополнителна група од 20 адвокати учествуваше на петтата каскадна обука одржана на 12–13 јуни 2025 година. Обуките беа организирани во соработка со акцијата HF III „Зајакнување на борбата против трговијата со луѓе во Северна Македонија“, а ги реализираа пет адвокати од базата на обучени обучувачи.

Во насока на понатамошно зајакнување на капацитетите на правните клиники за обезбедување бесплатна правна помош на најранливите категории граѓани, 13 студенти по право учествуваа на третата каскадна обука на тема „Обезбедување бесплатна правна помош во Северна Македонија“, која се одржа на 10 декември 2025 година во просториите на Правната клиника за кривично право при Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. Дополнително, 16 студенти ги унапредија своите знаења и практични вештини за обезбедување бесплатна правна помош на втората каскадна обука, одржана на 4 април 2025 година во Битола, организирана во соработка со Правната клиника во Битола.

Покрај тоа, 15 судии ги унапредија своите знаења за бесплатната правна помош и пристапот до правда во граѓанските и управните постапки на настан за јакнење на капацитетите одржан на 27 ноември 2025 година во Академијата за судии и јавни обвинители.

**1.7.4-4 Постојан мониторинг и евалуација на давателите на правна помош (Рок: III 2024 - II 2027) - Статус: Континуирана активност**

Следењето се врши согласно одредбите од постојниот ЗБПП меѓутоа отсуствува јасна методологија.

***Мерка 1.7.5***

***Зајакнување на капацитетите на националното координативно тело за бесплатна правна помош***

| Показател на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Број на состаноци на НКТ | 3 | 2 | 2 |
| Број на лица кои биле опфатени со активностите | 191 | 125 | 78 |

**Оценка за спроведување на мерката:**
Мерката делумно се спроведува. Во текот на 2025 година се одржани два состаноци на Националното координативно тело за бесплатна правна помош на кои беа разгледани прашања поврзани со примената на Законот за бесплатна правна помош и потребата од негово сеопфатно унапредување. Сепак, бројот на активности и опфатени лица е намален во однос на претходните години. Дополнително, спроведувањето на заклучоците и препораките на НКТ е недоследно и нецелосно, што укажува на потреба од поактивна координација и поефикасни механизми за следење на нивната имплементација.

**1.7.5-1 Одржување на редовни состаноци и донесување заклучоци и препораки кои се однесуваат на примената на ЗБПП (Рок: I квартал 2024 - IV квартал 2027) – Статус: Спроведено**

Во 2025 беа организирани два состаноци на НКТ на 27 март и 4 декември. На состаноците беше потенцирана потребата од пристапување кон сеопфатни измени на ЗБПП заради унапредување на правната рамка на системот за бесплатна правна помош, а беа дискутирани и други прашања поврзани со примената на Законот за бесплатната правна помош

***Мерка 1.7.6***

***Подигнување на свеста на граѓаните за нивните права и механизми за нивна заштита (заштитни мерки) со посебен фокус на сиромашните граѓани и маргинализираните заедници (правни зајакнување / зајакнување )***

| Показател на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Број на здруженија и правни клиники кои добиле финансиски средства | 0 | 0 | 0 |
| Број на лица кои имале бенефит од активностите | 0 | 0 | 0 |
| **Опис на спроведување на мерката:** Во 2025 не се забележува прогрес за остварување на оваа мерка. | | | |

**1.7.6-1 Редовно објавување јавен повик за поддршка на здруженија и правни клиники и следење на обезбедените средства (Континуирана активност) – Статус: Не е спроведена**

Во 2025 не беше објавен јавен повик за поддршка на здруженија и правни клиники согласно член 11 од ЗБПП.

## Приоритетна област 2: Институции на правосудниот систем

| |
|---|
| Во оваа приоритетна област, Стратегијата предвидува збир на мерки и активности кои се насочени кон зајакнување на капацитетите и одговорноста на посебните институции на правосудниот систем. Тие се соочуваат со различни видови на проблеми кои може да се адресираат единствено со мерки кои се приспособени на потребите на институцијата. Зајакнувањето на човечките, техничките и организациските капацитети на овие институции, вклучувајќи ја и нивната одговорност, е неопходно за остварување на целите во рамки на приоритетната област. |

**Општа цел 2: *Понатамошно зајакнување на капацитетите на клучните институции на правосудниот систем за спроведување правда на транспарентен и отчетен начин***

| Показател на ниво на ефект | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Вкупен одобрен годишен буџет за капитални расходи за судската власт, јавното обвинителство и државното правобранителство | 207,531,000 ден. | 141,023,000. ден. | 85,797,000 ден. |
| Пополнети систематизирани работни места (вклучувајќи и носители на јавни функции) во судската власт, јавното обвинителство и државното правобранителство | 55,33 % | 48.98 % | 47.29 % |
| Постоење функционални и оперативни информатички системи за управување со предмети кои овозможуваат електронска размена на документи во клучните институции на правосудниот систем | Нема | Рана фаза | Рана фаза |
| **Оцена на остварување на општа цел:**<br>Остварувањето на Општата цел 2 може да се оцени како делумно, со нерамномерна динамика на спроведување. Во анализираниот период се забележуваат одредени позитивни исчекори и иницијативи кај поединечни мерки, што укажува на постоење на институционална насока и подготвеност за реформи. Сепак, вкупната стапка на реализација останува релативно ниска, особено кај покомплексните и системски интервенции, кои често се одложуваат или не се реализираат во предвидените рокови.<br><br>Оваа состојба во значителна мера може да се поврзе со ограничените ресурси – како човечки, така и технички и организациски – кои влијаат врз капацитетот за навремено и целосно спроведување на планираните активности. Во исто време, ниското ниво на реализација укажува и на потребата од пореалистично планирање на роковите, земајќи ја предвид сложеноста на реформските процеси и институционалните капацитети.<br><br>Севкупно, може да се заклучи дека се поставени одредени предуслови за напредок, но за поефективно остварување на целта ќе биде неопходен поусогласен пристап кој ќе комбинира зајакнување на ресурсите со пореално и фазно планирање на реформските активности. | | | |

Од вкупно планираните 32 активности, заклучно со крајот на 2025 требаше да бидат спроведени 12 активности. Од нив 4 активности се спроведени целосно, 9 се во тек додека 15 не се спроведени.

***Стапката на реализација во оваа приоритетна област е ниска и изнесува 33.33%.***

***Преглед на статусот на спроведување на активности по посебна цел***

| Посебна цел | Мерки | Вкупно планирани активности | Планирнаи да завршат во 2025 | Спроведени | Во тек | Неспроведени | Континуирани |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.1 Зајакнување на капацитетите на Врховниот суд во обезбедување на единствена на законите од страна на судовите | 2 | 6 | 2 | 1 | 1 | 3 | 1 |
| 2.2 Зајакнување на капацитетите и ефикасноста на јавното обвинителство | 7 | 7 | 1 | 0 | 4 | 3 | 0 |
| 2.3 Зајакнување на улогата на Советот на јавни обвинители | 3 | 4 | 0 | 1 | 1 | 2 | 0 |
| 2.4 Зајакнување на капацитетите на Академијата за судии и јавни обвинители | 3 | 1 | 6 | 0 | 1 | 3 | 2 |
| 2.5 Зголемување на ефикасноста и ефективноста на управното судство | 3 | 7 | 6 | 1 | 1 | 4 | 1 |
| 2.6 Редефинирање на позицијата на Државното правобранителство во заштитата на државниот имот и имотни интереси | 2 | 2 | 2 | 1 | 1 | 0 | 0 |
| **Вкупно:** | **20** | **32** | **12** | **4** | **9** | **15** | **4** |

## Посебна цел 2.1: Зајакнување на капацитетите на Врховниот суд во обезбедување на единствена на законите од страна на судовите

| Показател на ниво на ефект | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност 2025 |
|---|---|---|---|
| Број на утврдени начелни ставови, начелни правни мислења, правни мислења, заклучоци и сентенци годишно | 20[45] | 23[46] | 17[47] |
| Стапка на решени предмети (Clearance rate) | 102.13 %[48] | 101.25%[49] | 98.03%[50] |
| **Оцена на остварување на посебната цел:**<br>Остварувањето на Посебната цел 2.1 покажува ограничен напредок, при што главните предизвици се поврзани со недоволните човечки и технички ресурси и непотполнетоста на судиските места, што директно влијае врз капацитетот на Врховниот суд да обезбеди конзистентна примена на законите. Иако се преземени одредени активности (донесени | | | |

[45] Извор: Извештај на Врховниот суд за 2023.
[46] Три начелни правни мислења, два начелни ставови, четири правни мислења, девет заклучоци и пет сентенци.
[47] Види Мерка 1.2.1.
[48] Извор: Судски совет на РСМ, Годишен извештај за работата на судовите за 2023.
[49] Извор: Перили табела за 2024 г
[50] Извор: Судски совет на РСМ, Годишен извештај за работата на судовите за 2025.

| |
|---|
| програмски документи, зголемен број седници во 2025), трендовите кај дел од показателите укажуваат на потреба од понатамошно зајакнување на институционалните капацитети. Во таа насока, би придонел и поизразен проактивен пристап во идентификување и уедначување на судската практика, особено во услови на ограничени ресурси. |

### *Мерка 2.1.1*

### *Зајакнување на функционалноста на одделението за судска практика за единствена примена на законите и следење на јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови права*

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Број на одржани седници на одделот за судска практика | 1 | 1 | 5 |
| Објавени билтени, збирки на судски одлуки и останати публикации | 0 | 1 | 0 |
| **Оцена на спроведување на мерка:** Спроведувањето на мерката е ограничено и во значителен дел зависи од кадровските капацитети на Врховниот суд. Иако во 2025 година е зголемен бројот на одржани седници на Одделението за судска практика, не се реализирани клучните активности, изработка на анализа на слабостите и кадровско и техничко зајакнување. Недостасуваат инвестиции во човечки и технички капацитети, без кои не може суштински да се зајакне функционалноста на одделот и неговата способност за проактивно следење и воедначување на судската пракса, вклучително и на јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови права. | | | |

**2.1.1-1 Анализа на постојните состојби и слабости во обезбедување на единствена примена на законите (Рок: I квартал 2024 - IV квартал 2024) - Статус: Не е спроведено**

**2.1.1-2 Кадровско и техничко зајакнување на Одделот за судска пракса (Рок: I квартал 2025 - IV квартал 2026) – Статус: Не е спроведено**

Не се реализирани активности за зајакнување на човечките и техничките ресурси на Одделот за судска пракса што има негативно влијание врз капацитетите за проактивно идентификување на правни прашања за кои е неопходно воедначување на судската пракса.

**2.1.1-3 Континуирани активности за следење на судската пракса (Рок:I квартал 2024 - IV квартал 2027) - Статус: Континуирана активност**

Врховниот суд континуирано ја следи судската пракса и по потреба организира средби и донесува соодветни ставови и правни мислења по определени прашања. Во 2025 беше реализирана една работна средба со сите апелациони судови заради разгледување одредени правни прашања.

### *Мерка 2.1.2*

### *Зајакнување на капацитетите на Врховниот суд во разгледување општи работи од примената на законите*

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Донесена програма за планирање на потребите | 0 | Донесен документ | Донесен документ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Изготвување листа на надворешни советници од соодветни области | 0 | Изготвена листа | Изготвена листа |
| % на пополнетост на судиските места во Врховниот суд | 53,6% | 39.3 % | 50% |
| **Оцена за спроведување на мерката:**<br>Мерката е делумно спроведена, со формален напредок, но ограничени суштински ефекти. Донесена е Програмата за планирање на потребите и изготвена е листа на надворешни советници, а нивното вклучување е во тек и се применува во пракса. Сепак, клучниот индикатор, пополнетоста на судиските места, останува проблематичен. И покрај изборот на тројца нови судии во 2025 година, Врховниот суд и понатаму функционира со околу 50% пополнетост. Дополнително, недостигот на кадар во стручната служба дополнително го ограничува институционалниот капацитет за ефикасно разгледување општи прашања и развивање на судската практика. | | | |

**2.1.2-1 Донесување на Програма за планирање на потребите за зајакнување на капацитетите на стручната служба на судот (Рок: I квартал 2024 - IV квартал 2027) – Статус: Спроведена во претходен извештаен период**

**2.1.2-2 Вклучување надворешни советници за одделни области во подготовката на општите седници на Врховниот суд и други општи прашања во врска со развивањето на судската практика (Рок: I квартал 2024 - IV квартал 2027) - Статус: Во тек**

Врховниот суд постојано консултира и повикува надворешни советници за одделни прашања од значење за неговата работа.

**2.1.2-3 Комплетирање на составот на Врховниот суд со кандидати со квалитетни кадри согласно Методологијата за оценување на работата на судиите (Рок: I квартал 2024 - IV квартал 2027) – Статус: Во тек**

Во април 2025 Судскиот совет на РСМ избра тројца нови судии на Врховниот суд меѓутоа и покрај изборот, судот работи со половина од потребните капацитети.

## Посебна цел 2.2: Зајакнување на капацитетите и ефикасноста на јавното обвинителство

| Показател на ниво на ефект | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Процент на обвиненија кои резултирале со осудителни пресуди | 92.4 % | 92.9 % | Нема податок |
| Процент на пополнети јавно обвинителски места | 68.6 % | 68.6 % | 72 % |
| Процент на решени кривични пријави | 61.2 % | 64.5 % | Нема податок |
| *Забелешка: За оцена за спроведување на оваа посебна цел неопходен е увид во Годишниот извештај за работата на јавното обвинителство за 2025 што во моментот на изработка на овој извештај не е јавно достапен.* | | | |

***Мерка 2.2.1***

**Воспоставување критериуми за сложеноста на предметите во Јавното обвинителство**

| Показател на ниво на ефект | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Донесена методологија со критериуми за утврдување на сложеноста на предметите во ЈО | Нема методологија | Нема методологија | Нема методологија |
| **Оцена на спроведување на мерката:**<br>Подолг период во рамки на ЈО се работи на изработка на методологија за утврдување на сложеност на предмети. Заради комплексноста на материјата и потребата од стручна поддршка овој процес се спроведува во рамки на проект поддржан од странски донатор. Процесот е во напредна фаза и се очекува да биде изработена и донесена методологијата. | | | |

**2.2.1-1 Изработка на методологија за утврдување на критериуми за сложеност на предметите (Рок: I квартал 2024 - IV квартал 2024)** – **Статус: Во тек**

Во тек е процес на изработка на методологија за утврдување на критериуми за сложеност на предметите во рамки на јавното обвинителство. Активноста е во рамките на проект со Британска Амбасада, кој во моментов е во напредна фаза на завршно тестирање.

***Мерка 2.2.2***

***Допрецизирање на законската рамка за избор на јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција***

| Показател на ниво на ефект | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Донесени измени и дополнувања на ЗЈО со кои се допрецизира постапката за избор на ЈО во ОЈОГОК | 0 | Не се донесени измените | Не се донесени измените |
| **Оценка на исполнување на мерка:**<br>Ова мерка е на пат да биде исполнета со донесување на Законот за јавното обвинителство, Во предлог текстот е зголемено е потребното искуство од шест на осум години и воведена е задолжителна излезност од половина од сите јавни обвинители за да се сметаат изборите за успешни | | | |

**2.2.2-1 Измени на Законот за јавно обвинителство со воведување цензус или минимален број гласови за избор на јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција и да се обезбеди транспарентен процес на избор врз основа на јасни критериуми и заслуги (Рок: I квартал 2025 - I квартал 2027)** **Статус: Во тек**

Види Мерка 1.1.2 во однос на донесување на нов Закон за јавно обвинителство.

***Мерка 2.2.3***

***Пополнување на бројот на слободни работни места во јавните обвинителства и зголемување на кадарот во јавното обвинителство, согласно законски пропишаните критериуми***

| **Показател на ниво на резултат** | **Основна вредност** | **Вредност во 2024** | **Вредност во 2025** |
|---|---|---|---|
| Број на вработени во јавно обвинителската служба | 373 | 371 | 360 |
| **Оценка на исполнување на мерка:** | | | |

| |
|---|
| Буџетските ограничувања влијаат негативно врз исполнувањето на оваа мерка. Оваа година не се забележува прогрес во однос на спроведување на оваа мерка. |

**2.2.3-1.1 Обезбедување финансиски средства за спроведување постапка за вработување 2.Обуки на вработените во јавнообвинителската служба (Рок: I кваратал 2024 - IV квартал 2026) - Статус: Не е спроведена**

Во 2025 не беа одобрени доволни финансиски средства за вработување на јавно-обвинителски службеници што има негативно влијание врз ефикасното работење на институцијата.

### *Мерка 2.2.4*

### Обезбедување на посебни простории за канцелариите на јавните обвинителства кои моментално се наоѓаат во судските згради

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| % од јавните обвинителства чии простории се физички одвоени од судските згради | 17 | 17 | 17 |
| **Оцена на спроведување на мерка**<br>Во 2025 не се забележува напредок во однос на оваа мерка. | | | |

**2.2.4-1 1.Анализа на постојната состојба и утврдување на потребите за преземање на оваа активност 2.Обезбедување финансиски средства, 3.Изнаоѓање/изградба на простории, 4.Материјално-техничко опремување"** (Рок I квартал 2024 - IV квартал 2027) - **Статус: Не е спроведено**

### *Мерка 2.2.5*

### *Воспоставување интероперабилност на ОЈО со МВР, УФП, УФРМ, ЦУРМ, УЈП, АУОИ, судовите, казнено-поправните установи и адвокатската комора*

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Воспоставена интероперабилност на ОЈО со МВР, УФП, УФРМ, ЦУРМ, УЈП, АУОИ, судовите, казнено-поправните установи и адвокатската комора | Не е воспоставена интероперабилност | Не е воспоставена интероперабилност | Поврзаност со МВР, АВРСМ, Централен Регистар и Агенција за катастар |
| **Оценка за спроведување на оваа мерка:**<br>Постои одреден напредок кој со воспоставувањето на новиот компјутерски систем се очекува да се трансформира во целосна интероперабилност на ЈО со останатите институции на системот. | | | |

**2.2.5-1.1.Анализа на системот, неговите функционалности, ефикасноста и придобивките од користењето, 2. Набавка на опрема за електронско поврзување, 3. Обезбедување средства за одржување на системите, 4.Обуки за користење на системот за интероперабилност. (Рок: III квартал 2024 - IV квартал 2027) - Статус: Во тек**

Во текот на 2025 воспоставена е интерконекција во однос на одредени сервиси со со МВР на РСМ, Централен регистар, АВРСМ и Агенција за катастар. Паралелно се

работи на нов ИТ систем во рамки на јавното обвинителство кој ќе ги зајакне основите за интероперабилност и електронски пристап до докази и други писмена.

### *Мерка 2.2.6*
### *Реорганизација на мрежата на јавните обвинителства*

| **Показател на ниво на резултат** | **Основна вредност** | **Вредност во 2024** | **Вредност во 2025** |
|---|---|---|---|
| Изготвена анализа и законска рамка со ревидирана мрежа на ЈО | / | Не е изготвена анализа | Не е изготвена анализа |
| **Оцена на спроведувањето на мерката:** Оваа мерка ќе се реализира откако ќе се дефинира концептот за реорганизација на судската мрежа. | | | |

**2.2.6-1 1.Изготвување на сеопфатна анализа за структурата на ЈО на територијата на РСМ 2.Подготовка на измени на Закони согласно анализата (Рок: I квартал 2024 - IV квартал 2027) – Статус: Не е спроведена**

### *Мерка 2.2.7*
### *Зајакнување на истражните центри и формирање нови согласно потребите за да ги постигнат своите цели за зголемување на ефикасноста на истрагите и подобрување на координацијата меѓу обвинителите, полицијата и другите релевантни органи*

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Број на функционални истражни центри | 4 | 4 | 6 |
| **Оценка за спроведување на мерка:** Спроведувањето на мерката е во напредна фаза и покажува конкретен институционален напредок. Бројот на функционални истражни центри е зголемен од четири на шест, при што во 2025 година е формиран нов истражен центар во Битола, а донесена е и одлука за формирање центар во Штип, со започната постапка за избор на истражители. Ова претставува позитивен чекор кон територијално проширување и подобрување на оперативните капацитети. Сепак, мерката останува во тек, имајќи предвид дека е потребно дополнително зајакнување преку обезбедување стабилни буџетски средства, кадровско екипирање, техничка опременост и евентуални законски допрецизирања за целосно остварување на целите. | | | |

**2.2.7-1 1.Обезбедување буџетски средства, 2. Вработување и ангажирање на истражители, 3. Техничка опременост, 4. Унапредување на материјалниот статус на истражителите во истражните центри центри и обезбедување соодветните додатоци на плата, 5.Анализа и законски измени во Законот за кривична постапка за допрецизирање на надлежностите на истражителите" (Рок: I квартал 2024- IV квартал 2027) - Статус: Во тек**

Во 2025 формиран е нов истражен центар во Битола (покрај постоечките во Скопје, Тетово, Куманово и ОЈОГОКК). Донесена одлука за формирање на нов истражен центар во Штип, каде во тек е оглас за избор на истражители.

## Посебна цел 2.3: Зајакнување на улогата на Советот на јавни обвинители

| Показател на ниво на исход | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Зголемен % јавни обвинители кои никогаш не почувствувале притисок/обиди за влијание од СЈОРСМ | 87%[51] | Нема податоци | Нема податоци |
| Донесен Правилник за оценување на јавните обвинители од страна на Советот на ЈО на предлог на ЈОРСМ | 0 | 0 | 0 |
| **Оцена за остварување на посебна цел:** Остварувањето на посебната цел 2.3 е ограничено и се наоѓа во рана фаза. Иако се преземени одредени аналитички активности и е започнат процес на законски измени поврзани со статусот и функционирањето на Советот на јавните обвинители, клучните резултати сè уште не се постигнати. Не се донесени измени во законската рамка во делот на оценувањето на јавните обвинители, не е донесен правилник за оценување, а не е воспоставен ниту компјутерски систем за работа на Советот. Дополнително, дел од планираните активности не се започнати поради недостиг на финансиски средства и технички капацитети. Оттука, и покрај одредени иницијативи за унапредување на нормативната рамка, институционалното зајакнување на Советот на јавните обвинители останува ограничено. | | | |

### *Мерка 2.3.1*

***Усогласување на законската рамка во однос на постапките за донесување подзаконски акти за оценување на јавните обвинители и упатувањето на јавните обвинители од едно во друго јавно обвинителство***

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Донесени измени и дополнувања во Законот за јавното обвинителство и Законот за Советот на јавните обвинители во однос на постапката за оценување на јавните обвинители и упатувањето. | 0 | 0 | 0 |
| *Забелешка: Предлозите за новите закони за Јавното обвинителство и Советот на Јавните обвинители не предвидуваат остварување на оваа мерка. Да се утврди дали таа е сè уште релевантна.* | | | |

**2.3.1-1 Анализа на законските и подзаконските акти (Рок: I квартал 2024 - II квартал 2026) - Статус: Спроведено**

Во рамки на работната група за Закон за ЈО и Совет за ЈО беа разгледани и анализирани овие прашања.

***2.3.1-2 Усвојување измени во законската рамка во делот на предлагање и усвојување на Правилникот за оценување на јавните обвинители. Правилникот да го донесува Советот на ЈО на предлог на Јавниот обвинител на РСМ во делот на предлогот за упатување треба да биде даден од Јавниот обвинител до Советот на ЈО, кој ја носи конечната одлука (Рок: I квартал 2025 - I квартал 2027)* – Статус: Не е спроведено**

Согласно предлогот за Закон за јавно обвинителство правилникот за оценување на јавните обвинители останува да го носи Јавниот обвинител на РСМ кој исто така го

[51] ОБСЕ Проценка на ризиците од корупција во правосудството во С. Македонија.

задржува правото времено да упатува јавни обвинители од едно во друго јавно обвинителство.

### *Мерка 2.3.2*

***Обезбедување еднакви правила за сите членови на СЈОРСМ во делот на правилата за повторен избор***

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Донесени измени и дополнувања на член 7 од Законот за јавното обвинителство со кој ќе се изедначат правилата за повторен извор | 0 | 0 | 0 |
| **Оцена на спроведување на мерка**<br>Ако се донесе предлог законот без суштински измени во посочениот член оваа мерка ќе биде целосно реализирана | | | |

**2.3.2-1 Измени на Законот за Совет на јавните обвинители (Рок: I квартал 2024 – IV квартал 2027) - Статус: Во тек**

Со предлог Законот за Советот на јавните обвинители објавен на ЕНЕР во 2025 се адресира ова прашање и сите членови на СЈОРМ имаат право на повторен реизбор по престанокот на мандатот.

### *Мерка 2.3.3*

***Воспоставување компјутерски систем за работење на Советот на јавните обвинители***

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Воспоставен и функционален компјутерски систем за работење на Советот на јавните обвинители | 0 | 0 | 0 |
| **Оцена на спроведување на мерка**<br>Советот не располага со нова опрема и сервиси.<br>Се планира набавка на ИКТ опрема ,услуги и компјутерски сервиси во 2026 година. Проблем е неодобрување на финансиски средства од страна на Министерство за финансии.<br>Неопходни се експерти за анализа и изработка на техничка спецификација. | | | |

**2.3.3-1 1.Анализа на ИТ инфраструктура во Советот на јавните обвинители, 2.Израбока на техничка спецификација, 3.Спроведување на соодветни законски процедури, 4. Имплементација на новата ИТ инфраструктура и компјутерски систем" (Рок: I квартал 2024 - IV квартал 2027) - Статус: Не е спроведено**

## Посебна цел 2.4: Зајакнување на капацитетите на Академијата за судии и јавни обвинители

| Показател на ниво на исход | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Број на учесници во почетна обука | 97 | 97 | 0 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Број на учесници на обуки во рамки на континуираната обука | 3734 | 4610 | 4365 |
| **Оцена за остварување на посебна цел:**<br>Спроведувањето на посебната цел се одвива со умерен напредок. И покрај ограничените човечки, технички и просторни капацитети, Академијата за судии и јавни обвинители континуирано ги извршува своите основни надлежности, организира значителен број обуки во рамки на континуираната обука и презема активности за унапредување на методите на работа и транспарентноста на процесите. Сепак, клучни предизвици остануваат обезбедувањето континуитет во почетната обука без подолги застои, решавањето на проблемот со просторните услови и дополнителното зајакнување на човечките и техничките капацитети. Без системско решавање на овие прашања, можностите за понатамошно институционално јакнење на Академијата ќе останат ограничени. | | | |

***Мерка 2.4.1***

***Подобрување на методите за обука и интензивирање на процесот на следење на резултатите од обуката за кандидатите на Академијата, како и воведување построги критериуми за тестови на знаење и испити***

| **Показател на ниво на резултат** | **Основна вредност** | **Вредност во 2024** | **Вредност во 2025** |
|---|---|---|---|
| Број на остварени студиски посети | 0 | 0 | 0 |
| Снимање на завршни испити | / | Обезбедено снимање | Неприменливо[52] |
| **Оценка на спроведување на мерка**<br>Мерката е ограничено спроведена, со минимален напредок во однос на планираните активности. Иако се продолжени активностите за усогласување на текстот на Меморандумот за учество во *Justice Programme* со Европската комисија, процесот сè уште не е финализиран. Не се обезбедени финансиски средства за учество во програмата ниту се реализирани студиски посети за кандидатите. Активноста за снимање на приемниот и завршниот испит останува континуирана, но во 2025 година немаше завршен испит поради отсуство на активна генерација слушатели на почетна обука, што го ограничува влијанието на мерката врз подобрување на методите за обука. | | | |

**2.4.1-1 1.Потпишување Меморандум за Justice Programme со ЕК (Рок: I квартал 2024 - IV квартал 2027) – Статус: Во тек**

Во 2025 продолжена е комуникација заради договарање на конечниот текст на Меморандумот при што се определени контакт лица од МП и АСЈО меѓутоа процесот не е завршен.

**2.4.1-1 2.Обезбедување на финансиски средства од страна на Владата за едукација на судиите и јавните обвинители преку Justice Програмата (Рок: I квартал 2024 - IV квартал 2027) – Статус: Не е спроведено**

**2.4.1-1 3.Обезбедување услови за студиски престој на кандидатите во судови и јавни обвинителства во држави членки на ЕУ во текот на практичната обука (Рок: I квартал 2024- IV квартал 2027) – Статус: Не е спроведено**

**2.4.1-1 4.Снимање на текот на приемниот и завршниот испит (Рок: I квартал 2024 - IV квартал 2027) - Статус: Континуирана активност**

Во 2025 немаше завршен испит затоа што немаше активна генерација слушатели на почетна обука.

[52] Во 2025 немаше завршен испит затоа што немаше активни слушатели на почетна обука.

### *Мерка 2.4.2*

### *Јавна достапност на резултатите од евалуацијата и самоевалуацијата на обуките од страна на учесниците и спроведување на последователни евалуации*

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Јавно објавени извештаи од спроведена евалуација | / | Објавени извештаи | Објавени извештаи |
| **Оцена за спроведување на мерка**<br>Мерката е во значителна мера спроведена. Академијата редовно спроведува евалуации и самоевалуации на обуките, а резултатите се сумираат и јавно се објавуваат преку годишните извештаи и посебни анализи достапни на веб-страницата на институцијата. | | | |

**2.4.2-1 Периодични евалуации и самоевалуации и објавување на веб – страната на АСЈО (Континуирана активност) – Статус: Континуирана активност**

Академијата го има објавено годишниот извештај за 2025 година, во кој се гледаат сумираните податоци од евалуациите. Воедно, согласно член 18 став 1, алинеја 15 од Статутот на Академијата директорот на Академијата двапати годишно го известува УО за начинот и за реализацијата на обуките и ангажираните предавачи и квалитетот на наставата, а седниците на Управниот одбор се јавни и записниците од седниците се објавуваат на веб страницата на Академијата. Во текот на 2025 година, директорот на Академијата, по истекот на секое шестмесечје го известуваше Управниот одбор во однос на реализацијата на обуките и ангажираните предавачи како и квалитетот на наставата. Академијата спроведе 2 анкети со цел добивање повратна информација за функционирањето на Академијата - Анкета за вработените во Академијата и Анкета за целните групи на Академијата. Добиените резултати од Анкетата за целните групи се сумирани во документ „Анализа за мерење на задоволството на корисниците на услугите на АСЈО“ објавен на веб страната и linkedin профилот на Академијата.

### *Мерка 2.4.3*

### *Подобрување на функционирањето на новата веб-страница - „E-case“ и „Cross-referencing“*

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Унапреден и функционален систем на „E-case“ и „Вкрстено поврзување“ | / | Не е унапреден системот | Не е унапреден системот |
| **Оцена за остварување на оваа цел:**<br>Не постојат во моментот технички предуслови за остварување на оваа мерка. | | | |

**2.4.3-1 Унапредување на „E-case“ и „Вкрстено поврзување“ (Рок: I квартал 2024 - IV квартал 2025) – Статус: Не е спроведено**

АСЈО нема техничка можност на web страницата, ниту човечки ресурси да ја спроведе оваа активност.

## Посебна цел 2.5: Зголемување на ефикасноста и ефективноста на управното судство

| Показател на ниво на исход | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Просечна стапка на решени предмети *(clearance rate)* на Управниот суд (УС) и Вишиот управен суд (ВУС) | 110.94% (УС) 81.11% (ВУС) | 110.57% (УС) 84.61% (ВУС) | 83.04 % (УС) 84,00% (ВУС) |
| Просечно време за решавање на предметите *(disposition time)* во денови на Управниот суд (УС) и Вишиот управен суд (ВУС) | 206.76 (УС) 171.37 (ВУС) | 189.17 (УС) 245.44 (ВУС) | 279.28 (УС) 325.46 (ВУС) |
| **Оцена на остварување на посебна цел**<br>Остварувањето на посебната цел може да се оцени како делумно и нерамномерно. Забележлив е позитивен напредок во делот на дигитализацијата, особено со воспоставувањето на систем за електронска комуникација и поврзувањето на повеќе институции со Управниот суд, што претставува значајна основа за понатамошно унапредување. Сепак, овие чекори сè уште не се целосно рефлектирани во клучните показатели за ефикасност. Во 2025 година се забележуваат одредени предизвици во однос на стапката на решавање предмети и времетраењето на постапките, што укажува дека ефектите од реформите допрва треба да се материјализираат. Воедно, дел од планираните системски мерки, особено оние поврзани со законските измени и следењето на извршувањето на судските одлуки, сè уште не се реализирани, што дополнително влијае врз севкупната динамика на реформата. Севкупно, може да се заклучи дека се поставени одредени важни предуслови, но за постигнување на целосните ефекти ќе биде потребен поконзистентен и проактивен пристап во наредниот период. | | | |

### *Мерка 2.5.1*

### *Поврзување на државните органи со Управниот суд во процесот на дигитализација и интероперабилност со Вишиот управен суд / Врховниот суд*

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Воспоставен и оперативен систем за електронска достава и комуникација на управните судови со органите на управа | / | Не е воспоставен | Воспоставен систем |
| Број на институции кои се дигитално поврзани со Управниот суд | 0 | 0 | 16 |
| **Оцена на остварување на мерка:**<br>Во текот на 2025 беа преземени активности за остварување на оваа мерка. | | | |

**2.5.1-1 Утврдување методологија за преземање и користење податоци (Рок: I квартал 2024 - IV квартал 2025) - Статус: Спроведено**

Во текот на 2025 беше воспоставена ЕПУС софтверската платформа која овозможува дигитално поврзување на Управниот суд со јавните и правосудните органи и прием и достава на поднесоци и списи по електронски пат.

**2.5.1-2 Поврзување на ИТ системите во правосудството со ИТ системите во државната управа (Рок: I квартал 2024 - IV квартал 2025) - Статус: Во тек**

Управниот суд има склучено 16 Меморандуми за соработка со јавни и правосудни органи. Процесот ќе продолжи и следниот извештаен период.

### *Мерка 2.5.2*

***Интегрирање на управното судство во редовното судство и редефинирање на управниот спор и усогласување на Законот за управните спорови со измените што треба да се воведат врз основа на Извештаите на СИГМА***

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Донесени измени и дополнувања на Законот за управните спорови | 0 | 0 | 0 |
| **Оцена на спроведувањето на оваа мерка:**<br>Не се преземени активности за остварување на оваа мерка. | | | |

**2.5.2-1 Изготвување на предлог текст од работна група (Рок: I квартал 2024 - IV квартал 2024) Статус: Не е спроведено**

**2.5.2-2 Усвојување на предлог закон од Владата на РСМ (Рок: I квартал 2025 - II квартал 2025) Статус: Не е спроведено**

**2.5.2-3 Донесување на законот (Рок: II квартал 2025 - IV квартал 2025) Статус: Не е спроведено**

### *Мерка 2.5.3*

***Донесување на годишни извештаи со статус на извршување на одлуки на Управниот суд и Вишиот управен суд***

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Донесени годишни извештаи со статус на извршување на одлуките на управното судство | 0 | 0 | 0 |
| **Оцена на спроведувањето на оваа мерка:**<br>Не се преземени активности за остварување на оваа мерка. | | | |

**2.5.3-1 Дефинирање на методологија за следење на пресудите (Рок: I квартал 2025 - IV квартал 2025) Статус: Не е спроведено**

**2.5.3-2 Користење на законските механизми за обезбедување извршување на одлуките на управните судови (Рок: I квартал 2025 - IV квартал 2027) Статус: Континуирана активност**

Во 2025 Управниот суд започна со воспоставување на пракса за донесување одлуки за изрекување парична казна во износ од 20% на овластеното односно одговорното лице во јавниот орган поради непостапување по напатствија дадени во одлуките на судот.

### Посебна цел 2.6: Редефинирање на позицијата на Државното правобранителство во заштитата на државниот имот и имотни интереси

| Показател на ниво на исход | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Редефиниран концепт на Државното правобранителство и неговите функции | 0 | 0 | 0 |
| **Оцена за остварување на посебната цел:**<br>Процесите за измена на релевантниот закон се започнати но се наоѓаат во рана фаза. | | | |

Финансирано од Европска Унија

### *Мерка 2.6.1*

***Преиспитување на сегашните надлежности на Државното правобранителство во насока на зголемување на неговите надлежности во заштитата на државниот имот и интереси и учество во постапките пред судовите во кои е засегнат државниот имот и државните интереси***

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Анализа на постојниот систем | / | 0 | 1 |
| Изработени нацрт законски измени | / | 0 | 1 |
| **Оцена на остварувањето на оваа мерка**<br>Оваа мерка може да се смета за реализирана со изработката на нацрт законските измени | | | |

***2.6.1-1 1.Анализа на постојниот систем, 2. Подготовка на ново законско решение" (Рок: I квартал 2024 - IV квартал 2024) –*** **Статус: Спроведено**

ДПРСМ достави предлози на закони за државно правобранителство и за службата. Имајќи ги доставените предлози, без да се формира работна група, Министерството за правда изготви Нацрт-Законот за државното правобранителство во октомври 2025.

### *Мерка 2.6.2*

**Зајакнување на одговорноста и ефикасноста на Државното правобранителство**

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Донесен нов Закон за државно правобранителство | / | 0 | 0 |
| **Оцена на спроведување на мерка:**<br>Мерката не е реализирана. Процесот за донесување на законот во моментот се наоѓа на изработен нацрт текст. | | | |

***2.6.2-1 Ново законско решение за Државното правобранителство (Рок: IV квартал 2024 - III квартал 2025) –*** **Статус: Во тек**

Финансирано од Европска Унија

## Приоритетна област 3: Самостојни професии и јавни служби

Адвокатите, нотарите, извршителите и медијаторите се важни алки во правосудниот систем. Оваа приоритетна област има за цел да ја подобри околината во која работат овие професии и јавни служби и да обезбеди висококвалитетни услуги за граѓаните.

***Општа цел 3: Подобрување на регулаторната рамка и воспоставување услови за ефективно и ефикасно обезбедување услуги од страна на адвокатите, нотарите, извршителите и медијаторите***

| **Показател на ниво на ефект** | **Основна вредност** | **Вредност во 2024** | **Вредност во 2025** |
|---|---|---|---|
| % од постојните закони кои се изменети заради унапредување на правната рамка која ги уредува самостојните професии и јавните служби | 0 | 0% | 0% |
| Степен на дигитализација на процесите во рамки на посебните комори | Одреден степен | Одреден степен | Одреден степен |
| **Оценка на остварување на општа цел:**<br>Во 2025 година, со исклучок на основањето работни групи за одредени закони и работењето на нацрт текст на Закон за измени и дополнување на Законот за извршувањето, не беа преземени други значајни чекори за унапредување на правната рамка која ги уредува самостојните професии и јавните служби. Во рамки на внатрешните системи на организирање се преземени одредени дејствија во насока кон зголемување на дигитализацијата во обезбедувањето на услуги и вршење службени дејствија. | | | |

Од вкупно планираните 32 активности во оваа приоритетна област, заклучно со 31.12.2025 требаше да бидат спроведени 17 од кои спроведени се 7, во тек е спроведувањето на 8 , а 18 активности воопшто не се спроведени.

***Стапката на реализација во оваа област е 35.29%.***

**Статут на спроведување на активности по посебни цели**

| Посебна цел | Мерки | Вкупно планирани активности | Планирнаи активности за 2025 | Спроведени | Во тек | Не спроведени | Континуирани |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.1 Унапредување на институционалната рамка за вршење на адвокатската дејност | 3 | 8 | 7 | 4 | 2 | 2 | 0 |
| 3.2 Зголемување на ефикасноста и дигитализацијата на извршувањето, и зголемување на професионализацијата на извршителите | 7 | 9 | 6 | 1 | 4 | 4 | 0 |
| 3.3 Воспоставување на предуслови за зголемување на ефикасноста на работата на нотарите во гарантирање на правна сигурност | 8 | 9 | 3 | 1 | 2 | 6 | 0 |
| 3.4. Зголемување на употребата на медијација во решавањето на спорови | 4 | 6 | 1 | 0 | 0 | 6 | 0 |
| **ВКУПНО ЗА ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ 3** | **22** | **32** | **17** | **6** | **8** | **18** | **0** |

Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

**Посебна цел 3.1: Унапредување на институционалната рамка за вршење на адвокатската дејност**

| Показател на ниво на исход | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| % од вкупниот број адвокати кои ја поминале континуираната обука | / | *Нема податок* | *Нема податок* |
| % од адвокатите кои ја користат електронската достава постојано во комуникацијата | / | *Нема податок* | *Нема податок* |

**Оцена на остварување на посебна цел:**
Поради немање на податоци за индикаторите не може да се даде оценка за остварувањето на оваа цел.

***Мерка 3.1.1***

***Овозможување на адвокатите да вршат електронска достава (доставување на документи) до судовите, обвинителствата и другите надлежни институции***

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Број склучени меморандуми помеѓу правосудните институции и АКРСМ | / | 0 | 0 |

**Оцена на спроведување на мерката:**
Според АКРСМ, заради пожар во деловните простории на АКРСМ, активностите по оваа мерка се во мирување се до завршување на реконструкцијата на комората и проверка на функционалноста на софтверското решение.

**3.1.1-1 Склучување на неопходните меморандуми на АКРСМ со судовите, обвинителствата и други надлежни институции (Рок: III квартал 2024 - IV квартал 2024) – Статус: Не е спроведено**

**3.1.1.2 Воспоставување на неопходните технички предуслови за е-достава (Рок: I квартал 2025 - IV квартал 2025) – Статус Не е спроведено**

***Мерка 3.1.2***

***Дизајнирање на софтверско решение за распределба на предмети за бесплатна правна помош и за задолжително застапување во случаи по службена должност и согласно Законот за бесплатна правна помош***

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Функционално софтверско решение за распределба на предмети | / | Воспоставено функционално софтверско решение | Воспоставено функционално софтверско решение |
| Број на адвокати кои се назначени со примена на софверот | 0 | 0 | 0 |

Финансирано од Европска Унија

| **Оцена за спроведување на мерката** |
|---|
| Иако планираните активности во оваа мерка се спроведени во претходниот извештаен период, софтверското решение не се применува сѐ уште заради пожар во деловните простории на АКРСМ кој делумно зафати дел и од техничката опрема. Спроведувањето на мерката ќе продолжи по завршување на реконструкцијата на Комората и проверка на функционалноста на софтверското решение. |

**3.1.2-1 Изработка на софтверско решение (Рок: I квартал 2024 - II квартал 2024) – Статус: Спроведено во претходен извештаен период**

**3.1.2-2 Пилотирање и тестирање на софтверското решение (Рок: III квартал 2024 - IV квартал 2024) – Статус: Спроведено во претходен извештаен период**

**3.1.2-3 Изработка на упатства за примена на решението и споделување со надлежните институции (Рок: I квартал 2025 – II квартал 2025) - Статус: Спроведено во претходен извештаен период**

***Мерка 3.1.3***

***Определување адвокати од списокот на полномошници за привремени застапници и носители на полномошно во посебни постапки (пред МВР , ЦСР , ОЈО, извршители и во други постапки ), при што секоја од институциите каде што е повикан полномошник има должност да покрива надоместок на адвокат за постапката пред институцијата***

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Донесени законски измени | 0 | 1 | 1 |
| **Оцена на спроведување на мерката**<br>Значителен чекор во однос на оваа мерка беше донесувањето на Законот за правда за децата со кој се предвиде овој модел (секоја институција каде постапува адвокат по службена должност) да ги сноси трошоците за адвокатските услуги. Сепак, останува неопходно да се започнат процесите и во однос на останатите закони за што е неопходно АКРСМ да достави соодветна иницијатива. | | | |

**3.1.3-1.Анализа за да се детектираат Законите кои треба да бидат предмети на измени (Рок: I квартал 2024 - II квартал 2024) – Статус: Спроведено во претходен извештаен период**

**3.1.3-2.Измени на законите кои се детектирани со анализата (Рок: III квартал 2024 - IV квартал 2024) - Статус: Во тек**

Во 2024 беше донесен Законот за правда на деца каде беше инкорпорирана оваа мерка. Во 2025 не беа донесени закони ниту пак беа почнати законски процеси поврзани со оваа активност.

**3.1.3-3 Предвидување на средства во буџетите на секоја од наведените институции согласно законските измени" (Рок: III квартал 2024 - IV квартал 2024) - Статус: Во тек**

Иако со одредени предизвици, започна да се применува Законот за правда за деца во однос на исплатата на надоместоците на адвокатите од страна на средства од буџетот на институцијата каде адвокатот го презел дејството.

## Посебна цел 3.2: Зголемување на ефикасноста, дигитализацијата и одговорноста на извршителите

| Показател на ниво на исход | Основна вредност[53] | Вредност во 2024[54] | Вредност во 2025[55] |
|---|---|---|---|
| Процент на реализација на извршувањата | 37,46% | 44,15% | 43,63% |
| Број на предмети пред извршител чие извршување трае повеќе од една година | 39.293 | 32.518 | 36.326 |
| Број на предлози за поведување дисциплинска постапка од овластени предлагачи | 8 | 15 | 13 |
| **Оцена за остварување на посебната цел:**<br>На ниво на исход, се забележува одредено подобрување во однос на основната состојба, но без стабилен и доволно силен напредок. Процентот на реализација на извршувањата е повисок во 2024 и 2025 споредено со основната вредност, но во 2025 има мало влошување во однос на 2024. Истовремено, бројот на предмети што траат повеќе од една година прво се намалува, а потоа повторно се зголемува во 2025, што упатува дека ефикасноста не е консолидирана. Бројот на предлози за поведување дисциплинска постапка е повисок од основната вредност, што може да се толкува како знак на поактивно следење на одговорноста, но не и како доказ за суштинско подобрување на системот. Кога ќе се земат предвид показателите на ниво на резултат, сликата е уште повоздржана. Најголем дел од предвидените структурни реформи не се реализирани: не е воспоставен унифициран софтверски систем, не е изменет Закон за извршување, не е изработена анализата за нов модел на извршување на комунални долгови, не е воспоставен Регистар на должници, не се спроведени електронски аукции, електронската достава не е овозможена во полн обем, а етичкиот кодекс не е изменет. Во повеќе случаи се преземени само иницијални чекори или се подготвени законски решенија, но без финализирање и без практични ефекти во системот. | | | |

### *Мерка 3.2.1*

### *Воспоставување унифициран софтверски систем за водење евиденција и управување со предметите со извршителите и КИРСМ и нивно поврзување со други институции и обезбедување пристап до податоци потребни за извршување*

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Воспоставен унифициран софтверски систем за водење евиденција и управување со предмети кај извршителите и КИРСМ | Не постои унифициран систем | Не постои унифициран систем | Не постои унифициран систем |
| **Оцена на спроведувањето на мерката:**<br>На ниво на исход, се забележува умерено подобрување во однос на основната состојба, но без стабилен тренд. Процентот на реализација на извршувањата е повисок од почетната вредност, но бележи благо опаѓање во 2025. Бројот на предмети што траат повеќе од една година повторно се зголемува, што укажува на недоволно консолидирана ефикасност. Зголемениот број на дисциплински предлози упатува на поактивен надзор, но не и на суштинско подобрување на системот. На ниво на резултат, напредокот е ограничен. Поголемиот дел од мерките не се реализирани, а за значаен дел од нив предуслов претставуваат законски измени кои сè уште не се донесени. Иако е изготвен и објавен предлог-закон, тој не ги опфаќа во целост сите потребни решенија, што дополнително го забавува спроведувањето. Како резултат, клучните системски интервенции – како унифициран софтвер, | | | |

[53] Годишен извештај на КИРМ, 2023.
[54] Годишен извештај на КИРМ, 2024.
[55] Годишен извештај на КИРМ, 2025.

| |
|---|
| регистар на должници, е-аукции и целосна дигитализација – остануваат во почетна или подготвителна фаза, без практични ефекти. |

**3.2.1-1 1.Изготвување на софтверскиот систем, 2.Формирање на меѓуресорска работна група за поврзувањето на софтверот со другите институции, 3.Донесување на одлука на Влада со која ќе се задолжат институциите да обезбедат пристап до податоци, 4.Склучување меморандуми со институциите и 5.Електронско поврзување со другите институции (Интероперабилност). (Рок: III квартал 2024 - IV квартал 2025) - Статус: Во тек**

Преземени се одредени иницијални чекори за започнување со спроведување на оваа мерка меѓутоа позначајни напори се планирани за следниот период.

### *Мерка 3.2.2*

***Унапредување на законодавната рамка за извршување и нејзино спроведување преку обезбедување на транспарентност во постапката за именување на извршители, отстранување на правните празнини за наплата на надоместоци за извршување, дополнување на листата на институции должни да соработуваат со извршителите (овластени сметководители. стечајни управници, нотари проценители итн.), доуредување на извршувањето врз иднаградба и врз недвижност со незапишани права, доуредување на одредбите за запирање на извршувањето и правилникот за обрасци со цел примена на одредбите за застареност од ЗОО; Ревидирање на одредбите за именување на извршител и начините на работење во случај на престанок на функцијата извршител***

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Донесени измени и дополнување на Законот за извршување. | / | Не се донесени | Не се донесени |
| **Оцена на спроведувањето на мерката:**<br>Со Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за извршување во значителна мера се уредуваат одредени практични проблеми идентификувани во примената на постојниот закон. Особено се доуредуваат прашањата поврзани со извршување врз идна градба и врз недвижности со незапишани права, се прецизираат одредбите за престанок на должноста на извршителот и постапувањето со неговите предмети, како и одредени аспекти на наплатата на надоместоците и дисциплинската одговорност. Делумно се унапредуваат и процедурите за работа и организација на извршителите. Од друга страна, предложените измени не носат суштински промени во транспарентноста и критериумите за именување на извршители, ниту целосно ја прошируваат листата на субјекти должни да соработуваат со извршителите, додека прашањето на примената на застареноста и запирањето на извршувањето е само делумно доуредено. | | | |

**3.2.2-1 Изготвување на предлог текст од работна група (Рок: IV квартал 2024 - II квартал 2024) - Статус: Спроведена**

Формирана е работна група во декември 2024. Во текот на 2025 беше изготвен Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за извршување кој беше објавен на ЕНЕР на 16.01.2026 година. Во работната група не учествуваат претставници од Комората на извршители.

**3.2.2-2 Усвојување на предлог закон од Владата на РСМ (Рок: II квартал 2024 - III квартал 2024) - Статус: Не е спроведена**

Финансирано од Европска Унија

**3.2.2-3 Донесување на законот од Собранието на РСМ (Рок: IV квартал 2024 - II квартал 2025) - Статус: Не е спроведена**

### *Мерка 3.2.3*
### *Анализа на потребата од воведување нов модел на извршување на долгови по основ на сметки за комунални услуги*

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Изработена анализа | / | Не е изработена анализа | Не е изработена анализа |
| **Оцена на спроведувањето на мерката:**<br>Не се преземени активности за спроведување на оваа мерка. | | | |

**"3.2.3-1 1. Формирање на меѓуресорска работна група за изработка на анализа, 2. Јавна расправа " (Рок: I квартал 2024 - III квартал 2024) - Статус: Не е спроведена**

### *Мерка 3.2.4*
### *Обезбедување законски предуслови и технички услови за воспоставување единствена база на податоци за извршување и воспоставување на Регистар на должници во КИРСМ*

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Воспоставен Регистар на должници | / | Не е воспоставен | Не е воспоставен |
| **Оцена на спроведување на мерката:**<br>Предуслов за остварување на оваа мерка е постоење на законски основ за воспоставување на Регистар на должници во КИРСМ. Во моментот таков основ нема што го оневозможува спроведувањето на овие активности. | | | |

**3.2.4-1 1.Донесување на подзаконски акт за задолжителните податоци и техничките услови кои треба да ги исполнува апликативното решение за водење на уписникот во електронска форма, 2.Имплементација и прилагодување на постоечките апликативни решенија на подзаконскиот акт, 3.Изготвување на студија за воспоставување на Регистар на должници (Рок: I квартал 2024 - I квартал 2027) - Статус: Не е спроведена**

### *Мерка 3.2.5*
### *Автоматизација на процесот на јавно наддавање, преку воведување е-аукции*

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Број на спроведени електронски аукции | 0 | 0 | 0 |
| **Оцена на спроведување на мерката:**<br>Процесот е во рана фаза. Со предложените измени и дополнувања на Законот за извршување кои се објавени на ЕНЕР се уредува спроведувањето на електронското јавно наддавање. | | | |

**3.2.5-1 Измена на Законот за извршување заради воведување на можност за склучување на договор за прилагодување и користење на апликативното решение е-аукции објавено на web страницата на Централниот регистар на РСМ (Рок: I квартал 2024 - I квартал 2027) – Статус: Во тек**

Со предлогот за измени и дополнување на Законот за извршување се воведува правен основ за автоматизација на процесот преку воведување на правен основ за електронско јавно наддавање.

### *Мерка 3.2.6*

### *Рационализација и автоматизација на процесот на достава во извршувањето, со користење на современи технологии*

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 |
|---|---|---|
| Овозможена електронска достава | / | Не е овозможена |
| **Оцена на спроведување на мерката:** Со Предлог-законот се предвидуваат ограничени интервенции во однос на електронската достава. Се воведува обврска извршителите да се регистрираат во системот за електронска достава на судски писмена, со што се овозможува електронска комуникација со судовите и институциите. Дополнително, се прецизира дека доколку не постојат технички услови за електронска достава на електронската адреса, податоците се доставуваат во писмена форма. Овие измени претставуваат техничко усогласување со системот за електронска достава и процесите на дигитализација на правосудството. | | |

**"3.2.6-1 Измена на Законот за извршување - Бесплатен пристап до податокот на електронска адреса на правни лица податок за активни телефонски броеви на физичко лице со дата од кога ги користи" (Рок: I квартал 2024 - I квартал 2027) - Статус: Во тек**

Во предлогот на Законот за извршување се предвидуваат измени и дополнувања во членот 36 со кој се воведува обврска извршителите да се регистрираат во системот за електронска достава на судски писмена како и во член 41 со кој се уредува на постапувањето кога нема технички услови за електронска достава.

### *Мерка 3.2.7*

### *Развивање на етички стандарди за професијата и спроведување сеопфатна медиумска кампања за придобивките од спроведувањето како дел од принципот на владеење на правото*

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Изменет етички кодекс | / | Не е изменет | Не е изменет |
| **Оцена на спроведување на мерката:** Процесот е во тек и се спроведува во рамки на КИРМ меѓутоа не е комплетиран. | | | |

**"3.2.7-1 1.Формирање на работна група од страна на КИРСМ, 2.Утврдување на потребата од измена на Кодексот за професионална етика и усогласување со Глобалниот етички кодекс донесен од МУСИ" (Рок: III квартал 2024 - I квартал 2025) - Статус: Во тек**

Управниот одбор на КИРСМ формираше работна група за изработка на нов Кодекс на професионална етика на извршителите. На кодексот ќе се работи во текот на 2026 г.

## Посебна цел 3.3: Воспоставување на предуслови за зголемување на ефикасноста на работата на нотарите во гарантирање на правна сигурност

| Показател на ниво на исход | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Број на седници на стручниот совет на Нотарската комора | 10 (2022) | 10 | 11 |
| Број на претставки против нотари | 32 | Нема податоци | 57 (отфрлени 54) |
| **Оцена на остварување на посебна цел:** Иако се преземени одредени почетни активности најголем дел од мерките сѐ уште не се спроведени. Клучен фактор е тоа што значителен број активности зависат од претходни измени на Законот за нотаријатот, кои треба да создадат правна основа за понатамошни реформи, како надградба на ИТ системите, воспоставување е-архива, оптимизација на нотарските подрачја и воведување електронска нотарска исправа. Оттука, за суштинско придвижување на оваа посебна цел неопходно е првенствено да се започне со реформата на законската рамка, по што може да следи реализација на останатите мерки. | | | |

### *Мерка 3.3.1*

### *Компаративна анализа на законодавствата што го регулираат работењето на нотарите и актите кои ги изготвуваат нотарите согласно начелата на латинскиот нотаријат и усогласување со стандардите на Европската конвенција за човекови права и препораката Р (81)7’*

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Изготвена Анализа за примена на Законот за нотаријатот | / | Не е изготвена | Изготвена |
| **Оцена на спроведување на мерка:** Според податоци од НКРСМ оваа анализа е изготвена и ќе биде доставена до Министерството за правда. | | | |

**3.3.1-1 1.Анализа за функционирање на нотаријатот во земјите членки на ЕУ и нивната пракса 2.Подготовка на Закон за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот (Рок: I квартал 2024 - I квартал 2027) - Статус: Спроведено**

Нотарската комора прибави податоци врз основа на која ја изготви потребната анализа. По формирање на работна група за измени на Закон за нотаријатот, анализата ќе биде доставена до Министерството за правда

### *Мерка 3.3.2*

### *Унапредување и надградба на постоечкиот ИТ систем за водење евиденција и управување со нотарски предмети со НКРСМ*

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| Унапреден и надграден ИТ систем за водење евиденција и управување со нотарски предмети во рамките на НКРСМ | / | Не е надграден | Не е надграден |
| **Оцена на спроведување на мерката:**<br>Заради реализација на оваа мерка потребни се изменувања на Законот за нотаријатот, кои ќе бидат основ за преземање активности од страна на Комората. | | | |

**3.3.2-1 Надградба на постојниот ИТ систем (Рок: I квартал 2024 - I квартал 2025) - Статус: Не е спроведено**

Заради реализација на оваа мерка потребни се изменувања на Законот за нотаријатот, кои ќе бидат основ за преземање активности од страна на Комората

### *Мерка 3.3.3*
### *Оптимизација на подрачјата на надлежност и број на нотарски работни места*

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Нов Правилник за бројот и распоредот на службените седишта и службените подрачја за кои се именуваат нотарите | / | Не е донесен нов правилник | |
| **Оцена на спроведување на мерката:**<br>Заради реализација на оваа мерка потребни се изменувања на Законот за нотаријатот, кои ќе бидат основ за преземање активности од страна на Комората. | | | |

**"3.3.3-1 1.Анализа на состојбите и проценка на потребите за определување на подрачјата на делување и бројот на нотарските места и 2. Измена на Правилникот за бројот и распоредот на службените седишта и службените подрачја за кои се именуваат нотарите " (Рок: I квартал 2024- I квартал 2027) - Статус: Не е спроведено**

### *Мерка 3.3.4*
### *Воспоставување е- архива (е-регистар) на нотарски исправи*

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 |
|---|---|---|
| Функционален софтвер за Е архива | / | Не е воспоставена е-архива |
| **Оцена на спроведување на мерката:**<br>Заради реализација на оваа мерка потребни се изменувања на Законот за нотаријатот, кои ќе бидат основ за преземање активности од страна на Комората. Со воспоставување на е-архива, ќе се овозможи сите списи на нотарите скенирани да се чуваат во базата, со што ќе се олесни пристапот до нив, откако нотарот ќе престане со вршење на нотарската служба | | |

**3.3.4-1 1. Измени во Законот за нотаријатот, 2. Изменувања и дополнувања на подзаконските акти, 3. Надградба на електронскиот софтвер и создавање технички услови за база на е-архива на нотарски списи (Рок: I квартал 2024 I квартал 2027) - Статус: Не е спроведено**

Во тек е формирање на работна група за изготвување на предлог закон за изменување на Законот за нотаријатот со кое ќе се адресира и оваа мерка.

### *Мерка 3.3.5*

### *Обезбедување електронски пристап до информации потребни за извршување на нотарски должности, преку потпишување и спроведување билатерални договори со секоја институција која ги поседува потребните податоци*

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Број на склучени билатерални договори заради размена на податоци | / | / | 1 |
| **Оцена на спроведување на мерката:**<br>Започнати се активности за обезбедување електронски пристап до информации кои треба да се интензивираат во наредниот период. Нотарската комора во месец декември 2025 година се приклучи на системот на интероперабилност и побара поврзување со сите посочени институции. | | | |

**3.3.5-1 1. Овозможување и ставање во функција на електронското поврзување со МВР И УВМК и 2.Склучување на Меморандум за соработка (Рок: I квартал 2026 - I квартал 2027)** **Статус: Во тек.**

Нотарската комора има склучено Меморандум за соработка со УВМК, врз основа на кој 12 нотари беа вклучени во тестирање и користење на системот на УВМК. Одржан е и состанок помеѓу НКРСМ и МВР.

### *Мерка 3.3.6*

### *Уредување нотарска исправа во електронска форма – нотарски акт и други нотарски исправи составени од далечина*

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Воведена функционална електронска нотарска исправа | / | / | 0 |
| **Оцена на спроведување на мерката:**<br>Процесот се наоѓа во рана фаза. Анализата не е изработена која што претставува предуслов за пристапување кон законско уредување на ова прашање. | | | |

**3.3.6-1.Анализа на потребата и можностите за воведување на електронска нотарска исправа согласно европските стандарди (Рок: I квартал 2025 - IV квартал 2025)** **Статус: Во тек**

Од страна на Нотарската комора се побарани податоци за пракса, искуства и регулатива од земјите членки на ЕУ заради финализирање на утврдената анализа, а која ќе биде доставена до Министерството за правда веднаш со започнување со работа на работната група за изготвување Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот.

### *Мерка 3.3.7*

### *Континуиран развој и подобрување на професионалните стандарди за нотарите и вработените во нивните канцеларии, вклучително и обезбедување транспарентност во постапката за именување нотари*

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| Донесени законски измени со кои се зајакнуваат професионалните стандарди како и транспарентноста на постапката за именување нотари | / | Не се донесени | Не се донесени |
| **Оцена на спроведување на мерката:**<br>Спроведувањето на оваа мерка не е започнато. Не е формирана работна група која треба да работи на измените. | | | |

**3.3.7-1 Измена на Законот за нотаријат (Рок I квартал 2024 - IV квартал 2024) - Статус: Неспроведено**

Не е формирана работна група за изготвување на предлог закон за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот

### *Мерка 3.3.8*

***Воспоставување Единствен регистар на тестаменти***

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Број на тестаменти внесени во Единствениот национален регистар на тестаменти | / | / | 173 |
| Оцена на спроведување на мерката:<br>Активностите неопходни за спроведување на оваа мерка се планирани за следниот период од спроведувањето на Акцискиот план. Во моментот постои единствен регистар, меѓутоа само на тестаменти изработени од страна на нотари. | | | |

## Посебна цел 3.4: Зголемување на употребата на медијација во решавањето на спорови

| Показател на ниво на исход | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Број на спорови решени со медијација (спогодба) евидентирани во електронскиот регистар за медијација | 565 (2023) | 403 (2024) | *Нема податоци* |
| Број на медијатори запишани во именикот на медијатори при Комората за медијација | 45 (2023) | 31 (2024) | *Нема податоци* |
| **Оцена на остварување на посебна цел:**<br>Реформските процеси во областа на медијацијата се во застој, со оглед на тоа што клучните мерки не се започнати или не се реализирани, а дел од индикаторите бележат и назадување (намалување на бројот на медијатори и отсуство на податоци за резултатите). Ова создава сериозен ризик досегашните вложувања и напори во развојот на системот на медијација да останат без одржлив ефект. | | | |

### *Мерка 3.4.1*

***Ратификација на Сингапурската конвенција за медијација***

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Конвенцијата е ратификувана согласно Уставот | / | Не е ратификувана | Не е ратификувана |
| **Оцена на остварување на мерката:**<br>Не се преземени чекори за остварување на оваа мерка | | | |

Финансирано од Европска Унија

Активностите за спроведување на оваа мерка за планирани за следниот период од спроведување на Стратегијата.

### *Мерка 3.4.2*
### *Воспоставување систем за зајакнување на вештините и професионалните капацитети на медијаторите и обезбедување простории за работа на Комората на медијатори*

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Обезбедени просторни, технички услови и човечки ресурси за функционирање на Комората | / | Не е обезбедено | Не е обезбедено |
| **Оцена на остварување на мерката:** Не се преземени чекори за остварување на оваа мерка | | | |

**3.4.2-1 Обезбедување на просторни и технички услови и човечки ресурси за функционирање на комората (Рок: I квартал 2024 - I квартал 2026) - Статус: Не е реализирано**

**3.4.2-2 Континуирана координација помеѓу Министерството за правда и КМРСМ за распределба на финансиските средства наменети за промоција на медијацијата (Рок: I квартал 2024 - IV квартал 2027) - Статус: Не е реализирано**

### *Мерка 3.4.3*
### *Воведување задолжителен обид за медијација во поединечни постапки врз основа на анализа*

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Изработена анализа за идентификување на постапки каде може да се воведе задолжителен обид за медијација | / | / | Нема податок |
| **Оцена на остварување на мерката:** Не се преземени чекори за остварување на оваа мерка | | | |

Активностите за спроведување на оваа мерка за планирани за следниот период од спроведување на Стратегијата.

### *Мерка 3.4.4*
### *Изработка на програма, за развој на медијацијата согласно одредбите од Законот за медијација и Изработка на посебна годишна програма за поддршка на медијацијата*

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 |
|---|---|---|
| Донесена програма од Влада на РСМ | / | Не е донесена |
| **Оцена на остварување на мерката:** Не се преземени чекори за остварување на оваа мерка | | |

**3.4.4-1 Донесување на програмата за развој на медијацијата за период од 4 години од страна на Владата на РСМ (Рок 1 квартал 2024 IV квартал 2028) - Статус: Не е спроведено**

**3.4.4-2 Донесување на посебна програма за поддршка на медијацијата од страна на Судскиот совет на РСМ (Рок I квартал 2024 - IV квартал 2024) -** Статус: Не е спроведено.

## Приоритетна област 4: Реформа на Уставниот суд

Уставниот суд ја заштитува уставноста и законитоста и е важен елемент на системот на поделба на власт. Иако е не се работи за орган на судската власт и во рамки на уставниот систем се наоѓа надвор од системот на правосудството, сепак Уставниот суд може и треба да игра клучна улога во заштита на човековите права и владеењето на правото. Во таа насока оваа Стратегија предвидува неколку мерки кои се релевантни за зајакнување на улогата на Уставниот суд во однос на заштитата на владеењето на правото.

### *Општа цел: Зајакнување на улогата на Уставниот суд во обезбедување на начелото на владеење на правото и заштита на човековите права и слободи*

| Показател на ниво на ефект[56] | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Број на одлуки со кои се укинува или поништува закони или друг пропис | 24 (2023) | 11 (2024) | 21 |
| Вкупен број на нерешени предмети постари од три години | 17 (2023) | 22 (2024) | 16[57] |
| **Оцена на остварување на општа цел:**<br>Остварувањето на општата цел покажува ограничен, но видлив институционален напредок. Податоците укажуваат на зголемување на бројот на одлуки со кои Уставниот суд укинува или поништува закони и други прописи, како и намалување на бројот на нерешени предмети постари од три години во 2025 година, што укажува на одредено подобрување во ефикасноста на работата на Судот. Истовремено, преземени се активности за зајакнување на организациските и техничките капацитети на институцијата.<br>Сепак, клучниот елемент на реформата, проширување на надлежностите на Уставниот суд и законско уредување на постапката преку воведување на уставна жалба, сè уште не е реализиран. Оттука, иако се забележува институционален напредок, суштинското остварување на општата цел ќе зависи од спроведувањето на уставните и законските реформи со кои треба дополнително да се зајакне улогата на Уставниот суд во заштитата на владеењето на правото и човековите права. | | | |

Од вкупно планираните две мерки и 8 активности, во 2024 и 2025 требаше да се спроведат 4 активности од кои 3 се спроведени, 2 се во тек, а 3 не се реализирани.

***Стапката на реализација за оваа приоритетна област е 75%.***

### Посебна цел 4.1: Реформа на уставната рамка на Уставниот суд преку овозможување законско уредување на постапката како и воведување на институтот на уставна тужба (жалба) и зајакнување на капацитетите на Уставниот суд

| Показател на ниво на исход | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Проширени надлежности на Уставниот суд и законски уредена постапка пред Уставниот суд | / | Не се проширени надлежностите и не е законски уредена постапката | Не се проширени надлежностите и не е законски уредена постапката |
| **Оцена на остварување на посебна цел:** | | | |

[56] Извор: Годишни прегледи за работата на Уставниот суд за 2023 и 2024.
[57] 13 предмети се споени во еден предмет.

| |
|---|
| Остварувањето на посебната цел 4.1 се наоѓа во рана фаза и покажува ограничен напредок. Иако се преземени одредени аналитички и консултативни активности, како изработка на анализа и одржување на стручни расправи за можноста за воведување на уставна жалба и донесување посебен Закон за Уставниот суд, клучните резултати сè уште не се постигнати. Не се преземени конкретни чекори за уставни измени, ниту е воспоставена експертска комисија која треба да го води процесот. Од друга страна, во делот на институционалните капацитети се забележува позитивен напредок, особено преку подготовка на нов софтверски систем и зголемување на кадровската пополнетост. Сепак, суштинското остварување на целта ќе зависи од започнување на процесот на уставни измени и донесување законска рамка за постапката пред Уставниот суд. |

***Мерка 4.1.1***

***Спроведување на процес на анализа и стручни консултации за воведување на институтот уставна жалба преку измена на Уставот врз основа на темелна проценка и разгледување на нејзиното потенцијално влијание и донесување на посебен Закон за Уставен суд***

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Основана експертска комисија/работна група, | / | Не е основана | Не е основана |
| Број на спроведени стручни расправи и учесници | / | / | 3 стручни расправи |
| Изготвена анализа со извештај со препораки | 0 | 0 | Изготвена анализа |
| **Оцена на спроведување на мерка:**<br>Во текот на 2025 во рамки на проект поддржан од ЕУ беше изработена анализа и беа спроведени неколку стручни расправи во насока на разгледување на можноста за воведување на уставна жалба како институт како и на потребата и уставноста од носење на посебен Закон за Уставниот суд. | | | |

**4.1.1-1 Воспоставување комисија составена од експерти по уставно право и судии на Уставен суд (Рок: I квартал 2025 - II квартал 2025) Статус: Не е спроведена**

**4.1.1-2 Спроведување на сеопфатна анализа на состојбата, предизвиците како и добивките и слабостите од проширувањето на надлежноста (Рок: III квартал 2025 - IV квартал 2025) Статус: Спроведена**

**4.1.1-3 Циклус на стручни јавни расправи (Рок: IV квартал 2025 - I квартал 2026) Статус: Во тек**

***Мерка 4.1.2***

Зајакнување на човечките, организациските и техничките капацитети на Уставниот суд

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Функционално софтверско решение | / | Во постапка | Во постапка |
| Донесен план за кадровско и техничко зајакнување | / | / | Донесен план |

| | | | |
|---|---|---|---|
| % на исполнетост на систематизација | 57% | 0 | 76% |
| **Оцена на спроведување на мерка:**<br>Досегашните активности укажуваат на позитивен тренд во насока на остварување на оваа мерка. | | | |

**4.1.2-1.Изготвување техничка спецификација за изработка на нов интегриран софтвер (управување со предмети, е-архива, сметководство, база на судска пракса, е-пошта итн.) (Рок I квартал 2024 - II квартал 2024) - Статус: Спроведено**

Со поддршка од ИТ експерти од проектот Поддршка на ЕУ за владеење на правото оптимизирани се процесите изработена е техничка спецификација за набавка на софтвер за што се обезбедени средства од ИПА 3 програмата.

**4.1.2-2 Споведување постапка за јавна набавка на економски оператор за изработка на интергиран софтвер и имплементација (Рок III квартал 2024 - IV квартал 2024) - Статус: Спроведено**

Спроведена е постапка за набавка и избрани се економски оператори кои во текот на 2026 ќе работат на надградба на системот.

# Приоритетна област 5: Реформи во посебни правни области (кривична и граѓанска)

Оваа приоритетна област ги опфаќа неопходните реформи во материјалните и во процесните закони во кривичните и граѓанските прашања кои се од суштинско значење за секојдневното функционирање на институциите на правосудниот систем.

***Општа цел: Обезбедување целосна усогласеност на националното кривично и граѓанско право со релевантото право на ЕУ.***

| Показател на ниво на ефект | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| *Ниво на усогласеност со правото на ЕУ во Поглавјето 24* | Умерена подготвеност[58] | Умерена подготвеност[59] | Умерена подготвеност[60] |
| **Оцена на остварувањето на општата цел:**<br>Во 2025 се работеше на нормативно усогласување, особено на кривичното законодавство меѓутоа предлозите за ново материјално и процесно кривично законодавство не беа донесени. Слична е состојбата и со граѓанското законодавство. Напредок има со воспоставувањето на институционална структура за примена на Законот за паричен надоместок на жртви на кривични дела како и на Законот за вештачење. | | | |

Во рамки на оваа приоритетна област се планирани 33 активности од кои во 2025 треба да завршат 27. Заклучно со 31.12.2025 биле спроведени 11 активности, во тек е спроведувањето на 4, а 18 не се спроведени.

***Стапката за реализација за оваа општа цел е 40,74%.***

| Посебна цел | Мерки | Вкупно планирани активности | Планирани активности за 2025 | Спроведени | Во тек | Не спроведени | Континуирани |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5.1 Усогласување на материјалното и процесното кривично право со правото на ЕУ и стандардите на Советот на Европа | 6 | 20 | 16 | 8 | 2 | 10 | 0 |
| 5.2 Кодифицирање на материјалното граѓанско право и воспоставување неопходни услови за спроведување на изменит во процесното право | 4 | 13 | 11 | 3 | 2 | 8 | 0 |
| **ВКУПНО ЗА ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ 5** | **10** | **33** | **27** | **11** | **4** | **18** | **0** |

[58] Извор: Извештај на Европската Комисија за Северна Македонија за 2023 година.
[59] Извор: Извештај на Европската Комисија за Северна Македонија за 2024 година.
[60] Извор: Извештај на Европската Комисија за Северна Македонија за 2025 година.

## Посебна цел 5.1: Обезбедување усогласеност на материјалното и процесното кривично право со стандардите на ЕУ и Советот на Европа

| Показател на ниво на исход | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| *Меѓународен индекс на владеење на правото во однос на кривичната правда (World Justice Project - Rule of Law Index)* | 0.44 (2023)[61] | 0.44 (2024)[62] | 0.46 (2025)[63] |

**Оцена на остварување на посебна цел:**
Остварувањето на посебната цел е делумно, при што е забележлив умерен напредок во однос на индикаторот за исход, со благо подобрување на индексот на владеење на правото во делот на кривичната правда (од 0.44 во 2024 на 0.46 во 2025). Анализата на мерките покажува нерамномерна динамика на спроведување. Кај дел од мерките е евидентен значителен напредок и конкретни резултати, особено во делот на воспоставување на систем за обесштетување на жртвите, реформата на системот за правда за деца и воспоставувањето на нормативната рамка за управување со конфискуван имот. Ова укажува дека, иако кај одредени сегменти има видлив напредок, реализацијата на клучните системски законодавни реформи сè уште доцни.

### *Мерка 5.1.1*

***Кодификација на казнените одредби во Кривичниот законик и негово усогласување со европските и меѓународните стандарди***

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Позитивна оценка од ЕК во однос на нацрт КЗ | / | / | / |
| Донесен нов Кривичен Законик | / | / | / |
| % од вкупен број на судии, јавни обвинители и адвокати кои учествувале на обуките за новиот КЗ | 0 | 0 | 0 |

**Оцена за спроведување на мерката:**

Работна група изработи работна верзија за нов Кривичен законик. Работната верзија е преведена на англиски јазик и изготвени се кореспондентни табели. Во тек е проверка на кореспондентните табели, по што КЗ ќе биде доставен на мислење до ЕУ.

**5.1.1-1 Усвојување на Предлогот на Кривичниот законик од страна на Владата на РСМ (Рок: I квартал 2025 - II квартал 2025) Статус: Не е спроведено**

**5.1.1-2 Донесување на законот од страна на Собранието на РСМ (Рок: III квартал 2025 - IV квартал 2025) Статус: Не е спроведено**

**5.1.1-3 Организација на обуки за запознавање со решенијата од новиот КЗ за судии, јавни обинители, адвокати и правосудна полиција (Рок: I квартал 2025 - IV квартал 2025) Статус: Не е спроведено**

[61] Извор: World Justice Project – Rule of Law Index 2023, 35.
[62] Извор: World Justice Project – Rule of Law Index 2024, 35.
[63] Извор: World Justice Project – Rule of Law Index 2025.

### *Мерка 5.1.2*

**Донесување на нов Закон за кривична постапка со цел усогласување со релевантните директиви на ЕУ и надминување на проблеми кои се појавија во практиката**

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Позитивна оценка од ЕК во однос на нацрт ЗКП | / | / | / |
| Донесен нов Закон за кривичната постапка | / | / | / |
| % од вкупен број на судии, јавни обвинители и адвокати кои учествувале на обуките за новиот ЗКП | 0 | 0 | 0 |
| **Оцена за спроведување на мерката:** Работна група изработи работна верзија за нов Закон за кривичната постапка. Работната верзија е преведена на англиски јазик и изготвени се кореcподентни табели. | | | |

**5.1.2-1 Изготвување на предлог текст од работна група (Рок: I квартал – II квартал 2024) - Статус: Спроведено во претходен извештаен период**

**5.1.2-2 Доставување на нацрт до ЕК (Рок: II квартал – IV квартал 2024) - Статус: Спроведено**

Нацртот на законот е доставен на мислење до ЕК. Се очекува доставување до Влада на усвојување најдоцна до крајот на 2026 г.

**5.1.2-3 Усвојување на предлог закон од Владата на РСМ (Рок: I квартал 2025 - II квартал 2025) – Статус: Не е спроведено**

**5.1.2-4 Донесување на законот од Собранието на РСМ (Рок: III квартал 2025 - IV квартал 2025) – Статус: Не е спроведено**

### *Мерка 5.1.3*

***Оперативен систем за обесштетување на жртвите на кривични дела***

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Донесени неопходни подзаконски акти за примена на Законот | 0 | 2 | 2 |
| Број на одржани состаноци на Комисијата за паричен надоместок | / | 16 | 12 |
| Број на жртви кои побарале остварување на право на паричен надоместок | 0 | 3 | 68 |
| Број на жртви чии барања за надоместок се одобрени | 0 | 1 | 4 |
| **Оцена за спроведување на мерката:** Мерката е во значителна мера остварена, а процесот на нејзино спроведување се движи во правилна насока. Донесени се неопходните подзаконски акти за примена на Законот, Комисијата за паричен надоместок редовно одржува состаноци, а забележливо е и значително зголемување на бројот на жртви кои побарале остварување на правото на паричен надоместок. Дополнително, се спроведуваат активности за информирање и промоција на правата на жртвите, како и обуки за релевантните институции. Овие активности | | | |

| |
|---|
| придонесуваат за постепено воспоставување на оперативен и функционален систем за обесштетување на жртвите на кривични дела. |

**5.1.3-1 Изготвување и донесување на подзаконските акти предвидени со Законот за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство (I квартал 2024 – III квартал 2024) – Статус: Спроведено**

**5.1.3-2 Спроведување на кампања за запознавање на релевантните институции како и жртвите на кривични дела со правата кои ги нуди Законот за паричен надоместок (I квартал 2024 – IV квартал 2027) - Статус: Во тек**

Одговор: Комисијата за паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство има изработено информативен материјал, кој содржи информации за правата за паричен надоместок, условите и за постапката за остварување на ова право, кој го достави до сите полициски станици, јавните обвинителства, судовите, подрачните одделенија на Министерството за правда, центрите за социјална работа, здравствените и социјалните установи, здруженија и фондации и други правни лица, кои во вршењето на нивните работи стапуваат во контакт со жртви со кривични дела со насилство. Исто така, Комисијата има изработено и друг вид на промотивен материјал, како видео материјал, постери и брошури. Информациите содржани во информативниот материјал – брошури, образецот за формата и содржината на барањето за остварување на паричен надоместок на жртви од кривично дело со насилство, како и можноста за електронско поднесување на барањето за паричен надоместок на жртви од кривично дело со насилство објавени се на веб-страницата на Комисијата, https://komisijazanadomestoknazrtvi.mk/. Комисијата во текот на 2025 година беше поканета да учествува на повеќе настани на тема на заштита на правата на жртвите од насилство од информативен и едукативен карактер, организирани од страна на невладиниот сектор, како и имаше одржано тематска работилница за промоција на Комисијата. Комисијата за паричен надоместок на жртви од кривично дело со насилство има предвидено и во следниот период да продолжи со спроведување активности за кампања за запознавање на релевантните институции и жртвите на кривични дела со насилство.

**5.1.3-3 Организација и одржување на редовни обуки за правилно толкување и применување на законот (I квартал 2024 – IV квартал 2027) - Статус: Во тек**

Академијата ги има опфатено темите од Законот за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство во рамки на другите обуки во рамки на континуирана обука 1. Постапување во случаи на фемицид: Прирачник за правосудството (обука на обучувачи) - 29.1.2024 (во соработка со АИРЕ Центар); 2. Кривични дела од областа на родово базираното насилство vis a vis Истанбулската конвенција - 28.3.2024; 3. Пристап до правда за жените (HELP курс) 17.4.2024 (во соработка со Совет на Европа - Хоризонтална програма); 4. Постапување во случаи на фемицид 6.6.2024 (во соработка со АИРЕ Центар); Постапување во случаи на фемицид 7.6.2024 (во соработка со АИРЕ Центар); 5. Постапување во случаи на фемицид 5.12.2024 (во соработка со АИРЕ Центар); 6. Истанбулска конвенција и Резолуцијата 1325 6.3.2025; 7. Заштита на жените и другите жртви на насилство 24-25.3.2025 (во соработка со ERA) и 8. Родово базирано насилство во фокус: Универзалниот периодичен преглед и улогата на правосудните органи 9.6.2026 (во соработка со ЕПИ)

***Мерка 5.1.4***

**Реформиран систем за правда за децата во согласност со меѓународни стандарди**

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Донесен нов Закон за правда за деца | / | Донесен нов ЗПД | Донесен нов ЗПД |
| Донесени неопходни подзакоконски акти за примена на Законот | 0 | 0 | 1 |
| Број на лица кои учествувале во обуките за новиот ЗПД | 0 | 0 | 222 |

**Оцена за спроведување на мерката:**

Мерката е во голема мера спроведена, но имплементацијата сè уште не е целосно заокружена. Новиот Закон за правда за децата е донесен во претходниот извештаен период, со што е воспоставена основната законска рамка за реформа на системот. Во 2025 година е донесен еден подзаконски акт, додека останатите подзаконски акти предвидени со Законот сè уште се во постапка на донесување. Истовремено, спроведени се обуки за примена на новиот Закон на кои учествувале 222 професионалци, што претставува значаен чекор кон практична имплементација на реформата..

**5.1.4-1 Донесување на законот од Собранието на РСМ (Рок: I квартал 2024 - III квартал 2024) - Статус: Спроведено во претходен извештаен период**

**5.1.4-2 Донесување на неопходни подзаконски акти (Рок: I квартал 2025- II квартал 2025) Статус: Во тек**

Во 2025 беше донесен еден подзаконски акт неопходен за примена на Законот за правда за децата. Министерството за внатрешни работи во април 2025 донесе Правилник за начинот на наплата на трошоците за правна помош од адвокат кога родителите/от односно старателот нема да ги плати трошоците за правна помош во случај кога адвокатот на детето е повикан во полициска станица.[64] Останува да се донесат и останатите правилници кои се предвидени со ЗПД од страна на Министерството надлежно за социјалната политика (Правилник за содржина и форма на Регистар за примени известувања за деца во ризик до 14 години, Стандардите за уредување на посебните простории и Правилник за содржина и форма на Регистар за примена на мерки на помош и заштита).

***Мерка 5.1.5***

**Донесување нов Закон за управување со конфискуван имот , приноси од казниво дело и предмети одземени во кривична и прекршочна постапка**

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Донесен нов Закон за управување со конфискуван имот, приноси од казниво дело и предмети одземени во кривична и прекршочна постапка | / | Донесен нов Закон за управување со конфискуван имот | Донесен нов Закон за управување со конфискуван имот |
| Донесени неопходни подзакоконски акти за примена на Законот | 0 | 0 | 11 |

**Оцена за спроведување на мерката:**

Мерката е целосно реализирана. Новиот Закон за управување со конфискуван имот, приноси од казниво дело и предмети одземени во кривична и прекршочна постапка е донесен во

[64] Службен весник бр. 159.2025.

| |
|---|
| претходниот извештаен период, со што е исполнет основниот резултат на мерката. Во 2025 година дополнително се донесени 11 подзаконски акти со кои се уредуваат клучни аспекти на управувањето, евиденцијата, користењето, отстапувањето и уништувањето на одземениот и конфискуваниот имот, што овозможува оперативна примена на законската рамка. Со тоа во голема мера се заокружува нормативниот систем за спроведување на законот. |

**5.1.5-1 Донесување на законот од Собранието на РСМ (Рок II квартал 2024 - III квартал 2024 - Статус: Спроведено во претходен извештаен период**

**5.1.5-2 Донесување на неопходни подзаконски акти (Рок: III квартал 2025 - IV квартал 2025) Статус: Спроведено**

Во 2025 беа донесени 11 основни подзаконски акти кои се уредија прашања неопходни за примена на овој закон и тоа Правилник за начинот на користење на средствата добиени од продажба и закуп на одземен и конфискуван имот – општи одредби, Правилник за постапување со одземен имот, Правилник за постапување со одземен имот што се состои од живи животни, Правилник за начинот на отстапување на конфискуван имот за социјална употреба, Правилник за начинот на отстапување на привремено одземен имот на државни органи, здруженија и фондации, Правилник за работата на Комисијата за уништување на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори, Правилник за работата на Комисијата за уништување на одземено оружје, делови и компоненти на оружјето, муниција и експлозивен материјал, Правилник за формата и содржината на образецот на службената легитимација, начинот на нејзиното издавање и одземање на вработените во Агенцијата за управување со одземен имот, Правилник со критериуми за отстапување на одземени предмети – возила со кои управува Агенцијата за управување со одземен имот, Правилник за начинот на водење евиденција на податоци за одземен имот, конфискуван имот и одземени предмети во Агенцијата за управување со одземен имот и Правилник за уништување на електронски отпад одземен во корист на државата во Агенцијата за управување со одземен имот.

### *Мерка 5.1.6*

***Регулирање на меѓународната соработка во кривичната материја со земјите-членки на ЕУ, во согласност со acquis communitaire на ЕУ***

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Донесен Закон за меѓународната соработка во кривичната материја со земјите-членки на ЕУ | / | 0 | 0 |
| Донесени неопходни подзакоконски акти за примена на Законот | 0 | 0 | 0 |
| **Оцена за спроведување на мерката:**<br>Заради потребата од донесување на нов Закон за кривичната постапка и Закон за меѓународна соработка во кривичната материја, изработката на овој посебен закон кој ќе ја уреди соработката со државите членки на ЕУ ќе биде поместена по донесувањето на основниот закон. | | | |

**5.1.6-1 Изготвување на предлог текст од работна група Рок: (Рок: III квартал 2024 - IV квартал 2024) Статус: Не е спроведена**

**5.1.6-2 Усвојување на нов предлог закон од Владата на РСМ (Рок: I квартал 2025 - I квартал 2025) Статус: Не е спроведена**

**5.1.6-3 Донесување на законот од Собранието на РСМ (Рок: II квартал 2025 - II квартал 2025) Статус: Не е спроведена**

**5.1.6-4 Донесување на неопходни подзаконски акти (Рок: III квартал 2025 - IV квартал 2025) Статус: Не е спроведена**

## Посебна цел 5.2: Кодифицирање на материјалното граѓанско право и воспоставување услови за спроведување на процесното право

| Показател на ниво на исход | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| *Меѓународен индекс на владеење на правото во однос на граѓанската правда (World Justice Project - Rule of Law Index)* | 0.52 (2023)[65] | 0.51 (2024)[66] | 0,51[67] |
| **Оцена на остварување на посебна цел:** Остварувањето на посебната цел е ограничено, при што клучните реформски процеси бележат значително доцнење. Индексот на владеење на правото во делот на граѓанската правда останува речиси непроменет (0.51 во 2024 и 2025), што укажува на стагнација во овој сегмент. Иако кај мерката за воспоставување на институционалната рамка за примена на Законот за вештачење е постигнат значителен напредок, клучните системски процеси, донесувањето на Граѓанскиот законик и новиот Закон за парнична постапка доцнат. Подготовката на Граѓанскиот законик е сè уште во фаза на изработка на нацрт-решенија без спроведени јавни расправи. | | | |

*Мерка 5.2.1*

**Кодификување на граѓанското законодавство во еден сеопфатен Граѓански законик**

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Донесен Граѓански законик од Собрание на РСМ | / | 0 | 0 |
| Број на одржани јавни расправи и број на учесници на јавните расправи | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии, адвокати, нотари и извршители кои посетувале обука за новиот Граѓански Законик | 0 | 0 | 0 |
| **Оцена за спроведување на мерката:** Мерката е во рана фаза на спроведување. Работната група во текот на 2025 година работела на подготовка на нацрт-верзиите на законските решенија кои треба да го сочинуваат идниот Граѓански законик, при што се изготвува финална нацрт верзија на поединечните делови. Сепак, предвидените јавни расправи не се одржани, ниту се спроведени следните чекори поврзани со интегрирање на коментарите. Поради тоа, и покрај одреден напредок во подготовката на текстот, клучните активности за поширока консултација и институционално усвојување сè уште не се реализирани. | | | |

**5.2.1-1 Подготвување на Нацрт верзија на Граѓанскиот законик составен од 5 дела: Општ дел, Стварно право, Облигационо право, Семејно право, Наследно право од страна на работна група" (Рок: I квартал 2024 - IV квартал 2024) Статус: Во тек**

---

[65] Извор: World Justice Project – Rule of Law Index 2023.
[66] Извор: World Justice Project – Rule of Law Index 2024.
[67] Извор: World Justice Project – Rule of Law Index 2025.

Во 2025 формираната работна група работеше на предлог законите. Се изготвува крајна нацрт верзија на законите.

**5.2.1-2 Одржување на јавна расправа по секој одделен дел од Граѓанскиот законик (Рок: I квартал 2025 - II квартал 2025) Статус: Не е спроведено**

Се прави конструкција на планот за одржување на јавните расправи за секој дел одделно. Планирани се да се одржат 4 јавни расправи и една завршна. Одржување на јавни расправи за секој дел од граѓанскиот законик со вклучување на стручната и академската заедница, како и засегнатите страни со цел идентификација на правните и практични предизвици и унапредување на квалитетот на законикот

**5.2.1-3 Вградување на мислењата од јавната расправа (Рок: III квартал 2025 - IV квартал 2025) Статус: Не е спроведено**

**5.2.1-4 Усвојување на предлог закон од страна на Владата на РСМ (Рок: IV квартал 2025 - I квартал 2026) Статус: Не е спроведено**

***Мерка 5.2.2***

***Воспоставување на неопходните услови за примена на новиот Закон за парнична постапка***

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 |
|---|---|---|
| Донесен нов Закон за парничната постапка | / | 0 |
| Број на судии, адвокати, нотари, извршители, претставници на државното правобранителство кои посетувале обука за новиот ЗПП | 0 | 0 |
| **Оцена на спроведување на мерката:** Во текот на 2025 предлог Законот за парнична постапка беше доставен до Владата на РСМ на понатамошно постапување и утврдување на предлог текст на закон кој ќе биде доставен до Собранието на донесување. | | |

**5.2.2-1 Донесување на доставениот предлог закон (Рок: I квартал 2024 - III квартал 2024) - Статус: Во тек**

Во текот на 2025 предлог Законот за парнична постапка беше доставен до Владата на РСМ на понатамошно постапување и утврдување на предлог текст на закон кој ќе биде доставен до Собранието на донесување.

***5.2.2-2 Организација на обуки за примена со новите законски решенија (Рок III квартал 2024 - IV квартал 2025)*** **- Статус: Не е спроведено**

***Мерка 5.2.3***

Донесување на сите клучни подзаконски акти и воспоставување на институционалната структура за примена на Законот за вештачење од 2023

| Показател на ниво на резултат | Основна вредност | Вредност во 2024 | Вредност во 2025 |
|---|---|---|---|
| Донесени подзадконски акти | / | 1 | 9 |
| Донесени акти на Комората | 0 | 4 | 34 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| % од вештаци од вкупниот број кои ги посетиле обуките | 0 | 0 | 54.17% |
| **Оцена на спроведување на мерка:**<br>Мерката е во голема мера спроведена, при што е воспоставена основната нормативна и институционална рамка за примена на Законот за вештачење од 2023 година. Во текот на 2025 година се донесени поголемиот дел од предвидените подзаконски акти од страна на Министерството за правда, а Комората на вештаци ги има донесено сите акти предвидени со Законот, со што се заокружува институционалната структура потребна за негово функционирање. Паралелно се спроведуваат и обуки за вештаците и кандидатите за стекнување лиценца, при што повеќе од половина од вкупниот број вештаци ги посетиле обуките. Овие активности претставуваат значаен чекор кон практична и конзистентна примена на новата законска рамка. | | | |

**5.2.3-1 Донесување на подзаконските акти предвидени со Законот за вештачење (I квартал 2024 - III квартал 2024) - Статус: Спроведено**

Во 2025 Министерството за правда донесе осум подзаконски акти за спроведување на Законот за вештачење (Правилник за формата и содржината на образецот на лиценцата за вештачење и начинот на нејзиното издавање, правилник за изменување на Правилникот за формата и содржината на образецот на лиценцата за вештачење и начинот на нејзиното издавање, Правилник за формата, содржината и начинот на доставување на барање за полагање на испит за вештак, Правилник за формата и начинот на водење на регистарот на вештаци и регистарот на правни лица што вршат вештачење, Правилник за изменување и дополнување на правилникот за формата и начинот на водење на регистарот на вештаци и регистарот на правни лица што вршат вештачење, Правилник за формата и содржината на уверението за положен испит за вештак, Правилник за формата, содржината и начинот на водење евиденција за извршените вештачења, односно супервештачења)

**5.2.3-2 Донесување на актите на Комората предвидени во Законот (I квартал 2024 - III квартал 2024) - Статус: Спроведено**

Во 2025 Комората за вештаци во 2025 ги донесе сите потребни акти кои се предвидени во Законот за вештачење, а кои се неопходни за негово спроведување. Вкупно беа донесени 34 акти.

**5.2.3-3 Спроведување на обуки за вештаците за примена на Законот за вештачење (Рок III квартал 2024- IV квартал 2025) -** Статус: Во тек

Во текот на 2025 година, Комората на вештаци спроведе вкупно три обуки наменети за вештаци и кандидати за стекнување лиценца за вештачење. Две од нив беа почетни обуки во траење од по 60 часа. Првата се одржа на 29 и 30 март со физичко присуство во хотел „Лимак“, додека продолжението на обуката се реализираше онлајн на 4, 5 и 6 април, организирано по професионални области. Втората почетна обука се одржа на 4 и 5 октомври со физичко присуство во хотел „Континентал“ во Скопје, со онлајн сесии на 17, 18 и 19 октомври по поединечни области. Во рамките на овие обуки, мартовската почетна обука ја посетиле вкупно 326 кандидати за стекнување трајна лиценца за вештачење, додека октомвриската обука ја посетиле 176 кандидати. Покрај тоа, на 22 и 23 ноември во хотел „Континентал“ беше организирана и континуирана обука за вештаци со важечка лиценца, посветена на најновите предлог-измени на правната регулатива за вештачење.

# Спроведување и следење на активностите

Во рамки на овој дел од Стратегијата се предвидени низа од мерки и активности насочени кон зајакнување на системот за следење и спроведување на активностите. Нивното спроведување е суштествено за зајакнување на координацијата и комуникацијата помеѓу мноштвото субјекти кои се определени со Акцискиот план да ги спроведат планираните активности.

**Мерка: 6.1.1 Кадровско и институционално зајакнување на капацитетите на Одделението / Секторот во МП за правосудство за собирање информации и известување**

Со поддршка од проектот Поддршка од ЕУ за владеење на правото беше изработено предлог упатство за спроведување и известување како и методологија за следење со листа на индикатори кои треба да бидат усвоени. Одделението за организација на правосудните органи и следење на реформата во правосудниот сектор располага со три вработени лица што е половина од систематизираните шест работни места. Податоци за статусот со спроведување во текот на 2025 беа прибирани на полугодишно ниво со користење на електронска алатка.

**Мерка: 6.1.2 Формирање на работно тело на оперативно ниво за координација на спроведувањето на Стратегијата при Министерството за правда составено претставниците на сите институции од областа на правосудството**

Согласно Акцискиот план беше планирано формирање на работно тело на оперативно ниво координација на спроведувањето на Стратегијата. Во работното тело требаше да бидат вклучени сите правосудни институции кои се одговорни за спроведување на поединечните активности од Стратегијата. Сепак, ова тело не беше формирано. Наместо тоа во рамки на Министерство за правда се составуваше работна група составена од вработени во Министерството, од различни сектори со цел подобрување на внатрешната координација поврзана со Стратегијата.

**Мерка: 6.1.3 Следење на спроведувањето на Стратегијата од страна на Советот за следење на реформите во правосудството при Владата на РСМ координиран од Министерот за правда**

Во јуни 2025, со одлука, Владата формираше Совет за следење на реформите во правосудството (во понатамошниот текст Советот).[68] Советот се формираше како тело на Владата заради заради следење на имплементацијата, реализацијата, текот и прогресот на мерките и активностите кои произлегуваат од Развојната секторска стратегијата за правосудство (2024 – 2028), следење на реализацијата на нејзиниот Акцискиот план 2024-2028 и спроведувањето на мерките од Реформската агенда (2024-2027) во делот 5 Фундаментални вредности и Владеење на правото. Советот покрај конститутивната одржа уште една седница на 22.10.2025.

**Мерка: 6.1.4 Прибирање на податоци за следење на реализацијата на резултатите и целите на Стратегијата**

При изработката на методологијата беше изработена основна студија со која беше утврдена почетната вредност на показателите кои ќе се користат за следење на напредокот. Испитување на јавното мислење и организирање на фокус групи не беа спроведени.

[68] Службен весник на РСМ, бр. 118 од 12.6.2025 година

# III. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ВО ОДНОС НА ПОЕДИНЕЧНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ

## Приоритетна област 1: Судство и јавно обвинителство во согласност со стандардите на ЕУ

- Реализацијата на ***мерка 1.1.3*** *(изземање на судските и јавно обвинителските службеници од статусот на административни службеници)* Донесувањето на Законот за административните службеници и Законот за вработените во јавниот сектор во јули 2025 значително го ограничи просторот за нивно посебно уредување, вклучително и преку новите обврски за согласност од Министерството за јавна администрација и примената на општите правила. Во таа насока, се препорачува да се преиспита законската рамка.
- Во однос на ***мерката 1.2.3*** се препорачува интензивирање на напорите за координација и соработка со други надлежни органи/државни институции во РСМ за обезбедување на потребните просторни капацитети и стандарди за вршење на основната функција на АСЈО. Решавањето на проблемот со просторот значително ќе ги зајакне капацитетите на АСЈО особено во однос на организирањето почетна обука.
- Се препорачува заради реализација на ***мерката 1.4.5*** *(Континуирана примена на матрицата за следење на перформансите во судството и јавното обвинителство и мерења во судовите и јавните обвинителства на секои 2 години)* воспоставување комуникација со меѓународните организации или со локални граѓански организации. Методологијата е разработена, останува само нејзино спроведување кое може да даде мошне квалитетни податоци за понатамошно унапредување на политиките во областа на правосудството.
- За реализација на оваа ***мерката 1.6.1*** *(Регулирање на софтверското решение за управување со движење на предметите во судовите со цел да се овозможи следење на судиските дејствија и продуктивноста, да се зајакне прилагодливоста за користење, да се воспостават лесно пребарливи бази со податоци со судски одлуки за да се зајакне воедначеноста на судската пракса да може да се користи за оценка на работата на судиите како и за воспоставување ефективен систем за двонасочна размена на документи)* неопходно е воспоставување јасен стратешки пристап, кој ќе обезбеди координирано планирање, стабилни финансиски ресурси и фазна имплементација. Притоа, клучно е да се зајакне соработката помеѓу сите релевантни чинители: Врховниот суд, Министерството за правда, Советот за ИКТ во правосудството и другите надлежни институции со цел да се обезбеди усогласен и одржлив развој на системот. Имајќи ја предвид комплексноста на мерката и нејзиното значење за ефикасноста и транспарентноста на судството, особено е важно процесот на нејзино спроведување да се започне што е можно поскоро.
- Заради спроведување на ***мерката 1.7.2*** (Унапредување на институционалната рамка за управување со системот на бесплатна правна помош) неопходно е донесување на одлука дали на долг рок државата ќе оди кон централизирање на системот на бесплатна правна помош при што управувањето со системот и

одлучувањето по барањата во сите правни области (кривична, граѓанска и управна) ќе ги врши едно тел или не.

- Неопходна е доследна примена на членот 11 од Законот за бесплатна правна помош кој е неопходен за реализација на ***мерка 1.7.6****.* Согласно овој член, е и предвидена активноста во оваа мерка која вклучува редовно објавување јавен повик за поддршка на здруженија и правни клиники и следење на обезбедените средства.

## Приоритетна област 2: Зајакнување на капацитетите, ефикасноста и ефективноста на правосудните институции

- Се препорачува да се преиспита оправданоста и изводливоста на ***мерката 2.2.4*** која се однесува на обезбедување на посебни простории за канцелариите на јавните обвинителства кои моментално се наоѓаат во судските згради. Ова прашање се наметнува имајќи ги во предвид ограничените ресурси со кои се соочува јавното обвинителство како и недостапноста на соодветни простории во државна сопственост.
- Во однос на ***мерката 2.3.1,*** во делот *усвојување измени во законската рамка во делот на предлагање и усвојување на Правилникот за оценување на јавните обвинители со кој правилникот да го донесува Советот на ЈО на предлог на Јавниот обвинител на РСМ во делот на предлогот за упатување треба да биде даден од Јавниот обвинител до Советот на ЈО, кој ја носи конечната одлука* се забележува дека во предлогот за Закон за јавно обвинителство кој е доставен до Собранието на РСМ правилникот за оценување на јавните обвинители останува да го носи Јавниот обвинител на РСМ кој исто така го задржува правото времено да упатува јавни обвинители од едно во друго јавно обвинителство. Неопходно е да се донесе одлука дали мерката е сè уште релевантна и потребна.
- Заради реализација на **мерката 2.5.2** *Интегрирање на управното судство во редовното судство и редефинирање на управниот спор и усогласување на Законот за управните спорови со измените што треба да се воведат врз основа на Извештаите на СИГМА* неопходно е донесување на одлука за отпочнување на процес и идентификување и разработка на целите кои треба да се остварат со оваа измена.

## Приоритетна област 3: Самостојни правни професии и јавни служби

- Во однос на извршувањето и нотаријатот ***(Посебни цели 3.2 и 3.4)*** речиси сите планирани мерки се поврзани со или побаруваат соодветни законски измени во матичните закони. Поради тоа се препорачува при отворањето и разгледувањето на овие закони, да се земат во предвид планираните мерки со цел да се воспостави правен основ за нивно остварување.
- Реформските процеси во областа на медијацијата ***(Посебна цел 3.4)*** се практично целосно замрени, со оглед на тоа што клучните мерки не се започнати или не се реализирани, а дел од индикаторите бележат и назадување (намалување на бројот на медијатори и отсуство на податоци за резултатите). Ова создава сериозен ризик досегашните вложувања и напори во развојот на системот на медијација да останат без одржлив ефект. Стратегијата веќе

обезбедува солидна правна и стратешка рамка која може да послужи како основа за ваква одлука. Во таа насока, потребно е во координација со Националниот совет за медијација и Комората на медијатори итно да се рестартираат процесите, со фокус на активирање на клучните мерки, обезбедување институционална и финансиска поддршка, како и воспоставување на функционален систем за следење на резултатите.

### Приоритетна област 4: Уставен суд на РСМ

- Врз основа на изработените анализи и спроведените стручни расправи се препорачува да се донесе одлука во однос на уставната можност за донесување на законско решение со кое ќе се уреди работата на Уставниот суд на РСМ како и во однос на воведувањето на посебен инструмент „уставна тужба“ ***(Мерка 4.1.1)***. Еден од модалитетите преку кои може да се донесе информирана и уставно издржана одлука е преку основање на Комисија составена од експерти по уставно право и судии на Уставен суд. На овој начин може да се реализира целосно оваа мерка.

### Приоритетна област 5: Реформи во посебни правни области (кривична и граѓанска)

- Регулирање на меѓународната соработка во кривичната материја со земјите-членки на ЕУ, во согласност со acquis communitaire на ЕУ со посебен закон ***(Мерка 5.1.6)*** е условено со претходно донесување на Законот за кривичната постапка ***(Мерка 5.1.2)***. Имајќи во предвид дека се работи за сложен закон кој се донесува со квалификувано мнозинство (ЗКП) се препорачува на оваа мерка да се работи во текот на 2028 година.
- Неопходно е ревидирање на оправданоста од планираните активности во рамки на ***Мерка 5.2.4***. Не се работи за закони кои се однесуваат на правосудството (Изборниот законик и Законот за финансирање на политичките партии), а законот со кој се уредува соодветната правичната застапеност не е воопшто во надлежност на Министерството за правда.

### Спроведување и следење на активностите

- Имајќи во предвид дека системот за рапортирање е воспоставен се препорачува изработка на квартални прегледи со статусот на спроведувањето на одделните активности ***(Мерка 6.1.3)*** неопходни ради рано идентификување на одделни предизвици кои може да се јават по кои Советот за следење на реформите може да расправа и да донесе заклучоци)
- Заради подобрување на координацијата и комуникацијата помеѓу клучните органи и институции вклучени во Спроведувањето на Стратегијата се препорачува Министерството за правда да го формира Работната група за координација на спроведување на Стратегијата ***(Мерка 6.1.2)***. Во Работната група треба да учествуваат претставници на сите правосудни органи и други субјекти кому со Акцискиот план им е доверено спроведување на одделни активности. Работната група би го координирала спроведувањето на различните мерки и активности кои се меѓусебно поврзани и меѓузависни, би ги идентификува потенцијални надворешни фактори и ризици кои можат да го

попречат спроведувањето на Стратегијата и би се грижела за задржување на динамиката при спроведувањето на Стратегијата.

- По усвојувањето на Деловникот за работа и Методологијата за следење, се препорачува организирање на редовни седници на Советот за следење на реформите во правосудството на квартално ниво ***(Мерка 6.1.3).***
- Во соработка со меѓународните партнери и проектите од меѓународната помош се препорачува спроведување на редовни истражувања на јавното мислење во однос на правосудството вклучувајќи и оцена на довербата на граѓаните како и насочени истражувања со посебните професии заради следење на нивните перцепции кои се неопходни за мерење на влијанието од спроведените мерки ***(Мерка 6.1.4).***

### Унапредување на управувањето со ризиците во судовите и јавните обвинителства

- Активностите предвидени под мерката ***Зајакнување на механизмите за организирање и спроведување на процесот за управување со ризици од корупција во судовите и јавните обвинителства*** се од хоризонтална природа меѓутоа отсуствува определување на јасен водечки орган кој ќе го координира процесот и кој ќе ги прибира податоците од сите одделни судови и јавни обвинителства. Отсуството на орган кој координира го оневозможува известувањето во однос на оваа општа цел. Дополнително се препорачува проверка да не постои преклопување на одредени активности со во моментот во изработка Национална стратегија за спречување корупција и судир на интереси. Секоја од планираните активности треба да се издвои во посебен ред, да се предвиди јасно кој субјект е одговорен за спроведување и да се предвиди реалистична временска рамка.

# IV. ПРЕДИЗВИЦИ И РИЗИЦИ ВО ТЕКОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА АКЦИСКИОТ ПЛАН

При спроведувањето на активностите од Стратегијата во 2025 беа идентификувани одредени предизвици и потенцијални ризици кои го отежнаа или на друг начин влијаеа негативно врз остварување на очекуваните резултати. Со цел превенирање на последиците од овие ризици неопходно е да бидат адресирирани од страна на одговорните институции. Клучните предизвици и ризици со предлози за нивно надминување се дадени подолу.

1. **Недоволна меѓуинституционална координација и соработка при спроведувањето на целите и мерките од Стратегијата**

Овој предизвик беше забележан во неколку наврти. Иако Стратегијата како документ кој е усвоен од Владата предвидува мерки за зајакнување на финансиската независност на судската власт и Јавното обвинителство, сепак при планирањето на буџетот за 2025 не беа земени целосно во предвид барањата на судската власт и Јавното обвинителство за средства кои се неопходни за остварување на мерките предвидени во оваа Стратегија. Неопходно е при креирањето на политиките кои имаат влијание врз правосудните институции да се земе во предвид Стратегијата како основен,

Финансирано од Европска Унија

референтен документ, кој го одредува патот за реформи во овој сектор. Заобиколувањето на Стратегијата, ќе има негативно влијание врз Судската власт севкупно.

2. **Недоволно финансирање на правосудните институции**

Спроведувањето на реформските мерки бара соодветно финансирање. Воспоставувањето на ИТ алатки во работата повлекува значителен трошок во првите години, меѓутоа на долг рок, преку зајакнување на ефикасноста, ќе ги намали трошоците за функционирање. Судската власт и институциите кои функционираат во рамки на неа како и Јавното обвинителство, иако имаат загарантиран буџетски минимум на средства, утврдени со закон, сепак и во текот на 2025 не и беа одобрени неопходните ресурси. Особено загрижувачка е состојбата со судската и јавно обвинителската служба како и со некои судови и јавни обвинителства кои имаат сериозен недостиг од човечки ресурси. Неспорно е дека финансиските можности се ограничени, меѓутоа неопходно е обезбедување на средства, особено во однос на капитални инвестиции кои се поврзани со процесот на дигитализација.

3. **Недостаток на стручен кадар за спроведување на реформата**

Дел од правосудните органи се соочуваат со недостиг на стручен кадар како и со потреба од стручно оспособување на постојниот кадар за реализација на утврдените стратешки цели. Особено е важно непречено и интензивно развивање на знаењата и вештините кај сите службеници за спроведување на процесот на дигитализација. Неопходно е да се изработи план со утврдување на приоритетни вработувања кои се неопходни во правосудните институции и негово доследно спроведување.

4. **Недоволна координација помеѓу правосудните институции во однос на спроведувањето на активностите од Стратегијата и навремено известување**

Невоспоставувањето на работно тело за координацијата на имплементацијата на начин на кој беше планирано во Стратегијата во кое би биле вклучени сите правосудни институции го отежна процесот на следење на спроведувањето и особено информирање за статусот на активностите и показателите. Дополнително, отсуството на вакво тело го зајакнува впечатокот дека се работи за документ од извршната власт, а не за документ кој им припаѓа и на правосудните институции. Концептот и рамката за работа на вакво тело е веќе разработена и се што останува е само да се примени. Неопходно е воспоставување на ова тело на работно ниво во првата половина од 2025.

5. **Недоволна комуникација со јавноста за Стратегијата**

Постои недоволна информираност во јавноста во однос на постоењето на Стратегијата, нејзините клучни цели и мерки што влијае негативно врз перцепциите на јавноста дека не се презема ништо за да се адресираат проблемите кои неспорно постојат во овој сектор. Неопходна е разработка на план за комуникација за Стратегијата и информирање на медиумите и јавноста за остварените активности. Со исклучок на средбата на секторската работна група за правда на 13.12.2024, други активности за информирање на јавноста и чинителите не беа спроведени.

6. **Неусогласеност со рокови во други стратешки документи**

Спроведувањето на активностите од оваа Стратегија треба да биде во синергија со спроведувањето на активности од други стратешки документи. Еден од примерите претходно спомнат е реформата на јавната администрација во однос на судските и ЈО службеници. Друг значаен пример е Реформската агенда (2024 – 2027) која за дел од

исти активности предвидува различни рокови. За да се адресира оваа дискрепанца неопходно е да се усогласат различните рокови.

### 7. Недоволно спроведувања на анкетни истражување

Спроведувањето на методолошки издржани анкетни истражувања на општата јавност, странките во судските постапки како и судиите и јавни обвинители може да обезбеди значителен увид во перцепциите и ставовите и да го олесни процесот на следење на Стратегијата. Министерството за правда може да преземе поактивна улога во комуникација со истражувачки институти и тинк-тенкови со цел да се планираат истражувата од овој вид.

# V. ЛИСТА НА МЕРКИ ЧИЕ СПРОВЕДУВАЊЕ ЗАОСТАНУВА

Кај следниве мерки се забележува значително отстапување помеѓу планираното и реализираното или се променети околностите во кои се планирани. Неопходно е да се предвидат активности за нивна реализација.

- Мерка 1.1.3 Изземање на судските и јавно обвинителските службеници од статусот на административни службеници
- Мерка 1.2.3 Кадровско зајакнување и техничко опремување на Академијата за судии и јавни обвинители и обезбедување соодветни простории
- Мерка 1.4.4 Усвојување на нова методологија за судска статистика според стандардите на CEPEJ, унапредување на системот на судска статистика и воспоставување униформни извештаи за работата на судовите според индикаторите утврдени во EU Justice Scoreboard
- Мерка 1.4.5 Континуирана примена на матрицата за следење на перформансите во судството и јавното обвинителство и мерења во судовите и јавните обвинителства на секои 2 години
- Мерка 1.6.1 Регулирање на софтверското решение за управување со движење на предметите во судовите  со цел да се овозможи следење на судиските дејствија и продуктивноста, да се зајакне прилагодливоста за користење, да се воспостават лесно пребарливи бази со податоци со судски одлуки за да се зајакне воедначеноста на судската пракса да може да се користи за оценка на работата на судиите како и за воспоставување ефективен систем за двонасочна размена на документи (е-достава)
- Мерка 1.6.7 Донесување на ИКТ стратегија за правосудниот систем 2024 -2028
- Мерка 1.7.1 Реформа на законодавството кое ја уредува бесплатната правна помош со цел: 1. Усогласување со стандардите за пристап правна помош на Советот на Европа, 2. Усогласување со Директивата на ЕУ за правата на жртвите 2012/29/EU, 3. Уредување на постапка за пристап до вештак за корисници на БПП, 4. Вклучување на постапки пред нотар, извршител и медијатор како постапки за кои може да се одобри бесплатна правна помош и 5. Воспоставување правен основ за работа на националното координативно тело за БПП
- Мерка 2.5.2 Интегрирање на управното судство во редовното судство и редефинирање на управниот спор и усогласување на Законот за управните спорови со измените што треба да се воведат врз основа на Извештаите на СИГМА
- Мерка 2.5.3 - Донесување на годишни извештаи со статус на извршување на одлуки на Управниот суд и Вишиот управен суд
- Мерка: 3.4.1 Ратификација на Сингапурската конвенција за медијација
- Мерка: 3.4.2 Воспоставување систем за зајакнување на вештините и професионалните капацитети на медијаторите и обезбедување простории за работа на Комората на медијатори

- Мерка: 3.4.3 Воведување задолжителен обид за медијација во поединечни постапки врз основа на анализа
- Мерка: 3.4.4 Изработка на програма, за развој на медијацијата согласно одредбите од Законот за медијација
- Мерка 5.1.1 - Кодификација на казнените одредби во Кривичниот законик и негово усогласување со европските и меѓународните стандарди
- Мерка 5.1.2 Донесување на нов Закон за кривична постапка со цел усогласување со релевантните директиви на ЕУ и надминување на проблеми кои се појавија во практиката
- Мерка 5.1.6 Регулирање на меѓународната соработка во кривичната материја со земјите-членки на ЕУ, во согласност со acquis communitaire на ЕУ